Funded by the European Union

SEESAC

RegionalCooperationCouncil

# РАЗБИРАЊЕ НА ФАКТОРИТЕ КОИ ЈА ПОТТИКНУВААТ ПОБАРУВАЧКАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН – **НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**



# РАЗБИРАЊЕ НА ФАКТОРИТЕ КОИ ЈА ПОТТИКНУВААТ ПОБАРУВАЧКАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН – **НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

# Содржина

**Клучни причини: процена на побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан** **10**

Извршно резиме **11**

Вовед **15**

**Дел 1. Методологија** **17**

**Дел 2. Теорија за побарувачката за огнено оружје** **22**

**Дел 3. Анализа на литературата во врска со побарувачката за огнено оружје** **26**

Издвоени фактори на ризик **28**

Преглед на факторите на заштита **34**

**Дел 4. Чувство на небезбедност и мислења за поседувањето огнено оружје на жителите** **38**

**Дел 5. Мислења на експерти за побарувачката за огнено оружје** **69**

Културна и симболична приврзаност за огненото оружје **71**

Тековни дебати за рестриктивни закони за огнено оружје **72**

Безбедност, статус и симболика како мотивации **74**

Директна изложеност и историско наследство **75**

Забуни поврзани со легалниот пристап до огнено оружје **77**

Мислење дека лесно се набавува нелегално огнено оружје **79**

Нормализирање на огненото оружје кај младите и генерациски промени **81**

Медиумски наративи што се под влијание на конфликти **83**

Стратегии на јурисдикциите и реалноста за нивното спроведување **84**

**Дел 6. Влијанието на законите за огнено оружје врз побарувачката за огнено оружје** 87

**Дел 7. Побарувачка за огнено оружје во дигиталната сфера** 91

**Дел 8. Наоди и препораки** 95

Клучни наоди 97

Стратешки препораки 103

**Анекс 1. Преглед на избраните хипотези за побарувачката за огнено оружје** 110

**Анекс 2. Објаснување на двигателите на издвоените фактори што влијаат врз побарувачката и фактори на заштита** 113

**Анекс 3. Статистичка анализа на предвидувачките и дискриминантните променливи** 116

**Издвоени референтни материјали** 117

# Содржина за слики


| | |
|---|---|
| **Слика 1.** | Теорија за побарувачката за огнено оружје |
| **Слика 2.** | Конципирање на факторите на ризик и факторите на заштита |
| **Слика 3.** | Повторливи ризици и фактори на заштита што беа идентификувани во литературата од Западен Балкан* |
| **Слика 4.** | Колку е безбеден или опасен Западен Балкан? |
| **Слика 5.** | Ставови за безбедноста: колку се безбедни следниве ситуации според категоријата? |
| **Слика 6.** | Колку често сметате дека жителите на местото каде што живеете се соочуваат со следниве видови на насилство? |
| **Слика 7.** | Мислење за безбедноста: кој е најефикасниот начин за подобрување на безбедноста? |
| **Слика 8.** | Како се чувствувате во врска со чувањето огнено оружје во домот? |
| **Слика 9.** | Влијанието на чувањето огнено оружје во домот врз чувството на безбедност во седум секојдневни ситуации - Дали чувањето огнено оружје во домот би направило да се чувствувате...? |
| **Слика 10.** | Каде би го поставиле своето мислење на скала од 1 до 10, при што 1 е ставот „Кога сите би имале пристап до огнено оружје, би имало помалку криминал“, а 10 е ставот „Кога сите би имале пристап до огнено оружје, би имало повисока стапка на криминал“? |
| **Слика 11.** | Со исклучок на лицата кои поради занимањето поседуваат и носат огнено оружје (полиција, војска, лично обезбедување), која мислите дека е главната мотивација за поседување огнено оружје? |
| **Слика 12.** | До која мера е прифатлива употребата на огнено оружје во секој од долунаведените случаи? |

| | |
|---|---|
| **Слика 13.** | Колкав процент од жителите на јурисдикцијата каде живеете поседуваат огнено оружје (легално или нелегално) |
| **Слика 14.** | Со исклучок на лицата кои поседуваат, носат или користат огнено оружје по службена должност (полиција, војска, приватно обезбедување), дали лично познавате некое лице што поседува или користи огнено оружје? |
| **Слика 15a.** | Лични искуства со барем една ситуација што вклучува огнено оружје: дали нешто од долунаведеното е применливо за вас? |
| **Слика 15b.** | Лични искуства со барем една ситуација што вклучува огнено оружје: дали нешто од долунаведеното е применливо за вас? |
| **Слика 16.** | Процент на жители кои имаат искуство со барем едно од десетте сценарија што вклучуваат употреба на огнено оружје |
| **Слика 17.** | Кој го изврши најнеодамнешното насилство со огнено оружје? |
| **Слика 18.** | Дали би поседувале огнено оружје? |
| **Слика 19.** | Како би изреагирале ако некој од семејството или близок пријател ви каже дека размислува за тоа да набави огнено оружје? |
| **Слика 20.** | Која е главната причина поради која поседувате или сакате да поседувате огнено оружје? |
| **Слика 21.** | Која е главната причина поради која поседувате или сакате да поседувате огнено оружје, по јурисдикција? |
| **Слика 22.** | Како би ја оцениле постапката за легална набавка на огнено оружје во вашата јурисдикција? |
| **Слика 23.** | Според вас, до која мера е достапно нелегалното огнено оружје во вашата јурисдикција? |

Центарот за контрола на малото и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (SEESAC) е заедничка иницијатива на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Советот за регионална соработка (RCC), финансиран од Европската Унија, за зајакнување на националните и регионалните капацитети за контрола и намалување на ширењето и злоупотребата на малото и лесно оружје, што придонесува за поголема стабилност, безбедност и развој во Југоисточна и Источна Европа.

Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка од Европската Унија, преку проектот Поддршка за зајакнување на борбата против нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан, финансиран преку Инструментот за претпристапна помош (IPA II).

**За дополнителни информации, контактирајте со:**
Раководителот на SEESAC
Булевар Зоран Ѓинѓиќ 64,
11000 Белград, Србија
Тел: +381 11 415 5300
Факс: +381 11 415 5359
www.seesac.org

**Издавач**:
Центар за контрола на малото и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (SEESAC)

**Одрекување од одговорност**
Ставовите во овој документ не ги одразуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија. Ознаките и материјалите користени во оваа публикација не претставуваат искази на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија во однос на: 1) правниот статус на која било јурисдикција, територија или област или на нејзините надлежни органи или вооружени групи; или 2) одредувањето на нејзините граници.

**Уредници**:
Алаин Лапон, Јулиана Бузи,
Драган Божаниќ, Татјана Вишацки

**Превод:**
BesTel Language Center

**Дизајн и технично уредување:**
КНАП

**Испечатил:**
Биграф Плус, Белград

**Тираж:**
25 копии

© SEESAC 2025 – Сите права се задржани

ISBN-978-86-7728-401-5

# Признанија

Изразуваме благодарност до главниот консултант на SEESAC, д-р Роберт Муга, кој спроведе експертска анализа и го изготви синтетизираниот извештај врз основа на податоците што ги обезбеди тимот од истражувачи на Ipsos од шесте јурисдикции во Западен Балкан.

За анализата и извештајот придонесоа корисните коментари на експертите од разни институции на Западен Балкан, до кои упатуваме голема благодарност, вклучувајќи ги и: контакт точките за огнено оружје, претставниците на министерствата за внатрешни работи и полициските служби; правните експерти и специјалисти од централните регистри за оружје и претставниците на јавните обвинителства. Исто така, за анализата придонесоа коментарите на раководителите на ловечките здруженија и друштвата за спортско стрелаштво, психолозите/социјалните работници/наставниците кои работат со млади лица, новинарите и продавачите на оружје.

Од голем придонес за анализата беа и забелешките и коментарите на членовите на тимот на SEESAC, поточно: Јелена Бујаковиќ, Мартин ван дер Меиј, Данијела Ѓуровиќ, Ива Савиќ, Виолета Гаши, Весна Ципруш, Един Серезлиќ, Андреја Марченко и Ана Завишиќ.

# КЛУЧНИ ПРИЧИНИ: ПРОЦЕНА НА ПОБАРУВАЧКАТА ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

# Извршно резиме

Побарувачката за огнено оружје од цивилни лица на Западен Балкан е поттикната од сложена меѓусебна поврзаност на небезбедност, културно наследство, недоверба во институциите и трајното наследство од конфликтите во минатото. Во овој извештај е дадена сеопфатна анализа заснована на податоци на факторите што влијаат врз поседувањето оружје во Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово[1] и Северна Македонија. Оваа студија е изготвена од страна на Центарот за контрола на малото и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (SEESAC). Студијата е наменета за креаторите на политики, органите за спроведување на законот, граѓанските организации и меѓународните партнери и дава увид во причините за набавка на огнено оружје и условите што придонесуваат за постојана или намалена побарувачка.

Темелите на студијата се поставени со нова теоретска рамка во којашто побарувачката за огнено оружје се замислува како концепт што зависи од три меѓусебно поврзани услови: преференции, цени и ресурси. Овие услови важат и за легалните и за нелегалните пазари и се под влијание на индивидуалните искуства (како што е историјата на виктимизација), факторите во домаќинството (вклучувајќи ја нестабилноста во семејството), динамиката на заедницата (вклучувајќи ги влијанијата од врсниците) и општествените фактори (како што се владеењето на правото, родовите норми и наследството од конфликти). Исто така, во рамката се прави разлика меѓу факторите на ризик (на пр. норми поврзани со машкоста, недоверба во органите за спроведување на законот, изложеност на насилство) и факторите на заштита (на пр. доверба во институциите, ефективни закони, норми против насилство), со што побарувачката за огнено оружје во регионот се разгледува од повеќе перспективи.

Во истражувањето се применува темелен пристап со мешани методи, вклучувајќи стратифицирана анкета за перцепциите на повеќе од 6200 испитаници од шест јурисдикции, 18 дискусии на фокус-групи (ДФГ), 6 „кризни групи“ за расправа меѓу жители за горливи релевантни прашања и повеќе од 40 стручни интервјуа со засегнати страни (или интервјуа со клучни информатори – ИКИ) како што се жители, сопственици на огнено оружје, продавачи на оружје чија дејност е легална, новинари, експерти за јавно здравје и државни службеници. Исто така, во студијата се разгледуваат над 30 национални закони за огнено оружје и четири Директиви на ЕУ за огнено оружје од 2008 година до 2021 година и е инкорпорирана анализа спроведена преку „социјално слушање“, односно следење на над 3 милиони коментари што го содржат зборот „огнено оружје“ на платформите на онлајн медиумите и социјалните

---

**1** Програмата за развој на Обединетите нации ги поима упатувањата на Косово во контекст на Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации (1999 година). За Европската Унија, ова упатување не ги доведува во прашање ставовите на другите јурисдикции и е во согласност со Резолуцијата 1244/99 на Советот за безбедност на Обединетите нации и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата во однос на прогласувањето независност на Косово.

мрежи. Овој трикратен методолошки пристап овозможува емпириското истражување да се спроведе темелно и да се земат предвид различните нијанси на контекстот.

Од разните наоди од анкетата за перцепции, ДФГ и ИКИ се истакнуваат неколку од нив:

• **Чувството на небезбедност ја поттикнува побарувачката за огнено оружје, но малкумина сметаат дека огненото оружје може да ги заштити:** Иако приближно една третина од испитаниците на Западен Балкан ја наведоа личната безбедност како главна причина за поседувањето огнено оружје, половина од нив не сметаат дека чувањето пиштол во домот прави да се чувствуваат побезбедно. Само едно лице од пет смета дека огненото оружје навистина би ја подобрило безбедноста на домаќинствата, што укажува дека иако чувството на небезбедност го поттикнува интересот за поседување оружје, малкумина имаат став дека огненото оружје е ефективно средство за заштита.

• **Демографските и родовите фактори имаат големо влијание врз побарувачката за огнено оружје:** Мажите традиционално се поголеми приврзаници за поседување и употреба на огнено оружје од жените. Над 50 проценти од машките испитаници тврдат дека ракувале со огнено оружје, во споредба со само 10 проценти од женските испитаници. **Помладите мажи со поголеми приходи** на возраст од 18 до 40 години покажуваат поголем интерес за поседување огнено оружје, во споредба со постарите или посиромашните испитаници, што посочува на можни промени во трендовите на побарувачката во иднина.

• **Општествените и културните норми и традиционалните практики ги оформуваат преференциите за набавка и поседување огнено оружје:** Факторите како што се ловење, рекреација и ритуали за време на прослави влијаат врз побарувачката за огнено оружје, особено кај мажите. Во Црна Гора, главна причина за поседувањето огнено оружје е традицијата, а во Албанија, најистакнати причини се рекреацијата и статусот.

• **Перцепцијата дека многумина поседуваат огнено оружје покажува дека огненото оружје е зачестена појава во општеството:** Речиси две третини од испитаниците во Западен Балкан проценуваат дека до 50 проценти од жителите поседуваат огнено оружје, додека значително малцинство од испитаниците сметаат дека тој процент е поголем. Овие перцепции во голема мера се разликуваат во зависност од јурисдикцијата. Мислењето дека голем број луѓе поседуваат огнено оружје е најзастапено меѓу жителите на Црна Гора и Босна и Херцеговина, во споредба со жителите на Србија, Албанија и Косово кои обично сметаат дека тој број е помал.

• **Сложените закони за огнено оружје влијаат врз побарувачката за огнено оружје:** Општо земено, испитаниците сметаат дека законските постапки за набавка на огнено оружје се сложени и тешки за разбирање. Речиси половина од нив наведоа дека не се доволно информирани за законскиот процес за набавка, при што жените се значително помалку информирани од мажите. На испитаниците од Црна Гора процесот им се чини поедноставен во споредба со другите јурисдикции, а испитаниците од Албанија и Србија го опишуваат како прекумерно сложен.

Несовпаѓањата во перцепциите за разбирливоста на регулаторната рамка влијаат врз побарувачката и ставовите кон легалното поседување огнено оружје.

- **Изложеноста на младите на инциденти поврзани со огнено оружје преку интернет предизвикува загриженост од нормализирање на таквото однесување:** Повеќе од 80 проценти од испитаниците се загрижени поради изложеноста на младите на насилство во медиумите, а 65 проценти од нив се против тоа децата да си играат со играчка пиштол. Ваквите заштитнички ставови се особено истакнати во Албанија и Босна и Херцеговина, а значително поублажени во Косово и Црна Гора. Нормализирањето на огненото оружје, особено кај младите мажи претставува предизвик за напорите за контрола на огненото оружје.
- **Традиционалните и дигиталните медиуми ги засилуваат позитивните ставови кон огненото оружје:** Учесниците во фокус-групи утврдија дека традиционалните и дигиталните медиуми се моќни двигатели во оформувањето на позитивните ставови за огнено оружје, особено кај младите. Сензационалистичкото известување за криминал и насилство, како и претставувањето на огненото оружје како симбол за херојство и моќ во популарната култура ја зголемува побарувачката. Социјалните мрежи дополнително го нормализираат поседувањето огнено оружје од страна на млади мажи, што ги усложнува напорите за контрола на огненото оружје и укажува на тоа дека се потребни наменски едукативни иницијативи.
- **И покрај стравот од криминал и чувството на небезбедност, јавноста дава голема поддршка за построга контрола на огненото оружје.** Мнозинството од испитаниците се залагаат за построга контрола на огненото оружје, а доста повеќе од половина сметаат дека универзалниот пристап до огнено оружје би ја зголемил стапката на криминал. Овој став е особено изразен кај повозрасните лица и групите во неповолна економска положба. Само мал дел од испитаниците сметаат дека широката распространетост на огненото оружје би ја намалила стапката на криминал.

Во процената се истакнува дека врз побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан не влијае само еден фактор туку таа е резултат на сложен систем, во кој личните, општествените, економските и културолошките фактори се преплетуваат. Со анализирање на преференциите, цените и ресурсите од перспектива на ризик и фактори на заштита на разни нивоа, оваа студија нуди темелна концептуална основа за осмислување интервенции што се приспособени на контекстот. Како што е потенцирано во извештајот, спроведувањето на законот и контролата на понудата не се доволни за да се намали побарувачката за огнено оружје; потребно е стратешки да се промени начинот на размислување и да се дејствува со цел да се разберат и да се влијае врз условите во кои поединците одлучуваат дали да се вооружат.

Во заклучокот на извештајот се дадени шест стратешки препораки за намалување на побарувачката и злоупотребата на нелегалното огнено оружје: (1) постојано да се спроведуваат кампањи за подигање на свеста и едуцирање на јавноста, при што посебен акцент се става на младите мажи и нивните семејства; (2) да се зголеми јавната безбедност и да се обнови довербата во полицијата и правосудните институции; (3) да се зајакнат системите за одобрување дозволи за

огнено оружје преку спроведување проценки засновани на ризик и следење на состојбата по издавањето дозвола; (4) да се поттикнува одговорно управување со огнено оружје, безбедно чување и доброволно разоружување; (5) да се зајакне соработката во регионот и меѓу институциите со цел сузбивање на нелегалните текови и (6) да се искористат дигиталните платформи и инфлуенсерите со цел да се оспорат наративите со кои се поддржува поседувањето огнено оружје и да се промовираат конструктивни алтернативи. Заедно, овие препораки претставуваат патоказ за сеопфатно намалување на побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан што е заснован на докази и усогласен со Патоказот за контрола на МЛО за периодот 2025-2030 година (SEESAC, 2024).

# Вовед

Насилството поврзано со огнено оружје остава сериозни последици во Западен Балкан. Од урбаните центри до руралните енклави, наследството од вооружени конфликти, распространетоста на организиран криминал, опстојувањето на семејното насилство и нерамномерната контрола на огнено оружје придонесуваат за конзистентно високи стапки на поседување и злоупотреба на огнено оружје. Во сите шест јурисдикции, односно Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, влијанието на насилството со огнено оружје врз општеството, политиката и економијата е јасно изразено. Злоупотребата на огнено оружје доведува до физички и психички повреди, ја поткопува довербата на жителите во институциите и ги нарушува стабилноста и развојот. И покрај тоа што надлежните органи на јурисдикциите и меѓународните поддржувачи имаат постигнато напредок во намалувањето на понудата на нелегално оружје – преку амнестии, ограничувања во однос на поседувањето оружје, управување со залихите и други форми на регионална соработка – напорите за намалување на побарувачката за огнено оружје сè уште се недоволно развиени.

Целта на овој извештај, што е нарачан од SEESAC, е да се надмине овој недостаток. Наместо да се стави акцент на мерки за контрола на понудата на огнено оружје, во извештајот се разгледуваат сложените причини за поседување и злоупотреба на огнено оружје. Земајќи ги предвид неодамна нарачните анкети за перцепциите на чинителите, како и дискусиите на фокус-групите со младите, сопствениците на огнено оружје, здравствените лица, новинарите, органите за спроведување на законот и други претставници на граѓанското општество, во студијата се испитуваат психолошките, општествените, економските и културолошките фактори што ја поттикнуваат побарувачката. Кон анализата се приложени преглед на академска литература, забелешки од функционери и специјалисти од невладиниот сектор и ново спроведени проценки преку „социјално слушање“ на интернет, што помага да се разјасни не само кој е вооружен туку и зошто – клучна разлика што мора да се запази при изготвувањето ефективни политики засновани на докази.

Извештајот е поделен на седум делови. Првиот дел претставува резиме на методологијата што е искористена при спроведување процена на побарувачката за огнено оружје. Во вториот дел се претставува новата теоретска рамка со која се поставува концептот на прашањето. Во третиот дел се разгледува литературата од областа на општествените науки во врска со ризиците и факторите на заштита поврзани со огненото оружје, вклучувајќи и на Западен Балкан. Четвртиот дел е резиме на наодите од анкетите што беа спроведени во регионот. Во петтиот дел се анализираат забелешките на учесниците од фокус-групите и консултациите со експерти. Во шестиот дел се дава резиме на меѓусебната поврзаност на законодавството за контрола на огнено оружје и побарувачката за огнено оружје од гледна точка на виктимизацијата, поседувањето огнено оружје и ставовите кон огненото оружје. Во седмиот дел се разгледуваат низа наоди и се даваат препораки

за зајакнување на стратегиите за намалување на побарувачката. Целта на извештајот е да се обезбедат информации за балансирана и информирана дебата со акцент на дејствувањето, дебата во којашто големо внимание се посветува на тоа како се снабдува, тргува и користи оружјето, како и зошто воопшто постои побарувачка.

# 1.

# МЕТОДОЛОГИЈА

За да се доловат нијансите во побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан, потребно е да се примени пристап со мешани методи. Побарувачката за оружје не е појава што е поттикната само од економски фактори и фактори на пазарот, туку е вкоренета во општествените, културните, психолошките, родовите и политичките системи. Затоа, истражувањето за оваа студија се спроведе со помош на квантитативни и квалитативни методи, вклучувајќи и стратифицирани анкети во јурисдикциите, фокус-групи, интервјуа со засегнатите чинители и анализа на законодавството и политиките. Методолошкиот плурализам е од клучна важност за тестирање на хипотезите во врска со двигателите на побарувачката за огнено оружје. Со оглед на сложеноста на темата, во истражувањето се искористени повеќе дисциплини – антропологија, криминологија, економија, политички науки, психологија и социологија – и секоја од нив нуди интерпретациски алатки за анализа на мотивациите за набавка на огнено оружје. Од друга страна, истражувачите признаваат дека постои ограничување при извлекувањето заклучоци: перцепциите, преференциите и однесувањето се динамични и може бргу да се променат. Честопати е тешко јасно и едноставно да се покаже директното влијание на регулативата за огнено оружје врз побарувачката.

Извештајот започнува со преглед на литературата во врска со побарувачката за огнено оружје. Овој преглед е од клучна важност за да се испита состојбата во полето на истражувањето, вклучувајќи ги теоретските и емпириските студии. Со систематскиот преглед се изнесоа на виделина 179 рецензирани студии и студии за политики изготвени во периодот од 1998 година до 2023 година во различни полиња, почнувајќи од политички науки и криминологија, па сè до родови студии и бихевиорална психологија (SEESAC, 2023a). Во 73 од нив акцентот се става на Западен Балкан. Изненадува тоа што речиси две третини од сите статии и студии се објавени пред 2018 година. Со други зборови, во ова поле се изготвени мал број студии кои содржат застарени податоци. Уште поголем индикатор е предметот на разгледување на овие студии. Во помалку од четвртина од студиите со акцент на Западен Балкан се разгледува побарувачката за огнено оружје како главна тема на истражување. Повеќето автори ја разгледуваат накратко, како дел од поширокиот однос кон насилството со оружје, трговијата со оружје или регулативата за оружје. Постои недостиг на анализа што е заснована на податоци и директно се бави со таа тема, што посочува дека има плодна почва за спроведување такви истражувања во иднина.

Клучен столб на студијата е сеопфатната анкета што беше изготвена по нарачка на SEESAC и спроведена од IPSOS. Во студијата беа опфатени 6200 испитаници од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија (IPSOS, 2025a). Анкетата се спроведе врз одбирок од над 1000 испитаници во секоја јурисдикција и беше стратифицирана за да се запазат демографскиот, географскиот и социоекономскиот аспект.[2] Во рамките на анкетата беа интервјуирани лица

2 Анкетата се спроведе во три фази врз случаен, стратифициран репрезентативен одбирок. Се

на возраст од 18 години и повеќе и се тестираа разни хипотези во врска со побарувачката за огнено оружје, се испитуваа перцепциите за безбедноста и криминалот, ставовите кон родовите прашања и поседувањето огнено оружје, влијанието на традицијата и културните норми, изложеноста на нелегални пазари и запознаеноста со релевантните закони и казни. Во наодите се откри не само кој сака да поседува огнено оружје туку и зошто и во какви услови. Исто така, се обелоденија разликите во ставовите и побарувачката кај различни возрасни групи, родови групи и социоекономски контексти и јурисдикции.

Како дополнување на анкетите, во рамките на студијата се спроведе исцрпно квалитативно истражување. Се спроведоа повеќе од 40 длабински интервјуа со клучни информатори, вклучувајќи и со претставници на контакт точките за огнено оружје под релевантните министерства, на органите за спроведување на законот и на централните регистри за оружје, јавни обвинители, новинари, продавачи на оружје чија дејност е легална и претставници на здруженијата за спортско стрелаштво. Овие лица дадоа увид од институционален, социолошки и историски аспект, како и перспективи од првите борбени редови за предизвиците при спроведувањето и општествените трендови. Исто така, се состанаа 18 фокус-групи (3 во секоја јурисдикција) со тековни и потенцијални сопственици на огнено оружје, социјални работници и психолози кои работат со млади лица, како и правни експерти кои имаат искуство со законите за контрола на огнено оружје.[3] Од овие дискусии произлегоа уште поконцизни податоци за симболиката и емотивното и општественото значење на огненото оружје. Методологијата опфати и 6 „кризни групи“[4] за расправа за горливи релевантни прашања, по една во секоја јурисдикција, при што беа формирани мали панели од жители. Панелистите имаа задача да отпочнат дискусија на една тема: „дали треба да се олеснат пристапот до набавка и носењето огнено оружје за цивилните лица?“. Овие сесии покажаа дека мислењата се поделени, особено во однос на чувството на небезбедност и довербата во институциите.

Друг методолошки столб на анкетата претставува описен преглед на поврзаноста меѓу законите поврзани со огнено оружје и начините на набавка и злоупотреба на огненото оружје во Западен Балкан (SEESAC, 2023b). Во рамките на процената се отпочна анализа на 31 закон и пропис поврзани со огнено оружје што се донесени

---

примени пристап на прост случаен одбирок без замена (SRSWoR). Интервјуата се спроведуваа во четири очи. Се искористија Пирсоновите хи-квадрат тестови со цел да се испитаат разликите меѓу податоците за категориите и да се оценат разликите во статистиката меѓу очекуваните и добиените резултати за една или повеќе категории во табела за споредба. Исто така, се употребија F-тестови за да се испитаат разликите во однос на средствата, како и Тукиев тест за да се утврдат разликите во независните променливи. Ibid.

**3** Фокус-групите се состоеја од 5 учесници со различен род и од различно потекло. Ibid.

**4** Кризните групи се искористија со цел да се добие продлабочен увид во спротивставените ставови и перцепции за конкретното општествено прашање. Главна тема на дискусијата беше просто затворено прашање, а учесниците најчесто беа поделени во две групи (за и против), при што секоја група имаше задача да осмисли аргументи поврзани со клучното прашање. Во заклучната дискусија, се разгледуваа сите аргументи за да се утврди кои од нив се прифатливи, неприфатливи или неутрални за секоја група. Оваа метода овозможи јасно да се разберат главните пораки што би можело да се пренесат преку кампањите за подигање на свеста или при осмислувањето препораки за политики.

или изменети во шесте јурисдикции во периодот од 2012 година до сега, при што се идентификуваат сличностите и разликите во барањата за одобрување дозволи за огнено оружје, ограничувањата во однос на поседувањето огнено оружје и казните за злоупотреба на огнено оружје. Кон ова мапирање на законодавството беше додаден споредбен преглед на Директивите на ЕУ за огнено оружје и начините на коишто овие директиви се транспонирани на ниво на јурисдикција. За да се испита какви резултати имале законите во пракса, во студијата се направи споредба меѓу временските рамки на донесување или изменување на горенаведените закони и трендовите во однос на убиствата, нападите и самоубиствата поврзани со огнено оружје. Оваа компонента во голема мера се засноваше на нецелосни и нерамномерни податоци од отворени и јавно достапни извори, вклучувајќи и на прикази на податоци и анкети спроведени од SEESAC во периодот од 2017 година до 2024 година, како и надворешни податоци од извештаи на граѓански и меѓународни организации и извештаи за медиумски надзор.[5]

Предноста на студијата е токму нејзиниот методолошки дизајн. Не само што ги открива минатите и сегашните динамики во побарувачката за огнено оружје туку и нуди алатки за дијагностицирање, следење и евалуација на состојбата во Западен Балкан што може да се искористат во иднина. Не се објавени слични процени во регионот и на ниедно друго место. Тешко е да се спроведе процена на побарувачката за огнено оружје и мерките за намалување на побарувачката ако се применува експериментален дизајн како што се рандомизирани контролирани студии, делумно поради тоа што ваквата процена е сложена, приспособена на контекстот и субјективна по природа. Но, инкорпорирањето анкети, квалитативно истражување, анализа на законодавството и статистички алатки претставува прагматична опција. Овие методи овозможуваат да се направи триангулација меѓу перцепциите и однесувањето, регулативата и спроведувањето и побарувачката и одвраќањето. Иако поединечните ставови се оформуваат под влијание на променливи и главно, неопипливи фактори, овој пристап овозможува ставовите систематски да се разгледаат и да се ставаат во контекст, од што произлегуваат веродостојни и практични резултати.

Инструментите што се развија за студијата на SEESAC – стратифицирани анкети на ниво на јурисдикција, фокус-групи, шаблони за интервјуа со клучните информатори и методите за анализа на поврзаноста меѓу законите и побарувачката за огнено оружје – може да се приспособат и повторно да се искористат во иднина за да се проценат променливите услови и влијанието на стратегиите за намалување на побарувачката во Западен Балкан. Со помош на овие инструменти се поставуваат цврсти темели за следење на променливите ставови и перцепции, оценување на интервенциите за намалување на побарувачката и информирање на процесите за креирање политики и програмирање засновани на докази од страна на надлежните органи, невладините

5 Податоците се прибираа од разни извори, вклучувајќи ги публикациите на https://www.rcc.int/balkanbarometer/publications и документите на SEESAC за следење на клучните индикатори на перформанси како што е https://www.seesac.org/f/docs/ninth-regional-coordination-meeting/9th-Regional-KPIs-Report.pdf. Изворите се наведени во SEESAC. 2023.

организации и меѓународните партнери во регионот. Преку комбинирање на деталната методологија со перцепциите на жителите, методологијата овозможува да се изготви флексибилна, а детална рамка за разбирање, процена и намалување на побарувачката за нелегално огнено оружје од цивилните лица во регионот.

# 2.

# ТЕОРИЈА ЗА ПОБАРУВАЧКАТА ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

Во суштина, побарувачката за огнено оружје не е апстрактна, непозната појава, туку производ од три меѓусебно поврзани услови: преференции, цена и ресурси (видете Слика 1). Овие услови оформуваат основен теоретски модел на побарувачката што подеднакво важи и за легалните и за нелегалните пазари за оружје (Brauer and Muggah, 2007). Прво, поединците мора да изразат преференција или мотивација за набавка на огнено оружје – ова може да произлезе од чувство на закана по личната безбедност или безбедноста на семејството, склоност под влијание на културата или симболична или ментална приврзаност со оружје. Второ, цената на огненото оружје – без разлика дали е изразена во паричен износ или преку законски и општествени казни – мора да биде доволно ниска за набавката да е изводлива. И трето, поединците мора да имаат доволно ресурси, вклучувајќи и расположливи приходи, техничко познавање или пристап до социјални мрежи за таа преференција да се преточи во набавка и поседување. Ако се наруши кој било од овие три елементи, тоа може да влијае врз побарувачката: ако преференциите се сменат поради промена на нормите, ако оружјето стане премногу скапо или ако ресурсите се потрошат, тогаш побарувачката ќе се намали или пренасочи.

*Слика 1.*
**Теорија за побарувачката за огнено оружје**

| | |
|---|---|
| ***Преференции*** | Индивидуална или колективна мотивација што ја оформува желбата за поседување огнено оружје поради разни причини, почнувајќи од заштита и рекреација до културен идентитет или општествен статус. |
| ***Цени*** | Материјалните или општествените трошоци од набавката и одржувањето огнено оружје и перципираните ризици или законски последици поврзани со поседувањето огнено оружје. |
| ***Ресурси*** | Капацитетот на поединецот или домаќинството да делува според преференциите, вклучувајќи ги приходите, пристапот до пазари за оружје (легални или нелегални) и запознаеност со процесот за одобрување дозвола за огнено оружје. |

Силната страна на оваа теоретска рамка не е нејзината апстрактност, туку можноста за практично изведување преку тестирање на хипотезите со емпириски докази. За да се открие како овие три нивоа функционираат во пракса, важно е да се испитаат факторите на ризик – поврзани со родот, поседувањето огнено оружје во минатото, криминалното досие, историјата на виктимизација, поврзаноста со секторот за безбедност, членството во криминална група или недовербата во правниот систем – што ја зголемуваат веројатноста за изразена склоност и мобилизација на ресурси за набавка на огнено оружје (видете Анекс 1). Спротивно на тоа, факторите на заштита – како што се недостиг на изложеност на насилство, мала привлечност кон огнено оружје или позитивно мислење за органите за спроведување на законот – ја ублажуваат оваа склоност. Со примена на понијансиран пристап, побарувачката

не се претставува како бинарна состојба, туку како спектар врз кој влијае меѓусебната поврзаност на животните искуства, менталната состојба и општественото, културното и економското опкружување. Анкетите, фокус-групите и интервјуата со засегнатите чинители – кои се искористени во оваа студија – откриваат дека на ниво на поединец, факторите не делуваат во изолација, туку континуирано се преоформуваат под влијание на состојбата во домаќинството, заедницата и општеството (видете Слика 2, Анекс 2).

*Слика 2.*
**Конципирање на факторите на ризик и факторите на заштита**

| | *Издвоени фактори на ризик* | *Издвоени фактори на заштита* |
|---|---|---|
| **Индивидуални:** Лични карактеристики, искуства и ставови што директно влијаат врз склоноста на лицето кон набавка или избегнување огнено оружје | Чувство на лична небезбедност или страв од виктимизација;<br>Замисла дека машкоста е поврзана со статусот или заштитничко однесување;<br>Кривична намера или историја со насилно однесување;<br>Искуство со виктимизација | Лично убедување дека огненото оружје ја намалува безбедноста;<br>Позитивно влијание од врсниците и лица кои се сметаат за пример и не се однесуваат насилно;<br>Висок степен на образование или висока свесност за безбедност во врска со огненото оружје |
| **Домаќинство:** Динамика, практики и односи во домаќинството што може да поттикнат или одвратат некое лице од набавување огнено оружје | Чување оружје во домот (особено на небезбеден начин);<br>Индикатори на семејно насилство или злоупотреба на дрога;<br>Социјализација што доведува до употреба на огнено оружје преку семејна традиција | Лично неодобрување, неодобрување од партнерот или родителите за поседување огнено оружје;<br>Безбедно чување и безбедносни протоколи;<br>Пријатно и ненасилно семејно опкружување; |
| **Заедница:** Непосредното општествено и физичко опкружување, вклучувајќи ги безбедноста на маалото, мрежата на врсници и пристапот до огнено оружје | Висока стапка на криминал во маалото или перципирано беззаконие;<br>Близина на нелегални пазари или продавници за оружје;<br>Низок степен на кохезија во заедницата или недостиг на доверба во општеството;<br>Ниска доверба во институциите; | Строги норми против огнено оружје во заедницата;<br>Ефективна полициска пракса и видливи мерки за заштита на јавната безбедност;<br>Едуцирање во заедницата или иницијативи за разоружување |

| | *Издвоени фактори на ризик* | *Издвоени фактори на заштита* |
|---|---|---|
| **Општествени фактори:** Политички, законски, културни и економски структури кои ја оформуваат состојбата во која поединците и заедниците донесуваат одлуки во врска со огнено оружје. | Несоодветна регулатива за огнено оружје или недоволно строго спроведување; Културни норми преку кои се велича оружјето или се поврзува со конкретни идентитети; Политичка нестабилност или постконфликтна небезбедност | Сеопфатни закони за контрола на оружје и механизми за нивно спроведување; Доверба кај мнозинството жители во институциите и правосудниот систем; Промена на општествените норми што ја поврзуваат безбедноста со разоружувањето |

За да се разбере и најпосле, да се намали побарувачката за огнено оружје, креаторите на политики мора вешто да навигираат со факторите што влијаат на ниво на поединци и на општествено ниво. Ова може да се спроведе преку примена на „општествен еколошки модел" во којшто се прави разлика меѓу меѓусебно поврзаните слоеви на влијанија (видете Слика 2).[6] На ниво на поединци, искуствата и менталната состојба може да дадат објаснување за мотивациите и пристапот. Но, тие искуства се втемелени во динамиката во домаќинството, каде што индикаторите на злоупотреба или поврзаноста со криминалци може да ја поттикне или намали побарувачката. Ако ја погледнеме пошироката слика, може да забележиме дека одликите на една заедница, како што се стапката на криминал во маалата, бројот на продавници за оружје и предоминантните нивоа на општествена кохезија и ефикасност, ни го даваат контекстот во којшто се донесуваат лични одлуки. На општествено ниво, врз мотивациите влијаат правниот режим, квалитетот и опфатот на органите за спроведување на законот и културните норми поврзани со родот. Точно е дека факторите како што е слабото владеење на правото, неспроведувањето на постојните закони или хипер машките идеологии може да креираат попустливо опкружување во кое се нормализираат поседувањето и употребата на огнено оружје. Спротивно на тоа, силни институции, јасни правила што се спроведуваат и општествени норми со кои не се прифаќа поседување огнено оружје и вооружено насилство за разрешавање на проблемите исто така служат како превентивни структури. Овие слоеви постојано си влијаат меѓусебно: довербата во институциите или недостигот на таква доверба се преточува во ставовите на поединците, а личните искуства може да прерасне во колективно движење и да предизвика пошироки социокултуролошки трендови.

6 Општествениот еколошки модел е рамка што се користи во полето на јавното здравје со цел да се разбере како разни фактори, вклучувајќи индивидуални, меѓучовечки, општествени фактори и фактори во заедницата, ги оформуваат однесувањето на поединците и резултатите на здравството. Се заснова на замислата дека здравјето не зависи само од личните одлуки, туку врз него влијаат сложените интеракции меѓу луѓето и пошироката средина каде што живеат.

# 3.

# АНАЛИЗА НА ЛИТЕРАТУРАТА ВО ВРСКА СО ПОБАРУВАЧКАТА ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

За да се проценат теоретските и емпириските основи на побарувачката за огнено оружје, важно е да се разгледа литературата од областа на општествените науки од Западен Балкан и пошироко (SEESAC, 2023a). При анализата се идентификува ограничен, но растечки број на јавно достапни истражувања за побарувачката за огнено оружје. Во 73 статии од идентификуваните 179 академски и политички студии акцентот е ставен на регионот или конкретна јурисдикција.[7] Преку анализата се утврдија неколку ризици и фактори на заштита за кои се смета дека влијаат врз побарувачката за огнено оружје, вклучувајќи ги чувството на небезбедност, културните и општествените норми и ниската доверба во институциите меѓу ризиците, а структурните фактори поврзани со владеењето, економскиот развој и наменската контрола на криминалот меѓу заштитните елементи (видете Слика 3). Сепак, не секој од овие фактори на ризик се докажани со факти или емпириски докази, ниту пак, испитани преку применето истражување.

*Слика 3.*
**Повторливи ризици и фактори на заштита што беа идентификувани во литературата од Западен Балкан***

| *Ниво* | *Фактори на ризик* | *Фактори на заштита* |
|---|---|---|
| ***Индивидуални*** | Млади до средовечни мажи;<br>Чувство на небезбедност;<br>Искуство со виктимизација;<br>Криминално досие и/или злоупотреба на дроги;<br>Активно учество во криминална група;<br>Проблеми со менталното здравје или однесувањето | Млади и повозрасни жени;<br>Чувство на сигурност и безбедност;<br>Поголем степен на образование и/или поголеми приходи;<br>Запознаеност со ризиците и обука за безбедност |
| ***Домаќинство*** | Чување огнено оружје во домот;<br>Изложеност на насилство меѓу луѓе и злоупотреба на дрога;<br>Традиција во ловење и/или рекреативна употреба | Без огнено оружје во домот;<br>Безбедно чување огнено оружје во домот;<br>Позитивен поттик од родителите или врсниците;<br>Неодобрување употреба на огнено оружје од семејството или партнерот |

7 Во рамките на анализата на литература се изготви лексикон за „побарувачката за огнено оружје“ така што преку интернет се пребаруваа комбинации од зборови на повеќе јазици и автоматски се прибираа резултати со помош на напредни функции. Некои од клучните изрази што беа пребарани се следниве: „огнено оружје“, „пушки“, „пиштоли“, „револвери“, „оружје“, „мало оружје“ и „муниција“. Потоа, овие зборови се пребаруваа во комбинација со други, како на пр. „побарувачка“, „пазари“, „мотивации“, „преференции“, „цени“, „култура“, „норми“ итн. При пребарувањето, во комбинациите од зборови се додадоа имињата на шесте јурисдикции на Западен Балкан, како и имињата на нивните главни градови. Истите комбинациите беа преведени и пребарани на сите релевантни јазици.

| ***Ниво*** | ***Фактори на ризик*** | ***Фактори на заштита*** |
|---|---|---|
| ***Заедница*** | Општествените норми преку кои се нормализира злоупотребата на огнено оружје;<br>Насилство во заедницата и спорови од минатото;<br>Низок степен на општествена кохезија и ефикасност | Општествени норми кои ја оправдуваат и/или прифаќаат употребата на огнено оружје;<br>Стабилност на маалата и присуство на часови и стекнато образование;<br>Скудна евиденција или неводење евиденција за инциденти поврзани со огнено оружје;<br>Висок степен на општествена кохезија и ефикасност |
| ***Општествени*** | Замисли за машкоста и честа;<br>Висок степен на нееднаквост;<br>Ниска доверба на јавноста во институциите за безбедност;<br>Постконфликтна нестабилност;<br>Присуство на организиран криминал;<br>Интернет и технологија кои го олеснуваат процесот | Норми со кои се поддржува родовата еднаквост;<br>Низок степен на нееднаквост;<br>Доверба на јавноста во институциите за јавна безбедност;<br>Мислење дека законите за огнено оружје и спроведувањето на овие закони се ефективни;<br>Поддршка за регионалните и националните заложби за зголемување на јавната безбедност и намалување на бројот на нелегално огнено оружје[8] |

**Издвоени ризици и фактори на заштита што беа идентификувани при анализата на литературата. Не е извршена емпириска анализа или тестирање.*

Во текот на изминатите две децении, SEESAC и нивните партнери изготвија голем дел од јавно достапните истражувања и податоци од анкети во врска со понудата и побарувачката на огнено оружје на Западен Балкан. Сепак, има мал број вакви истражувања, а податоците во нив се застарени до одредена мера. Затоа, треба да се постапи внимателно при толкувањето на наодите, а особено при донесувањето општи заклучоци за утврдените ризици и фактори на заштита (видете Слика 3). Истражувањето за двигателите на побарувачката за огнено оружје е понапредно во региони како што се Северна Америка, Западна Европа и Австралија, во споредба со Југоисточна Европа. Иако постојните студии нудат корисен увид во разните фактори на ризик и на заштита што влијаат врз побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан, постои голем недостиг на истражувања за преференциите, цените и ресурсите кои ги оформуваат мотивациите на поединците и колективот.

## Издвоени фактори на ризик

Постојат неколку повторливи фактори на ризик што се јавуваат во поврзаност со набавката и злоупотребата на огнено оружје во Западен Балкан. Некои од најчесто

8 На пример, Патоказот за контрола на огнено оружје во Западен Балкан.

споменуваните двигатели на побарувачката за огнено оружје се следниве: длабоко вкоренети родови норми, чувство на небезбедност, културен и традиционален идентитет, рекреација (ловење, стрелаштво, колекционерство), ниска доверба во институциите, намера за самоповредување и нанесување повреда на други лица и амбиција за станување криминалец. Преку анализата на литература се открија повеќекратни упатувања на овие фактори, кои не се ни приближно до доволно исцрпни. Во најголем дел, издвоените фактори на ризик се засновани на квалитативно истражување спроведено од специјалисти по хуманитарни науки во почетокот на 2000-тите години.

Демографијата, а особено родот, се сметаат за силно влијание врз поседувањето и злоупотребата на огнено оружје. Главната причина за ова е тоа што најголем дел од сопствениците на огнено оружје (SEESAC,2007), жртвите (SEESAC, 2016a) и сторителите се мажи, а кај жените постои помала веројатност да поседуваат оружје и поголема веројатност да се чувствуваат небезбедно околу оружје (SEESAC, 2019n). Исто така, мал број од повозрасните лица набавуваат и поседуваат огнено оружје, иако самоубиствата честопати се третираат како индиректни докази за чување огнено оружје во домот (SEESAC, 2016b). Се разбира, родовите динамики и побарувачката за огнено оружје може да се разликуваат во зависност од местото: во Босна и Херцеговина, голем број жени наведоа дека главната причина поради која поседуваат оружје е личното убедување дека „жена треба да има пиштол“, со кое се согласија помалку мажи кое го делат мислењето за потребата од поседување огнено оружје (SEESAC, 2019c).

Се чини дека возраста и стекнатото образование исто така играат улога во оформувањето на ставовите кон поседувањето и употребата на огнено оружје. Истражувачите откриваат дека кај младите мажи од Западен Балкан постои многу поголема веројатност да изразат интерес за набавка на огнено оружје и почесто да се вклучени во злоупотребата на огнено оружје (SEESAC, 2019m). Од друга страна, повозрасните мажи се несразмерно застапени во самоубиствата поврзани со огнено оружје. Се чини дека образованието влијае и врз мислењето за пристап до огнено оружје и врз самиот пристап до огнено оружје. На пример, во Црна Гора, понизок степен на образование се поврзува со попопустливи ставови, додека во Албанија, умерено образованите млади мажи покажуваат доста силна поддршка за поседувањето огнено оружје.

Неколку поединечни фактори на ризик поврзани со поседувањето и злоупотребата на оружје на Западен Балкан се слични со глобалните трендови, но добиваат посебни карактеристики под влијание на регионалниот контекст. Поточно, кај помлади мажи со историја на сторено кривично дело, злоупотреба на дрога и изложеност на економска маргинализација поголема е веројатноста да сакаат да набават огнено оружје (Rowhani-Rahbar et al., 2023). Друга значајна група што изразува преференција за огнено оружје се лицата кои практикуваат стрелаштво и лов за рекреација, обично средовечни мажи. Исто така, продавачите на оружје кои легално (можеби и без намера) продаваат пиштоли што подоцна се користат за извршување кривични дела се сметаат за ризична група што ја поттикнува

побарувачката за огнено оружје (Wintemute et al., 2005). Горенаведеното посочува дека општествената нормализација и ранливост може испреплетено да влијаат врз побарувачката за легално и нелегално огнено оружје.

Чувството на небезбедност е еден од најчесто наведуваните фактори на ризик што ја поттикнуваат набавката на огнено оружје во Западен Балкан (SEESAC, 2004b). Во разни јурисдикции, специјалистите во хуманитарни науки го опишуваат стравот (Grillot, 2004) како главен фактор за набавка на огнено оружје што може да се манифестира како чувство на ранливост поради можно станување жртва во домот (Mugumya, 2004), чувство на закана по личната безбедност (SEESAC, 2019m), или желба за поголема заштита и гаранција (SEESAC, 2003). Потврда за ова се наодите од анкетите на SEESAC и од други анкети што посочуваат дека главната причина поради која испитаниците набавуваат огнено оружје е заштита на домот (SEESAC, 2015), приватниот имот (Ćopić and Dokmanović, 2022), семејниот посед (SEESAC, 2016b), деловните средства (SEESAC, 2006d) и членовите на семејството (Centre for Peace and Disarmament Education and Saferworld, 2005). Покрај личната заштита и заштитата на домаќинството, периодично се споменуваат и поопшти причини за набавка на огнено оружје како што се заштита на заедницата (SEESAC, 2004b) или придонесување за колективната безбедност (SEESAC, 2004a).

Предложени се неколку објаснувања за очигледната поврзаност меѓу чувството на небезбедност и поседувањето огнено оружје. Едно од најистакнатите објаснувања е трајното наследство од војни. Развлечените конфликти и политичката нестабилност – особено во 1990-тите години – ја оформиле свеста на жителите и создале постојан немир поради можна ерозија на законот и поредокот во иднина (Carapic, 2014). Ваквата загриженост не е апстрактна: кај многумина потекнува од лични или семејни спомени поврзани со кризна состојба, раселување и колапс на институциите (Prezelj, 2010). Од оваа гледна точка, набавувањето огнено оружје не претставува само мерка на претпазливост, туку и самоодбрана од системската слабост (Tholens, 2017). Оттаму, политичката нестабилност и неразрешените трауми од минатото се јавуваат како можни фактори на ризик што ја поттикнуваат побарувачката за огнено оружје (Arsovska and Zabyelina, 2014).

Во литературата од Западен Балкан и други места постојано се поставува врска меѓу набавката на огнено оружје и непосредното или посредното искуство со виктимизација. Кај лицата кои претходно биле жртви и се плашат дека повторно ќе настане таков инцидент постои поголема веројатност да набават огнено оружје како превентивна мерка и ментална поткрепа. Логиката зад ова е едноставна: оружјето се смета за контролна мерка што ја ублажува ранливоста. Оваа динамика не запира на границите на јурисдикциите, што посочува дека поседувањето огнено оружје е универзална човечка реакција на чувството на небезбедност и траумата од минатото, без оглед на културниот контекст (Moshary, Shapiro, and Drango, 2022). Оттука, огненото оружје не претставува само средство за одбрана, туку и симболична заштита од можна повреда во иднина (Pierre, 2019).

Во изминатите две децении, побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан е поттикната и од рекреативни и културолошки фактори, меѓу кои се вбројуваат

ловењето, спортското стрелаштво и колекционерството. Иако преференциите се разликуваат во зависност од јурисдикцијата, како на пр. акцентот на спортско стрелаштво во Србија и колекционерството во Босна и Херцеговина (Hadzovic, 2003), ловењето останува најчесто наведуваната причина за поседување огнено оружје (Ćopić and Dokmanović, 2022). Оваа мотивација е особено истакната во руралните области, каде што ловењето не претставува само извор за прехранување, туку и културна практика и меѓугенерациска традиција (Grillot, 2004). Сепак, овие рекреативни облици на поседувањето си носат свои ризици. Во студии спроведени во Србија е наведено дека огненото оружје што се користи при извршување фемициди честопати претставува легално набавено оружје за ловење, што демонстрира како огненото оружје за рекреативни цели може биде реупотребено при насилство од интимен партнер.[9]

Другиот значаен двигател на побарувачката за огнено оружје е поврзан со претставата за машкост во одредена култура. Во неколку студии се поставува поврзаност меѓу поседувањето огнено оружје и родовиот идентитет, при што се тврди дека огненото оружје претставува моќен симбол на машкоста и статусот (UNDP, 2021a). Социолозите и експертите по родови студии наведуваат дека оружјето честопати се поима како индикатор на зрелост, сила и авторитет, а некогаш дури и како доказ дека младиот маж станува возрасен човек.[10] Во Западен Балкан, овие норми се особено истакнати, а огненото оружје е тесно поврзано со замислата за тоа што претставува „вистински маж“ кој е угледен и има должност да ги заштити своето семејство и заедницата (Pavlov, 2023). Традиционалната родова социјализација во регионот го поттикнува ставот дека од мажите треба да се очекува да бидат бранители и хранители, улоги за кои можеби е потребно да се чува огнено оружје во домот (Spasić, 2017).

Тежнеењето кон поголема моќ и подобар статус преку поседување огнено оружје е тесно поврзано со родовиот идентитет. Кај некои лица во Западен Балкан, а особено кај оние кои живеат во небезбедна средина и нестабилно општество, поседувањето оружје го зголемува чувството на контрола и влијание (SEESAC, 2016a). Од историска гледна точка, оружјето овозможило зајакнување на маргинализираните и политички обесправените групи (Schwandner-Sievers and Cattaneo, 2005). Во одредени случаи, огненото оружје се користи за да се воспостави авторитет над другите, вклучувајќи и преку дела на родово базирано заплашување или насилство во заедницата (UNDP, 2021b). Употребата на огнено оружје со намера да се влее страв кај политичките ривали или интимните партнери е мотивација што е евидентирана низ целиот регион.

**9** Во една студија се открива дека секој четврт сторител на фемицид го набавил огненото оружје со експлицитна намера за вршење рекреативни активности (на пр. ловење). UNDP. 2020.

**10** Во една студија што е спроведена во Србија се наведува дека поседувањето огнено оружје е тесно поврзано со ставовите за тоа што претставува машкост во таа култура: мажите се заштитници, бранители и воини. Во тој контекст, огненото оружје претставува видлив симбол за нечија машкост. Видете UNDP. 2021b.

Оваа поврзаност меѓу машкоста, идентитетот и симболиката отпочна дебата меѓу стручњаците во регионот во врска со тоа дали во Западен Балкан постои специфична „култура за оружје". Некои истражувачи сметаат дека огненото оружје е прераснато во моќен културолошки симбол за отпорот, независноста и машката гордост (Davis, 2002). Други предупредуваат дека иако ова значење е релевантно, тоа не дава целосно објаснувањето за начините на коишто се пристапува и се злоупотребува огненото оружје (Scrivani, 2018). Сепак, постои консензус дека оружјето се велича во повеќето општества поради причини како што се личната слобода, политичкиот идентитет или замислата за тоа што претставува машкост (Schwandner-Sievers and Cattaneo, 2005).

Точно е дека стручњаците честопати ги издвојуваат „традиционалните вредности" како фактори што придонесуваат за поседување огнено оружје во Западен Балкан . Кај мажите, особено, постои голема веројатност да ја наведат „традицијата" како главна причина за желбата да поседуваат или за поседувањето огнено оружје (UNDP, 2022). На пример, поседувањето оружје во Албанија честопати се смета за појава што е длабоко вкоренета во обичаите и прославите, иако приватното поседување не било дозволено со закон пред 2014 година.[11] Огненото оружје е честа глетка на прослави како што се свадби, што посочува дека оружјето претставува симбол во заедницата (Spasić, 2017). Иако ваквата култура постои и на други места, многу се истакнува во ставовите во Западен Балкан. Во продолжение детално се разгледуваат естетската привлечност на оружјето и начинот на којшто се претставува во медиумите и популарната култура, што го зајакнува неговиот статус како посакуван предмет и ги оформува ставовите за употребата и значењето на оружјето (Goldsmith, Halsey and Bright, 2020).

Во врска со горенаведените традиционални фактори, огненото оружје во минатото се сметало за инструмент за разрешување стари спорови (SEESAC, 2021). Западен Балкан има долга и сложена историја на меѓугенерациски конфликти, а огненото оружје е неизоставен дел од ова наследство (SEESAC, 2005). Од историска гледна точка, оружјето не се набавувало само за заштита или рекреација, туку и како средство за одмазда и зачувување на честа на семејството или кланот. Употребата на оружје придонесла за развлекување на долготрајните спорови, влошување на неправдите и поттикнување циклуси на насилство. На ваков начин, огненото оружје станува значаен симбол за угледот, моќта и подготвеноста да се одбрани нечија чест или да се одржи состојбата на статус кво при упатени навреди или неправда (Arsovska, 2008).

Огненото оружје не се набавува и користи само за извршување насилство врз други лица, туку и за самоповредување, најчесто во форма на самоубиство. Ова несразмерно влијае врз повозрасните мажи, при што средовечните (36–60 години) и возрасните (над 61 година) мажи се во најголем ризик од извршување

**11** Точно е дека поседувањето огнено оружје не било законски дозволено пред 2014 година, за време на комунизмот. Видете Arsovska, J. 2008.

самоубиство со помош на огнено оружје (SEESAC, 2019d). Преку оваа демографска статистика се истакнува меѓусебната поврзаност на возраста, родот и пристапот до смртоносни средства. Исто така, постои умерена поврзаност меѓу високата стапка на невработеност и самоубиствата со помош на огнено оружје поради тоа што финансиските тешкотии може да ги влошат чувствата на очај и социјална изолација (Injac Stević, et al., 2021). Според истражувачите, достапноста на огненото оружје во ваква ситуација овозможува да се изнајде т.н. „брзо и сигурно решение", термин што се користи и во литературата од други места (Ludwig and Cook, 2003). Преку овие наоди се нагласува потребата од справување со проблемот преку интегрирани политики, кои претставуваат комбинација од регулатива за огнено оружје и наменски интервенции за подобрување на менталната состојба, како и стратегии за спречување самоубиство чија целна група се групите во ризик.

Недовербата на јавноста во надлежните институции претставува друг можен структурен двигател на побарувачката за огнено оружје во регионот. Во многу анкети и квалитативни студии се открива поврзаноста меѓу ниската доверба во институциите и поголемата желба за лично вооружување (Grillot, 2004). Кога е ниска довербата во органите за спроведување на законот, правосудството и другите институции за јавна безбедност и кривична правда, поголема е веројатноста поединците да сметаат дека самоодбраната е лична одговорност (Institute for War and Peace Reporting and Saferworld, 2003). Во вакви средини, неказнивоста е честа појава и се плаќа пониска „цена" за набавка или злоупотреба на огнено оружје. Можно е жителите да се чувствуваат принудено да ги преземат работите во свои раце, особено ако правниот и политичкиот систем се сметаат за бавни, пристрасни или неефикасни. Оттаму, уривањето на легитимитетот на институциите придонесува за нормализација на поседувањето огнено оружје од приватни лица.

Се чини дека врз побарувачката за огнено оружје на Западен Балкан влијаат и географски и политички фактори. На пример, во одреден период во Северна Македонија, како што се јавува, огнено оружје поседувале поголем број лица кои живеат во области низ кои поминуваат активни рути за криумчарење (Ibid.), додека во Србија, поседувањето оружје било почесто во источните и руралните региони (UNDP and Saferworld, 2005). Овие шеми посочуваат дека факторите како што се живеење во близина на мрежи за криумчарење, неразрешени спорови и политичка неправда на локално ниво може да придонесат за набавка и поседување огнено оружје. Исто така, се чини дека влијае и тоа дали лицата живеат во урбана или рурална средина, при што кај оние кои живеат во рурална средина постои поголема веројатност да сметаат дека огненото оружје е поврзано со наследството или преживувањето, што ретко е одразено во анкетите.[12]

Организираниот криминал ја усложнува динамиката на географските и политичките фактори. Присуството на криминални мрежи во урбаните центри и

**12** Подрегионалните варијации ја истакнуваат потребата за локализирано истражување со цел да се разберат локалните услови и контекст што влијаат врз мотивациите и пристапот.

руралните области честопати влијае врз желбата за набавка на огнено оружје на сторителите и на потенцијалните жртви, без разлика на тоа дали оружјето ќе биде употребено за напад или за одбрана (SEESAC, 2004c). Организираниот криминал не се поврзува само со повисоки стапки на криминал, туку и со пошироки општествени промени (Arsovska, 2008), вклучувајќи и ослабено владеење на правото и намалена јавна безбедност. Структурните фактори како што се нееднаквост во приходите, невработеност на младите и непосетување часови и низок степен на образование историски се сметаат за сродни ризици. Ова посочува дека реалната и перципираната изложеност на криминал имале удел во оформувањето на побарувачката за огнено оружје во регионот.[13]

## Преглед на факторите на заштита

Постои недостиг на истражувања за факторите на заштита што ја намалуваат побарувачката за огнено оружје на глобално ниво, а уште помалку за Западен Балкан.[14] Кога овие фактори се земаат предвид, обично се става акцент на намалување на изложеноста на насилство, промовирање учество во образовни активности, поттикнување позитивни односи со врсниците и поттикнување стабилни домаќинства и заедници. Во Западен Балкан, како стратегии за намалување на побарувачката обично се предлагаат кампањи за подигање на свеста за ризиците од злоупотреба на огнено оружје и разработка и спроведување на законите со цел да се спречи случајно нанесување повреда. Но, не постојат доволно докази за ефективноста на овие мерки, дури и во региони како Северна Америка и Западна Европа, каде што оваа тема се разработува поинтензивно (Smart, Morral, Murphy, Jose, Charbonneau, and Smucker, 2024.).

И покрај овие недостатоци, во литературата се утврдени неколку можни фактори на заштита што се поврзани со намалувањето на побарувачката за огнено оружје. Меѓу овие фактори се вбројуваат демографските одлики како што се родот и возраста, стабилната средина во семејството или заедницата, подобрувањето на социоекономската состојба и наменските стратегии за спречување криминал. Иако истражувања од полето на општествените науки посочуваат дека теоретски, ваквите фактори може да ја намалат побарувачката, сè уште не е проверено дали тие ќе бидат ефективни во Западен Балкан. Поради недостигот на ригорозни оценувања како што се рандомизирани студии со контролна група, треба внимателно да се донесуваат заклучоци при изготвувањето политики и програми во регионот.

Во принцип, факторите на заштита се поврзуваат со намалена желба за набавка на огнено оружје и намален ризик од негова злоупотреба. Во рамките

13 На пример, намерата за извршување кривични дела се наведува како втора најзастапена причина за поседува огнено оружје во Северна Македонија во 2024 година. Во друга студија традицијата и заштитата од криминал се наведуваат како главни мотивации за поседување огнено оружје во Косово. Видете Grillot, S., et al. 2004. and Khakee, A. and Florquin, N. 2003.

14 За примери од САД, видете Ross, K. et al. 2023. Mattson, S., Sigel, E. and M. Mercado. 2020.

на интервенциите за намалување на побарувачката обично се става акцент на променливите на индивидуално ниво (на пр. присуство на часови, самодоверба, социјализација со врсниците), на динамиката во семејството (на пр. надзор од родителите, практики за безбедно чување на оружјето) и на општите услови во опкружувањето (на пр. безбедност во училиштата, достапност и изложеност на легално и нелегално огнено оружје и општествена кохезија).[15] Влијанието на кој било од овие фактори врз кој било аспект на намалувањето на побарувачката – намалување на желбата, зголемување на цената[16] или влијаење врз ресурсите – се разликува во зависност од средината и жителите, поради што од клучно значење е да се примени пристап што е приспособен на конкретниот контекст.

Докази што се не однесуваат на Западен Балкан покажуваат дека постои можност надворешни општествени притисоци да ја намалат побарувачката за огнено оружје. Поточно, неодобрувањето од интимниот партнер или врсниците, стабилноста на родителите или домаќинството и санкциите на ниво на маалото и колективната ефикасност – способноста на заедниците да наложуваат придржување до општествените норми – се поврзуваат со помала стапка на набавување огнено оружје (Muggah, 2006). Позитивните промени во политичката состојба, квалитетот на владеењето и нормите кои се залагаат за безбедност може да имаат слично влијание врз перципираната неопходност и прифаќањето на поседувањето огнено оружје (Oliphant et al., 2019. and Muggah, Atwood, and Katz, 2016). Со други зборови, промените на разни нивоа може да ја намалат или зголемат побарувачката за огнено оружје во зависност од начинот на којшто влијаат врз мислењето на јавноста и капацитетите на институциите.

Во Западен Балкан, се наведуваат неколку фактори што ги одвраќаат лицата од тоа да поседуваат огнено оружје. Главниот фактор е мислењето на мнозинството жители дека огненото оружје може да го зголеми, а не да го намали ризикот, особено за децата и членовите на домаќинството (UNDP and Saferworld, 2005). Ваква загриженост најчесто изразуваат жените (SEESAC, 2019n). Во овој контекст, честопати се наведуваат и страв од инциденти поврзани со огнено оружје, неовластен пристап и случајно нанесување повреда или штета (Spasić and Tadić, 2017). Многу жени велат дека немаат желба да поседуваат огнено оружје, дури и кога имаат финансиски и законски можности за тоа, што укажува дека перципираната потреба за поседување огнено оружје влијае врз побарувачката во иста мера со пристапот (SEESAC, 2004c).

---

**15** Теоријата за еколошки системи се заснова на претпоставката дека факторите на различни нивоа се меѓусебно поврзани и влијаат врз однесувањето и исходите, особено на индивидуално ниво и на ниво на семејството, врсниците или заедницата.

**16** Намалувањето на понудата за нелегално огнено оружје може да предизвика повисоки цени и помала достапност на оружјето, што би довело до времено намалување на набавката, особено кај оние лица со ограничени ресурси. Сепак, нема да се намали побарувачката што ја поттикнуваат фактори како што се страв, повисок статус или намера за извршување кривични дела и тоа може да принуди некои лица да изнајдат алтернативно оружје или нови тури за трговија. За одржливо намалување на набавката на огнено оружје се потребни контрола на понудата и интервенции за намалување на побарувачката што се насочени кон справување со суштинските двигатели како што се чувството на небезбедност и организираниот криминал.

Меѓу дополнителните фактори што ги поттикнуваат лицата да не поседуваат огнено оружје се опфатени позитивното мислење за јавната безбедност, недостигот на обука за ракување со огнено оружје (Hadzovic, et al. 2012) и финансискиот товар од набавката, поседувањето и одржувањето на огненото оружје (Speyer, 2006). Во средини каде што законите за огнено оружје се спроведуваат ригорозно, трошоците – од практична, законска, финансиска и ментална гледна точка – може да ги одвратат лицата од поседување огнено оружје, особено оние кои немаат оформено цврст став на оваа тема.

Јавното образование, подобреното спроведување на законот и регулаторните интервенции исто така влијаат како заштитни фактори. Кампањите за подигање на свеста преку кои се истакнуваат ризиците од огненото оружје, особено за интимните партнери, децата и соседите, може да предизвикаат промена на преференциите, иако ретко се врши строго оценување на ваквите кампањи (SEESAC, 2003b). Ефективното работење на полицијата и построгите казни за нелегално поседување исто така може да ја зголемат перципираната цена на нелегалното поседување и злоупотребата на огненото оружје. Воведување законодавни реформи со кои се поставуваат ограничувања за поседување огнено оружје и построги барања за одобрување дозволи за огнено оружје исто така може да предизвикаат намалување на побарувачката, како што посочуваат промените во бројот на регистрирани парчиња оружје, ставовите кон безбедното чување и ракување со оружје, па дури и цените на црниот пазар.[17]

Исто така, треба да се нагласи дека надворешните геополитички настани како што е војната меѓу Русија и Украина и тековните тензии во регионот може да делуваат како катализатори за зголемување на побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан. Ова се јавува како резултат на чувството на небезбедност што предизвикува желба за лична заштита и пренасочувањето на огненото оружје подалеку од зоните на конфликт што доведува до зголемена достапност и намалена цена на оружјето. Постои хипотеза дека стравот што го чувствуваат жителите поради масовните престрелки и мислењето дека стапката на насилен криминал се зголемува исто така ги наведуваат луѓето да набават огнено оружје. Но, овие тврдења ретко се подложени на строго емпириско испитување.

Како што ќе видите во деталната анализа во продолжение, претставувањето во медиумите, дигиталните платформи и најновите технологии исто така може да влијаат врз побарувачката за огнено оружје на начини што сè уште не се истражени во Западен Балкан. Во популарната култура продолжува да се велича поседувањето огнено оружје, а е-продавниците, особено оние што работат преку социјални мрежи или дарквеб, нудат нови и во голема мера нерегулирани начини за склучување нелегални зделки со огнено оружје (Persi Paoli, Aldridge, Ryan and Warnes. 2017). Иако сè уште не се широко распространети, иновациите како што е 3Д печатењето преставуваат можни идни предизвици за контролата и достапноста на огненото оружје

17 Овие теории детално се разгледуваат во шестиот дел.

(SEESAC, 2024). И покрај растечката загриженост на глобално ниво, постои недостиг на истражување за процена на овие дигитални ризици во регионот. „Социјалното слушање“ нуди можност за да се отпочне мапирање на овие променливи влијанија, особено кога жителите сè поактивно ги следат содржините на интернет, што влијае врз општествените норми во врска со употребата на огнено оружје.

Наследството од конфликти и организираниот криминал со длабоки корени помагаат да се одржи трговијата со огнено оружје во Западен Балкан (Arsovska, 2015). Од историска гледна точка, вооружените групи пристапувале до огнено оружје преку суфицит на залихите на војската и надворешни добавувачи, а криминалните мрежи во денешницата продолжуваат да ги искористуваат овие инфраструктури. Оваа сложена состојба ја истакнува потребата за интегрирани стратегии за спроведување и транснационална координација во однос на политиките.

# 4.

# ЧУВСТВО НА НЕБЕЗБЕДНОСТ И МИСЛЕЊА ЗА ПОСЕДУВАЊЕТО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ НА ЖИТЕЛИТЕ

Во анкетата за испитување на јавното мислење што се спроведе во сите шест јурисдикции меѓу 2024 и 2025 акцентот се става на побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан, аспект што долго време бил засенет од студиите за понудата, трговијата и злоупотребата на огнено оружје.[18] Иако редовно се спроведуваат анкети за јавното мислење во врска со оружјето во Западен Балкан[19], најновите резултати претставуваат важно аналитичко откритие. Даваат конкретен увид во мислењето за оружје на лицата кои живеат во регионот: зошто сакаат оружје и како културните и законските фактори влијаат врз нивните ставови. Некои од наодите ја доведуваат традиционалната мудрост под знак прашалник, откривајќи дека стравот што го чувствува мнозинството и чувството на небезбедност не се доволни за да се поттикне побарувачката за огнено оружје. Исто така, во овие наоди се истакнува дека повеќето жители даваат силна поддршка за построга контрола на оружјето. Анкетите ги откриваат противречностите – меѓу небезбедноста и самоконтролата, традицијата и скептицизмот, упатеноста и колебливоста – што го усложнуваат секој едноставен наратив за побарувачката за оружје во Западен Балкан.

Како општа забелешка, родот се истакнува како значаен и постојан одлучувачки фактор за ставовите кон поседувањето и употребата на огнено оружје. Во сите шест јурисдикции, мажите конзистентно покажуваат поблагонаклонет став кон огненото оружје отколку жените. Исто така, мажите имаат поголемо знаење за огненото оружје и кај нив постои поголема веројатност да поседуваат или да покажат интерес за поседување огнено оружје, во споредба со жените. Постојат разлики кај другите демографски групи, но се помалку изразени. На пример, помладите лица, особено мажите на возраст од 18 до 40 години обично имаат малку попозитивно мислење за поседувањето оружје од повозрасните мажи. Кај мажите на возраст од 18 до 40 години постои поголема веројатност да сметаат дека поседувањето огнено оружје би ги направило побезбедни. Во однос на набавката на огнено, заедничко влијание имаат родот и возраста, при што кај помладите мажи постои значително поголема веројатност од која било друга група да набават и да употребуваат огнено оружје.

За разлика од тоа, степенот на стекнато образование и местото каде што живеат испитаниците се покажаа како помалку конзистентни фактори во оформувањето на побарувачката за огнено оружје од претпоставеното во литературата. Иако лицата со повисок степен на образование даваат помала поддршка за употребата на огнено оружје за време на прослави, нивната поддршка за употребата на огнено оружје при самоодбрана или како одговор на перципирана закана или казна тесно се совпаѓа со регионалниот просек. Точно е дека желбата на овие лица за поседување огнено оружје може да се спореди со желбата на другите жители. Лицата кои живеат во рурални области, пак, изразуваат поголема поддршка за поседувањето огнено

**18** Изработката на анкетите ја нарача SEESAC во 2024 година, а тие се спроведоа во 2024 и 2025 година.

**19** Видете ги Барометрите и Секјуриметрите на Советот за регионална соработка (RCC) на https://www.rcc.int/balkanbarometer/publications и https://www.rcc.int/securimeter/publications. Видете ги и анкетите за јавното мислење за МЛО чие изготвување го нарача SEESAC на https://www.seesac.org/SALW-Surveys/.

оружје, вклучувајќи и за употребата на оружје за време на прослави и незначително поголем број од овие лица поседуваат огнено оружје, во споредба со лицата кои живеат во урбани области. Но, интересот за набавка на огнено оружје е сличен, и кај лицата од руралните области и кај лицата од урбаните средини.

Јавното мислење за безбедноста во Западен Балкан е поделено. На скала со 10 поени, во која 1 означува безбедност, а 10 означува опасност, нешто помалку од една четвртина од испитаниците (23 отсто) сметаат дека регионот е безбеден, малку повеќе од една четвртина (27 отсто) сметаат дека е опасен и мнозинството (51 отсто) сметаат дека е некаде на средина (видете Слика 4).[20] Мажите се малку пооптимистични за безбедноста од жените. Мислењата им се помрачни на невработените, лицата кои живеат во рурални области и лицата кои заработуваат потпросечни приходи – 30 отсто од испитаниците во секој група го оценуваат регионот како опасен. Како што се претпоставува во литературата, кај лицата кои ракувале или биле директно изложени на огнено оружје, особено во ситуации со насилство, постои поголема веројатност да сметаат дека Западен Балкан е небезбеден регион. Иако бројот на небезбедни ситуации на локално ниво соодветствува со перцепциите за безбедноста во регионот, поврзаноста не е поткрепена со статистички податоци, што посочува дека пошироката претстава за безбедноста во регионот не е само збир од локални искуства.

**20** Освен ако не е прецизирано инаку, податоците што се презентирани во сликите од овој извештај се дадени во проценти. Како дел од анкетите чие изготвување го нарача SEESAC, се применија две различни постапки за статистичко приспособување. Можно е да генерираат мали несовпаѓања меѓу просекот на регионално ниво и податоците од поединечните јурисдикции, но не влијаат врз толкувањето. Во секоја слика се означени процентите што значително се разликуваат од регионалниот просек од статистичка гледна точка. Со црвено се обележани процентите под просекот, а со зелено се обележани оние над просекот. Значителна разлика од статистичка гледна точка посочува дека се мали шансите случајно да настанала таква варијација и може да се смета за системска последица на конкретен фактор.

*Слика 4.*
**Колку е безбеден или опасен Западен Балкан?**
**(n = 6819,** овој графикон не ги прикажува одговорите што спаѓаат помеѓу „безбедно” и „опасно”)




Во јурисдикциите, ставовите за безбедноста на регионот се разликуваат. Во Албанија, на пример, мислењата се доста поларизирани: 37 отсто сметаат дека регионот е безбеден (највисок процент во регионот), а 30 отсто сметаат дека е опасен. За разлика од тоа, во Босна и Херцеговина најголем дел од жителите (35 отсто) сметаат дека регионот е небезбеден, а малкумина (13 отсто) наведоа дека се чувствуваат безбедно. За споредба, кај испитаниците од Србија постои најмала веројатност да го етикетираат регионот како небезбеден (18 отсто) и тие се најнаклонети кон неутрални ставови (57 отсто), мислење што го споделуваат жителите на Црна Гора (56 отсто). Во Северна Македонија, пак, мислењето за безбедноста е уште пониско, со само 17 отсто кои сметаат дека регионот е безбеден и 28 отсто кои наведуваат дека е небезбеден. Слични мислења има во Косово, каде што 23 отсто од испитаниците го опишуваат регионот како безбеден, а 27 отсто велат дека е опасен. Сликата ги претставува поделените мислења врз кои локалниот контекст и личните искуства

влијаат во иста мера со поширока реалност во регионот. Важно е да се напомене дека независно спроведените анкети потврдуваат дека нема значителни промени во мислењата за безбедноста и небезбедноста во изминатите неколку години.[21]

*Слика 5.*

**Ставови за безбедноста: колку се безбедни следниве ситуации според категоријата?**
**(n = 6819)**

***Воопшто не е безбеден + Донекаде е безбеден во %***




21 Секјуриметарот од 2024 година покажа дека нема значителни промени во мислењето за безбедноста и небезбедноста во Западен Балкан од 2022 до 2024 година. Релативно мал дел од населението во секоја јурисдикција целосно се согласува или воопшто не се согласува со изјавата дека регионот е безбеден. Поголемиот дел не се изразија јасно. На пример, 40 отсто од жителите во Албанија воопшто или главно не се согласуваат со изјавата дека регионот е безбедно место за живот, во споредба со 31 отсто од Босна и Херцеговина, 30 отсто од Црна Гора, 29 отсто од Србија, 28 отсто од Северна Македонија и 21 отсто од Косово. Но, во процената од 2024 година се откри намалување на бројот на жители кои целосно се согласуваат со изјавата дека Западен Балкан е безбедно место за живот во споредба со изминатите години.

Зачудувачки, се чини дека нема директна поврзаност меѓу мислењата за небезбедност и преференциите за набавка на огнено оружје. Како што е наведено погоре, загриженоста за небезбедност е на високо ниво низ регионот. Во просек, над 7 од 10 лица од регионот наведоа дека се чувствуваат небезбедно ако влезните врати од домот им се отклучени, а околу половина од нив велат дека чувствуваат неспокој кога во домот нема никој. Речиси половина наведоа дека се чувствуваат непријатно да носат готовина во паричниците, а една третина се плашат да пешачат сами навечер (видете Слика 5). Сепак, распространетоста и интензитетот на стравот не се еднообразни во сите јурисдикции. Жените и повозрасните лица чувствуваат поголема небезбедност од мажите во речиси сите ситуации. Кај испитаниците од Албанија, Босна и Херцеговина и Северна Македонија е евидентирано највисоко ниво на страв, а се чини дека испитаниците од Косово, Црна Гора и Србија се чувствуваат малку побезбедни.[22] Ваквиот изразен страв се поврзува со мотивацијата за лична заштита и заштита на семејството, што експлицитно ја наведоа една третина (34 отсто) од испитаниците како главна причина за поседувањето огнено оружје.

Перцепциите за насилството и инцидентите поврзани со огнено оружје значително се разликуваат низ Западен Балкан, а голем дел од жителите се загрижени за личната безбедност во заедниците каде што живеат. Приближно 36 отсто од сите испитаници изјавија дека провалување во домот се случува, во најмала рака, често[23], 20 отсто сметаат дека се врши насилство при провалување во домот, а 24 отсто мислат дека физички напади во јавни простори се случуваат често или повремено (видете Слика 6). Загриженоста за насилството поврзано со огнено оружје е нешто поублажена, но постои: 14 отсто го поврзуваат таквиот вид насилство со средини надвор од домот, а 13 отсто наведоа инциденти во кои се вклучени членови на семејството или роднини. Клучно е да се напомене дека претходната изложеност на огнено оружје, особено ако станува збор за насилна ситуација, ја зголемува веројатноста кај лицата да сметаат дека физичкото и вооруженото насилство се почеста појава. За разлика од тоа, лицата кои ракувале со огнено оружје без да искусат насилство сметаат дека ваквите инциденти се поретки.[24]

---

**22** Според анкетите, значителен дел од жителите во Западен Балкан сметаат и дека физичко насилство и вооружени инциденти се јавуваат повремено, па дури и често, во заедниците каде што живеат. Повеќе од една третина мислат дека честа појава е провалувањето, четвртина сметаат дека често настануваат напади на улица, а една петтина се плашат од физички напад при провала во домот. Кај жителите на Србија и Црна Гора постои поголема загриженост од просекот во регионот.

**23** Регионалниот просек е драстично намален поради Косово. Видете Слика 6.

**24** Се чини дека овие трендови се конзистентни кога станува збор за родот, но се разликуваат во зависност од видот на живеалиштето и социоекономскиот статус, при што кај испитаниците кои живеат во урбани средини и се финансиски постабилни постои поголема веројатност да сметаат дека насилството е пошироко распространето.

*Слика 6.*
**Колку често сметате дека жителите на местото каде што живеете се соочуваат со следниве видови на насилство?**
**(n = 6819)**




Мислењата за насилството поврзано со оружје драстично се разликуваат во зависност од јурисдикцијата. Жителите на Србија и Црна Гора натпросечно сметаат дека се јавуваат сите видови на насилство, а особено во врска со физичките напади и инцидентите поврзани со огнено оружје. На пример, испитаниците од сите јурисдикции, освен Косово, изјавија натпросечна загриженост поради провалување во домот. Во Србија, 33 отсто сметаат дека физички напади по улица се случуваат често, а четвртина сметаат дека изложеноста на насилство со оружје е честа појава, и во домот и во јавните простори. Во Црна Гора постојат истите трендови, но се нешто помалку изразени. За разлика од тоа, во Албанија и Северна Македонија се наведуваат значително помалку настани поврзани со насилство со огнено оружје, што посочува на сложената меѓусебна поврзаност меѓу перципираната безбедност и вистинскиот ризик. Босна и Херцеговина блиску го следи регионалниот просек, со зголемена загриженост само поради провалување во домот, додека кај жителите во

Косово конзистентно се бележи перцепција за ретки појави на вооружено насилство, во однос на сите категории.[25]

*Слика 7.*

**Мислење за безбедноста: кој е најефикасниот начин за подобрување на безбедноста?**

**(n = 6819)**




Важно е да се напомене дека иако многу лица се чувствуваат небезбедно, многумина од испитаниците го отфрлаат тврдењето дека повеќе оружје значи поголема безбедност. Во регионот, 30 отсто од испитаниците сметаат дека построга регулатива за огненото оружје е најефикасниот пристап, 28 отсто се застапуваат за поголемо присуство на полицијата, а 24 отсто предлагаат да се подигне јавната

25 Треба да се спомене дека во анкетата што се спроведе во рамките на Барометарот на Советот за регионална соработка и беше презентирана во 9. извештај на SEESAC за клучните индикатори за перформансите во регионот се открива дека постои релативно високо ниво на перципирана небезбедност што се поврзува со нелегалното огнено оружје и неговата злоупотреба. Во март и април 2023 година, над 6000 жители на главните градови на јурисдикциите беа прашани преку телефон дали се чувствуваат загрозено од нелегалното поседување и злоупотребата на оружје во населбата каде што живеат. Резултатите се разликуваат од горенаведената анкета. Видете KPI14 на https://www.seesac.org/f/docs/ninth-regional-coordination-meeting/9th-Regional-KPIs-Report.pdf.

свест за опасноста од огненото оружје (видете Слика 7). За разлика од тоа, само 10 отсто од испитаниците сметаат дека откажувањето од огненото оружје е најдоброто решение, а 5 отсто наведоа дека повеќе лица треба да поседуваат огнено оружје за да се заштитат. Лицата кои имаат претходно искуство со огнено оружје обично се понаклонети кон построги закони за огнено оружје, зајакнати мерки за безбедност и зголемување на јавната свест. Но, овие лица даваат поголема поддршка, над регионалниот просек, за поседувањето огнено оружје за лична заштита од лицата без такво искуство.[26] Испитаниците од Србија ги истакнуваа построгите законски рамки во споредба со оние од Албанија и Северна Македонија кои се залагаа за поголемо присуство на полицијата, а испитаниците од Косово и Црна Гора покажаа поголема поддршка за напорите за разоружување.

*Слика 8.*

**Како се чувствувате во врска со чувањето огнено оружје во домот?**

**(n = 6819,** Оваа слика ги исклучува одговорите „Не знам/Одбивам“)




Половина (50 отсто) од сите испитаници во Западен Балкан тврдат дека чувањето огнено оружје во домот не би направило да се чувствуваат побезбедно (видете Слика 8). Овој став е најзастапен во Србија (59 отсто), а најредок во Северна Македонија (43 отсто). Приближно 22 отсто од испитаниците тврдат дека чувањето огнено оружје во домот би направило да се чувствуваат помалку безбедно (се зголемува на 31 отсто во Албанија и Северна Македонија), а 20 отсто сметаат дека би биле побезбедни (до 27 отсто во Црна Гора). Мажите и жените обично го делат мислењето дека чувањето огнено оружје во домот не би направило да се чувствуваат побезбедни. Но, значително поголем број на мажи отколку жени (26 отсто и 12 отсто, по наведениот

26 Ваква поддршка даваат 7 отсто од лицата кои ракувале со огнено оружје, 8 отсто од лицата кои имаат искуство со огнено оружје и 7 отсто од оние кои се соочиле со огнено оружје во насилни ситуации.

редослед) изјавија дека чувањето огнено оружје во домот би направило да се чувствуваат побезбедно. За разлика од тоа, повеќе жени отколку мажи (26 отсто и 16 отсто, по наведениот редослед) наведоа дека тоа би направило да се чувствуваат помалку безбедни. Исто така, кај младите, особено кај мажите на возраст од 18 до 30 години постои поголема веројатност да изјават дека би се чувствувале побезбедно ако чуваат огнено оружје во домот (23 отсто).[27]

Кај лицата кои имаат искуство со огнено оружје, без разлика на тоа дали ракувале со оружје, присуствувале во ситуации поврзани со огнено оружје или се соочиле со насилни ситуации, постои поголема веројатност да се чувствуваат побезбедно ако чуваат огнено оружје во домот (30 отсто, 40 отсто и 36 отсто, по наведениот редослед) во споредба со лицата без такви искуства (13 отсто, 14 отсто и 18 отсто) и регионалниот просек од 20 отсто. Ова чувство на безбедност е уште поголемо меѓу актуелните сопственици на огнено оружје (59 отсто) и лицата кои имаат желба да набават огнено оружје (69 отсто). Но, чувањето огнено оружје во домот е само донекаде поврзано со општото чувство на безбедност во секојдневниот живот; кај испитаниците кои се чувствуваат целосно безбедно во својата заедница постои поголема веројатност да изјават дека чувањето огнено оружје во домот не би направило да се чувствуваат побезбедно (58) и помала веројатност да наведат дека оружјето би направило да се чувствуваат помалку безбедно (15 отсто), а кај лицата кои се чувствуваат многу небезбедно постои помала веројатност да сметаат дека тоа не влијае врз безбедноста (45 отсто) и поголема веројатност да мислат дека чувањето огнено оружје во домот би направило да се чувствуваат помалку безбедно (26 отсто).

*Слика 9.*

**Влијанието на чувањето огнено оружје во домот врз чувството на безбедност во седум секојдневни ситуации - *Дали чувањето огнено оружје во домот би направило да се чувствувате...?***

**(n = 6819,** Оваа слика ги исклучува одговорите „Не знам/Одбивам“)




27 Поголема безбедност поради чување оружје во домот би чувствувале и лицата со натпросечни приходи (22 отсто), во споредба со оние со просечни приходи (17 отсто) или потпросечни приходи (14 отсто).

Повеќе од половина од испитаниците во Западен Балкан сметат дека универзалниот пристап до огнено оружје би предизвикал зголемување на стапката на криминал. На скала од 1 до 10, при што 1 означува дека би имало помалку криминал, а 10 означува зголемена стапка на криминал, 54 отсто од испитаниците го оценија влијанието на универзалниот пристап со оценки од 8-10, што посочува на силно убедување дека стапката на криминал би се зголемила (видете Слика 10). Само 12 отсто сметаа дека стапката на криминал ќе се намали (оценки од 1 до 3), а 34 отсто имаа неутрален став (оценки од 4 до 7). Кај жените постои малку поголема веројатност отколку кај мажите да мислат дека стапката на криминал ќе се зголеми, а мажите имаа понеутрални ставови. Мислењата се разликуваат и во зависност од социоекономската и демографската група: 62 отсто од лицата со потпросечни приходи и 61 отсто од лицата на возраст од 61 година и повеќе сметаат дека стапката на криминал ќе се зголеми ако се овозможи универзален пристап до оружје. Интересен е фактот што личното искуство со огнено оружје не значително не ги менува овие ставови; сепак, кај лицата кои веќе поседуваат огнено оружје или имаат намера да набават постои поголема веројатност да веруваат дека пристапот до оружје би ја намалил стапката на криминал и помала веројатност да сметаат дека таквиот пристап би ја влошил ситуацијата.

Постојат големи разлики во ставовите на жителите во јурисдикциите кон влијанието на универзалниот пристап до огнено оружје врз стапката на криминал. На пример, доминантни 76 отсто од испитаниците во Албанија сметаат дека полесниот пристап до огнено оружје би ја зголемил стапката на криминал, а само 11 отсто имаа понеутрален став. Жителите на Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија се помалку загрижени, од кои 45 отсто, 49 отсто, и 48 отсто по наведениот редослед очекуваат да се зголеми стапката на криминал. Имено, 18 отсто од испитаниците од Босна и Херцеговина сметаат дека универзалниот пристап до огнено оружје вистински би ја намалил стапката на криминал, највисок процент на поддршка за овој став во целиот регион. Додека, пак, голем дел од испитаниците од Косово (43 отсто), Северна Македонија (41 отсто) и Црна Гора (38 отсто) не се сигурни какво би можело да биде влијанието на широката достапност на огненото оружје врз стапката на криминал, што посочува на комбинација од двоумење и поделено мислење.

*Слика 10.*
**Каде би го поставиле своето мислење на скала од 1 до 10, при што 1 е ставот „Кога сите би имале пристап до огнено оружје, би имало помалку криминал“, а 10 е ставот „Кога сите би имале пристап до огнено оружје, би имало повисока стапка на криминал“?**
**(n = 6819)**




Мислењата на жителите во Западен Балкан откриваат дека постои заштитнички став кон младите и потрадиционален и попозитивен став кон возрасните кои знаат како да ракуваат и да користат огнено оружје. На пример, изненадувачки 81 отсто од испитаниците од регионот го делат мислењето дека изложеноста на насилни содржини преку медиумите влијае врз однесувањето на младите, а 65 отсто се против купувањето пиштоли играчки за деца. Широко распространетата загриженост поради изложеноста на младите ги надминува границите на родот, иако кај жените постои малку поголема веројатност да се против пиштоли играчки. Но, во однос на возрасните лица, предоминантно е мислењето дека способноста за ракување и знаењето за огнено оружје се од клучна важност: 65 отсто велат дека сите возрасни мажи треба да знаат како да користат огнено оружје, а 37 отсто тука ги вклучуваат и жените. Овие цифри се значително поголеми од оние за поддршката за поседување оружје од мажи и жени.

Иако постои помала поддршка за поседувањето огнено оружје, значително малцинство имаат строги ставови за културата и законите поврзани со огненото оружје. Околу 26 отсто од сите испитаници сметаат дека поседувањето оружје е дел од националниот идентитет, 19 отсто од нив мислат дека законите за оружје треба да се ублажат, 17 отсто сметаат дека секој маж треба да поседува огнено оружје, а 10

отсто мислат дека секој возрасен маж и жена треба да поседуваат оружје. Но, повеќе од половина од испитаниците (56 отсто) ги отфрлаат сите четири горенаведени изјави, што посочува дека поседувањето огнено оружје не општо прифатено. Се чини дека жителите на Црна Гора даваат најголема, а испитаниците од Албанија најмала поддршка за поседувањето огнено оружје. Како што очекувавме, кај мажите постои поголема веројатност отколку кај жените да имаат позитивен став за употребата и поседувањето оружје, а сепак, двата рода се едногласни кога станува збор за насилството во медиумите и уште поизненадувачки, за тоа дека жените треба да поседуваат огнено оружје.

Генерацијата и искуството дополнително влијаат врз ставовите за огненото оружје. Младите (18-30 години) покажуваат натпросечна поддршка за познавањето поврзано со огнено оружје (41 отсто во споредба со просечните 31 отсто) и поседувањето огнено оружје (12 отсто во споредба со просечните 10 отсто) од жени, како и за ублажување на регулативата за огнено оружје ( 21 отсто во споредба со просечните 19 отсто). Лицата кои имаат искуство со ракување огнено оружје или кои поседуваат огнено оружје даваат поголема поддршка за универзалното право на поседување оружје, освен кога станува збор за лица кои се соочиле со насилни инциденти и се умерени во однос на намалувањето на рестрикциите за достапност на оружјето. Резимирано, иако во регионот постои претпазливост во врска со широко распространетото поседување оружје, особено кога станува збор за децата или јавната безбедност, голем дел од населението, а особено мажите, младите и искусните корисници сметаат дека ракувањето со огнено оружје е корисна вештина, а некои го гледаат огнено оружје и како културолошка ознака.

Исто така, многумина се целосно се согласуваат дека насилството во медиумите има негативно влијание врз младите, а особено испитаниците од Албанија (87 отсто) и Србија (84 отсто), додека во Косово се намалува на 62 отсто. Сличен негативен став има и кон пиштолите играчки, при што во Албанија (77 отсто) и Босна и Херцеговина (72 отсто) се јавува најголемо неодобрување, во споредба со помалиот отпор во Косово, Црна Гора и Србија. Иако повеќето жители на јурисдикциите сметаат дека возрасните мажи треба да знаат како да користат огнено оружје, поддршката за жените да научат да ракуваат со огнено оружје се разликува во зависност од јурисдикцијата; голем дел од испитаниците од Босна и Херцеговина (70 отсто за мажите) и Албанија (65 отсто за мажите) мислат дека жените треба да го знаат тоа, а 43 отсто и 42 отсто, по наведениот редослед, го поддржуваат. Во Северна Македонија постои најмала поддршка за ова во однос на двата рода. Поседувањето огнено оружје во реалноста добива помала поддршка, но тука се истакнуваат испитаниците од Црна Гора и Косово кои даваат голема поддршка за помалку строги закони за оружје (31 и 30 отсто, по наведениот редослед) и за поврзаноста на огненото оружје со националниот идентитет (39 и 29 отсто, по наведениот редослед).

*Слика 11.*

**Со исклучок на лицата кои поради занимањето поседуваат и носат огнено оружје *(полиција, војска, лично обезбедување)*, која мислите дека е главната мотивација за поседување огнено оружје?**
**(n = 6819)**

***Главна мотивација во %***




Јавното мислење за причината поради која лицата поседуваат огнено оружје е далеку од еднообразно во Западен Балкан. На врвот од списокот се наоѓаат безбедноста и заштитата (33 отсто), а потоа рекреацијата или хобијата (23 отсто) и статусот (23 отсто) и најпосле, традицијата наведена од само 16 отсто од испитаниците (видете Слика 11). Меѓу сопствениците на огнено оружје, 37 отсто ја наведуваат безбедноста како главна мотивација, што е усогласено со мислењето во регионот, а 34 отсто од нив посочуваат дека главната причина е рекреацијата, што е натпросечен процент. Меѓу лицата кои би сакале да набават оружје, изненадувачки 61 отсто ја наведуваат безбедноста како главна причина. Се чини дека приходите влијаат врз мотивацијата: 37 отсто од лицата со натпросечни приходи ја наведуваат безбедноста, во споредба со 32 од лицата со просечни приходи и 31 отсто од лицата со потпросечни приходи. Иако разликите меѓу родовите се умерени, мажите почесто ја истакнуваат безбедноста како мотивација отколку жените, а жените се поназклонети да го сметаат огненото оружје како знак за статусот. Кај лицата кои искусиле насилни

ситуации поврзани со огнено оружје постои поголема веројатност да го наведат статусот како мотивација (30 отсто) во споредба со регионалниот просек (22 отсто) и лицата без такво искуство (22 отсто).

Како што можеше да се предвиди, мотивациите за поседување огнено оружје се разликуваат во зависност од јурисдикцијата. Во Црна Гора, традицијата игра истакната улога и 34 отсто ја наведуваат како главна мотивација, а за само 22 отсто од жителите приоритет е безбедноста. За разлика од тоа, во Босна и Херцеговина и Косово се става акцент на ризиците и 42 отсто од испитаниците од јурисдикциите ја наведуваат заштитата како главна мотивација, што претставува значително поголем процент од регионалниот просек. Во Албанија, 33 отсто главно го сметаат огненото оружје за средство за рекреација, а 27 отсто, нешто повеќе од регионалниот просек, сметаат дека е знак на статусот. Во Северна Македонија постои поголема рамнотежа: безбедноста е најчесто наведуваната мотивација од 29 отсто од испитаниците, што е малку под нормата во регионот, а рекреацијата претставува главна мотивација за 27 отсто. Преку овие наоди се истакнуваат влијанието на различните културни, економски и искуствени фактори врз мислењата за поседувањето огнено оружје во регионот со политичка и општествена разнообразност.

*Слика 12.*
**До која мера е прифатлива употребата на огнено оружје во секој од долунаведените случаи?**
**(n = 6819)**



Самоодбраната останува главно оправдување за употреба на огнено оружје во Западен Балкан, при што 54 отсто од жителите ја оправдуваат употребата при напад, а 48 отсто во ситуации кога постои закана. Во другите сценарија, толеранцијата опаѓа: само 18 отсто поддржуваат употреба на огнено оружје за време на прослави, а 8 отсто оправдуваат да се користи огнено оружје за застрашување или казнување (видете Слика 12). Богатите мажи и студентите се конзистентно попустливи од другите групи. Поддршка добива и упатеноста поврзана со огненото оружје, без разлика дали станува збор за поседување, ракување или минато искуство со насилни ситуации. Поддршката за употреба на огнено оружје за одбрана од директен напад даваат 86 отсто од лицата кои сакаат да поседуваат огнено оружје, а 78 отсто од овие лица ја оправдуваат употребата на оружје кога постои можност од напад.

Сепак, оправдувањето на употребата на огнено оружје се разликува во зависност од јурисдикцијата. Црна Гора се истакнува со давањето поголема поддршка за употреба на оружје во повеќето сценарија: 64 отсто оправдуваат пукање за самоодбрана, 57 отсто во случаи кога постои можна закана и 35 отсто за време на прослави, проценти што ги надминуваат регионалните просеци. Слична е ситуацијата во Босна и Херцеговина, каде жителите ја оправдуваат употребата за самоодбрана, а 64 отсто од нив се согласуваат со тоа некое лице да користи оружје кога е нападнато. Од другата страна на спектарот се наоѓа Северна Македонија, каде што 40 отсто ја оправдуваат употребата на огнено оружје за самоодбрана, без разлика на тоа дали заканата е вистинска или потенцијална, а само 13 отсто при прослави. Податоците посочуваат на тоа врз ставовите за употребата на огнено оружје не влијаат само личните искуства и социоекономскиот статус, туку и состојбата во јурисдикцијата и предоминантните културни норми.

*Слика 13.*

**Колкав процент од жителите на јурисдикцијата каде живеете поседуваат огнено оружје (легално или нелегално)**

**(n = 6819)**




Мислењата за бројот на лица кои поседуваат огнено оружје значително се разликуваат во зависност од јурисдикцијата на Западен Балкан, но повеќето жители сметаат дека е релативно честа појава. Приближно 61 отсто од испитаниците во регионот проценуваат дека до половина од жителите поседуваат огнено оружје (видете Слика 13).[28] Но, значително малцинство имаат различен став: 23 отсто сметаат дека над 50 отсто од жителите поседуваат огнено оружје. Обично, поконзервативни процени даваат мажите отколку жените, односно 68 отсто од мажите проценуваат дека помалку од 50 отсто од жителите поседуваат оружје, во споредба со 59 отсто од жените. Сепак, двата рода го делат мислењето дека голем број лица поседуваат огнено оружје, а кај жените веројатноста да изјават дека не знаат е двојно поголема отколку кај мажите.

Лицата кои биле директно изложени на огнено оружје, дали преку ракување, инциденти со огнено оружје или насилство, конзистентно проценуваат дека поголем број лица поседуваат огнено оружје во споредба со регионалниот просек и лицата

**28** Околу 28 отсто сметаат дека меѓу 1 и 25 отсто од жителите поседуваат огнено оружје, а 35 отсто наведуваат 25 до 50 отсто.

без такви искуства. На пример, една третина (33 отсто) од лицата кои се изложени на огнено оружје во насилни ситуации сметаат дека повеќе од половина од жителите се вооружени, во споредба со 26-29 отсто од лицата кои ракувале или имаат општо искуство поврзано со огнено оружје. Ова мислење го споделуваат тековните и потенцијалните сопственици на огнено оружје, при што 32 отсто од нив сметаат дека повеќе од 50 отсто од жителите во јурисдикцијата поседуваат огнено оружје. На ниво на јурисдикција се истакнуваат Црна Гора (33 отсто), Босна и Херцеговина (32 отсто) и Северна Македонија (25 отсто) со натпросечните процени за бројот на лица кои поседуваат огнено оружје, а испитаниците од Србија (16 отсто), Косово (14 отсто) и Албанија (13 отсто) даваат пониски процени, што посочува дека во регионот постојат различни ставови за огненото оружје и неговата застапеност (видете Слика 13).

*Слика 14.*

**Со исклучок на лицата кои поседуваат, носат или користат огнено оружје по службена должност (полиција, војска, приватно обезбедување), дали лично познавате некое лице што поседува или користи огнено оружје?**

**(n = 6819,** Оваа слика ги исклучува одговорите „Не знам/Одбивам“)




Искуството со огнено оружје е далеку од апстрактно во Западен Балкан и продолжува да биде дел од вистинскиот живот на многумина од жителите. Повеќе од една третина од жителите на Западен Балкан (36 отсто) познаваат лице кое користи огнено оружје, а не работи во полиција, војска или како приватно обезбедување (видете Слика 14). Кај мажите постои значително поголема веројатност отколку кај жените да изјават дека познаваат лице кое поседува и користи огнено оружје – 48 отсто и 27 отсто, по наведениот редослед. Исто така, жителите со натпросечни приходи (46 отсто), повисок степен на образование (42 отсто) и лицата кои живеат во рурални области познаваат поголем број лица кои користат огнено оружје. Како што можеше

да се предвиди, кај оние кои имаат искуство со огнено оружје, како на пр. со ракување (61 отсто), повремена изложеност (70 отсто) или насилство поврзано со огнено оружје (68 отсто) постои уште поголема веројатност за познаваат лица кои користат огнено оружје. Оваа цифра се зголемува на 84 отсто кај тековните сопственици на огнено оружје и на 65 отсто кај лицата кои сакаат да поседуваат огнено оружје. Разликите меѓу јурисдикциите се огромни: Во Црна Гора (49 отсто) и Србија (46 отсто) се надминува регионалниот просек, а во Косово (26 отсто) и Албанија (22 отсто) се јавуваат значително помал број такви лица.

Околу 35 отсто од испитаниците во Западен Балкан наведоа дека ракувале со огнено оружје, од кои 9 отсто само еднаш, а 25 отсто неколку пати. Искуството многу зависи од родот: мнозинството мажи (56 отсто) имаат искуство со ракување со огнено оружје, во споредба со 15 отсто од жените. Помладите генерации имаат значително помало искуство, при што само 24 отсто од лицата на возраст од 18-30 години и 28 отсто од лицата на возраст од 31-40 години наведоа дека ракувале со огнено оружје. Кај повозрасните групи, вклучувајќи 44 отсто од лицата на возраст од 51-60 години и 42 отсто од лицата над 60 години постои поголема веројатност да имаат искуство со ракување со огнено оружје. Кај лицата кои биле изложени на огнено оружје во обична или насилна ситуација, искуството со ракување со огнено оружје е универзално: 91 отсто и 87 отсто, по наведениот редослед, ракувале со оружје, а мнозинството од нив го сториле тоа повеќе пати. Две третини од потенцијалните сопственици на огнено оружје исто така наведоа дека имаат ракувано со огнено оружје. Искуството со огнено оружје е најчеста појава во Црна Гора (30 отсто, повеќекратно), Србија (31 отсто, повеќекратно) и Босна и Херцеговина (30 отсто, повеќекратно), а 73 отсто од испитаниците во Косово и Северна Македонија тврдат дека никогаш не ракувале со огнено оружје.

Во Западен Балкан, искуствата со огнено оружје се стекнуваа преку разни ситуации, при што употребата за време на прослави (7 отсто) и непрецизирани цели (7 отсто) се на врвот на списокот кај лицата кои наведоа дека имале такви искуства (видете Слика 15а). Уште позагрижувачки е тоа што значително малцинство јавуваат директна изложеност на насилство: 4 отсто посведочиле инцидент со огнено оружје, во 4 отсто бил вперен пиштол, а 3 отсто употребиле огнено оружје за самоодбрана. Меѓу малкуте лица кои наведоа дека имале искуство со барем едно од сценаријата, приближно една третина (35 отсто) изјавија дека користеле огнено оружје за време на прослави и за непрецизирани цели (33 отсто) (видете Слика 15б). Голем број од лицата во оваа подгрупа исто така изјавија дека посведочиле инцидент со огнено оружје (19 отсто), дека оружје било вперено во нив (18 отсто) или дека употребиле огнено оружје за самоодбрана (13 отсто). Кај мажите постои значително поголема веројатност отколку кај жените да наведат дека имаат искуство со огнено оружје (34 отсто во споредба со 7 отсто). Исто така, веројатност за вакви искуства конзистентно се зголемува во зависност од возраста, односно од 15 отсто кај лицата на возраст од 18-30 години на 25 отсто кај лицата над 51 година. Исто така, побогатите лица наведуваат поголемо искуство со огнено оружје: 24 отсто од оние со натпросечни приходи, во споредба со 14 отсто од лицата со пониски приходи.

*Слика 15а.*

**Лични искуства со барем една ситуација што вклучува огнено оружје: дали нешто од долунаведеното е применливо за вас?**
**(n = 6819)**




*Слика 15б.*

**Лични искуства со барем една ситуација што вклучува огнено оружје: дали нешто од долунаведеното е применливо за вас?**
**(n = 1308** врз основа на лицата со искуство со барем една од ситуација што вклучува огнено оружје)



Кај лицата со желба да поседуваат огнено оружје постои поголема веројатност од просекот да наведат конкретни видови на контакт со огнено оружје, вклучувајќи употреба за време на прослави (21 отсто), непрецизирана употреба (10 отсто), пиштол вперен во нив (6 отсто) и членување во клубови за стрелаштво (4 отсто). Вкупно 32 отсто од лицата во оваа група искусиле барем едно од вакво сценарио. Меѓу малкуте кои биле изложени на огнено оружје во насилни ситуации, цифрите нагло се зголемуваат: во 55 отсто бил вперен пиштол, 47 отсто посведочиле инцидент со огнено оружје, а 39 отсто употребиле огнено оружје за самоодбрана. Разликите меѓу јурисдикциите се значителни: Босна и Херцеговина (26 отсто) и Црна Гора (23 отсто) јавуваат значително поголеми искуства од регионалниот просек, а Северна Македонија и Косово заостануваат (видете Слика 16).[29]

*Слика 16.*

**Процент на жители кои имаат искуство со барем едно од десетте сценарија што вклучуваат употреба на огнено оружје**
**(n = 6819)**




Меѓу жителите во Западен Балкан кои имаат некаков вид на искуство со огнено оружје, ситни, но значителни 11 отсто наведоа дека имале искуство со еден од четирите клучни сценарија: посведочување инцидент со огнено оружје, пиштол вперен во нив, употреба на огнено оружје за самоодбрана или непрецизирана

29 Во споредба со регионалниот просек, испитаниците во Црна Гора почесто наведуваат искуства со ненасилни инциденти, како што се употреба за време на прослави, ловење, наследство и членување во клуб за стрелаштво, а испитаниците од Босна и Херцеговина се поизложени на насилни ситуации, вклучувајќи посведочување инциденти, заканување со огнено оружје и употреба за самоодбрана.

употреба. Кога ги замоливме да го дадат повеќе детали, повеќе од половина од нив (52 отсто) наведоа дека искусиле барем едно од десетте наведени ситуации со насилство со огнено оружје од Сликите 15а и 15б погоре. Речиси половина (44 отсто) споменаа ненасилни ситуации како што се ловење и тренирање, иако беа наведени само ситуации со насилство. Ова посочува дека употребата на огнено оружје во ненасилни ситуации е широко распространета културна појава во регионот и дека искуство со насилство може да се наведе ако прашањето е ограничено на неколку ситуации.[30]

Родот и возраста дополнително влијаат врз ваквите искуства. Кај мажите постои значително поголема веројатно да наведат дека искусиле насилна ситуација што вклучува огнено оружје (56 отсто наспроти 44 отсто), а жените почесто наведуваа ненасилни сценарија (51 отсто наспроти 41 отсто). Наследството од конфликтите во регионот има огромно влијание: „вооружен конфликт или војна" беше најчесто споменуваната ситуација од две третини (66 отсто) од лицата со релевантно искуство што се нагло се зголемува во зависност од возраста.[31] Родовите разлики исто така имаат влијание врз искуствата: кај мажите постоеше поголема веројатност да наведат изложеност на војна (44 отсто во споредба со 10 отсто), а жените почесто споменуваа инциденти како што се напади, вооружена грабеж и вежби во училиште (25 отсто од жените го наведоа последното во споредба со 1 отсто од мажите). Овие наоди го истакнуваат влијанието на генерациските спомени и родовата димензија на изложеноста на огнено оружје врз начинот на којшто се стекнуваат и помнат овие искуства со огнено оружје.

Во Босна и Херцеговина, врз искуствата со огнено оружје многу големо влијание има наследството од војната, при што натпросечни 56 отсто од лицата кои имале искуства со насилство наведуваат дека тоа се случило за време на вооружен конфликт. Други 6 отсто споменаа изложеност на насилство врз основа на етничка припадност. За разлика на тоа, во Северна Македонија искуствата со огнено оружје почесто се поврзани со ненасилни ситуации, поточно воена обука (38 отсто) и училишни вежби за цивили од времето на Југославија (12 отсто). И во Србија се споменаа практиките за цивилна одбрана (11 отсто), што посочува дека военото образование оставило генерациска трага. Но, во Албанија искуства со огнено оружје при неповрзани напади или случајни престрелки наведоа 12 отсто од испитаниците.

Од 11 отсто од жителите на Западен Балкан кои наведоа дека имаат искуство со огнено оружје во насилни или непрецизирани ситуации, две третини (66 отсто) изјавија дека најскорешното такво искуство се случило пред повеќе од 15 години. Инциденти што настанале поскоро од тоа поретко се наведуваат: 12 отсто во текот на претходната година, 11 отсто во изминатите една до пет години и 9 отсто од пред шест до петнаесет години. Кај мажите постои поголема веројатност отколку

---

**30** Врз основа на примерокот од 11 отсто од испитаниците од Западен Балкан кои одговорија на ова прашање, само 15 отсто од жителите во регионот наведоа директна изложеност на огнено оружје во насилни ситуации.

**31** Поточно, помалку од 5 отсто од лицата под 40 години го наведоа тоа, во споредба со речиси половина од лицата над 50 години.

кај жените да наведат дека искусиле таква ситуација неодамна – 13 отсто од мажите наспроти 6 отсто од жените имале искуство со огнено оружје во изминатата година. Но, двата рода најчесто велат дека последното искуство се случило пред повеќе од една декада. Кај лицата кои имале искуство со огнено оружје во насилна ситуација постои помала веројатност од просечната да наведат дека тоа се случило неодамна, а само 7 отсто од нив изјавија дека се соочиле со инциденти во изминатата година. Црна Гора се истакнува како исклучок: само 40 отсто од испитаниците наведуваат дека имале искуство со огнено оружје пред повеќе од петнаесет години, а 21 отсто велат дека таквото искуство се случило во изминатите дванаесет месеци, што посочува на неодамнешна и поактивна врска со огнено оружје во споредба со сите други јурисдикции.

*Слика 17.*

**Кој го изврши најнеодамнешното насилство со огнено оружје?**

**(n = 654** се однесува само на 11 отсто од испитаниците кои наведоа дека имале искуство со огнено оружје во насилни или други ситуации)




Од оние 11 отсто од Западен Балкан кои наведоа дека имаат искуство со огнено оружје – во насилни или ненасилни ситуации – 29 отсто посочија на полицијата и војската како главни чинители во најскорешното искуство (видете Слика 17). Потоа, следат осомничените криминалци или крадци кои беа споменати од 11 отсто, а 10 отсто одговорија со пријатели, познаници или соседи. Изненадувачки, 22 отсто од испитаниците тврдат дека не било извршено насилство, па затоа и немало сторител. Родот и возраста влијаат врз перцепциите: 36 отсто од мажите во споредба со само 9 отсто од жените одговорија со лица од полиција или војска, а кај жените постои

двојно поголема веројатност отколку кај мажите (16 наспроти 8 отсто) да наведат некое лице од социјалниот круг.[32] Овие трендови се поизразени кај лицата кои тврдеа дека имаат директно искуство со огнено оружје во насилни ситуации: Речиси половина од нив (47 отсто) одговорија со полиција или војска, 18 отсто ги обвинија криминалците, а 14 отсто наведоа познаници.

Постојат разлики и во зависност од јурисдикцијата. Во Босна и Херцеговина, 48 отсто ги посочија јавните тела, многу повисок процент од регионалниот просек, а во Албанија поголем број од испитаниците ги обвинија осомничените криминалци (29 отсто) и само 8 отсто ги споменаа органите за спроведување на законот. Во Северна Македонија, двата проценти се ниски (13 и 5 отсто), но значителни 52 отсто велат дека не било извршено насилство, што се јавува и од Србија, но во помала мера (36 отсто). За разлика од тоа, само 7 отсто од Албанија, 10 отсто од Босна и Херцеговина и 10 отсто од Косово го тврдат сличното, додека повеќето многу поретко наведуваат такви ненасилни сценарија. Овие варијации покажуваат како различните локални истории, институции и мрежи на познаници влијаат врз изложеноста на огнено оружје во јавност во регионот.

*Слика 18.*
**Дали би поседувале огнено оружје?**
**(n = 6819)**




32 Кај повозрасните испитаници, особено оние над 51 година, постои многу поголема веројатност да наведат институции (39 отсто), во споредба со само 5 отсто од лицата на возраст на 18-40 години.

Значително малцинство од жителите на Западен Балкан не се заинтересирани за тоа да поседуваат огненото оружје. Над 78 отсто тврдат дека не сакаат да поседуваат огнено оружје, во споредба со само 7 отсто кои изразија желба за тоа и други 8 отсто кои се неодлучни (видете Слика 18). 8 отсто од жителите вистински поседуваат огнено оружје, од кои 4 отсто го наследиле, 1 отсто го носат со себе по службена должност, 0,3 отсто се колекционери, а останатите 3 отсто наведоа други причини. Во согласност со наодите од литературата, кај мажите постои многу поголема веројатност отколку кај жените да покажат интерес за поседување оружје, 10 отсто наспроти 3 отсто. И возраста е јасен одлучувачки фактор: 10 отсто од лицата на возраст од 18-30 години изразија интерес, но таа бројка се намалува на само 2 отсто кај лицата над 60 години.

Демографските варијации додаваат важни нијанси во шемите на поседување огнено оружје и интересот за огнено оружје. Желбата за поседување огнено оружје се намалува кај повозрасните лица, почнувајќи со 10 отсто од лицата на возраст од 18 до 30 години, потоа бележи благо опаѓање до 9 отсто од лицата од 31 до 40 години, па дополнително опаѓа до 7 % од лицата на возраст од 41 до 50 години и до 5 отсто од лицата од 51 до 60 години, а само 2 отсто од лицата на возраст од 61 година и повеќе покажуваат таков интерес. Овој тренд ја истакнува поделбата меѓу генерациите, при што помладите лица, особено оние на возраст од 18 до 40 години покажуваат значително поголем интерес за поседување огнено оружје во споредба со лицата на возраст од 51 година и повеќе. Овие наоди посочуваат на можна промена на мислењата за огненото оружје и мотивациите за поседување огнено оружје, со што се истакнува потребата за спроведување политики и интервенции во кои се земаат предвид разликите во ставовите кон оружјето на лицата на различна возраст.

Во јурисдикциите постојат суптилни разлики во желбата за поседување огнено оружје. Со исклучок на Црна Гора (69 отсто), над три четвртини од испитаниците во Албанија (82 отсто), Босна и Херцеговина (75 отсто), Косово (81 отсто), Северна Македонија (79 отсто) и Србија (79 отсто) тврдат дека не сакаат да поседуваат огнено оружје. Само 5 отсто од жителите на Србија тврдат дека сакаат да поседуваат огнено оружје, а просекот во другите јурисдикции се движи меѓу 6-8 отсто. Црна Гора се истакнува со натпросечен број на испитаници (9 отсто) кои наведоа дека поседуваат огнено оружје поради наследство, колекционерство или службена должност. Овие шеми покажуваат како меѓусебната поврзаност на културните, генерациските и институционалните фактори влијае врз ставовите за огненото оружје во регионот.

*Слика 19.*

**Како би изреагирале ако некој од семејството или близок пријател ви каже дека размислува за тоа да набави огнено оружје?**
**(n = 6819)**




На прашањето како би изреагирале ако член на семејството или близок пријател размислува да набави огнено оружје, мнозинството од жителите на Западен Балкан (60 отсто) одговорија дека би се противеле, 16 отсто би го поддржале, а 25 отсто се неодлучни или рамнодушни (видете Слика 19). Интересно е тоа што мислењата за ова се попустливи од оние за личното поседување: 78 отсто велат дека не сакаат да поседуваат огнено оружје, а сепак, поголем дел од нив (16 отсто) би поддржале член на семејството или близок пријател. Овој јаз посочува дека постои одреден степен на социјална флексибилност или почит за личните избори, дури и кај лицата кои чувствуваат одбивност кон огненото оружје.

Поддршката за набавка на огнено оружје од членови на семејството или пријатели нагло се зголемува кај лицата кои имале директно искуство со огнено оружје. Меѓу лицата кои сакаат да поседуваат оружје, 75 отсто би поттикнале пријател или роднина да го стори истото, а 56 отсто од актуелните сопственици би го направиле истото. Искуството игра улога: 27 отсто од лицата кои ракувале со огнено оружје, 34 отсто од оние кои искусиле ситуации со огнено оружје и 24 отсто од лицата кои биле изложени на насилни ситуации исто така би дале поддршка за тоа. Двојно повеќе мажи отколку жени го поддржуваат тоа (22 отсто наспроти 10 отсто), а најсилна

поддршка даваат младите лица, оние на возраст од 18-30 години и 31-40 години.[33] Се јавуваат и варијации во зависност од географската положба: во Албанија, 76 отсто се противат на набавката на огнено оружје, што доста го надминува регионалниот просек, а во Црна Гора ставовите се попопустливи, при што 49 отсто се против и 23 отсто го поддржуваат тоа.

*Слика 20.*
**Која е главната причина поради која поседувате или сакате да поседувате огнено оружје**
**(n = 615** се заснова на 9 отсто од испитаниците кои тврдеа дека сакаат да поседуваат или веќе поседуваат огнено оружје поради други причини, а не за колекционерство, како наследство или по службена должност)




Кај оние 9 отсто од испитаниците од Западен Балкан кои тврдат дека поседуваат огнено оружје или дека сакаат да набават, рекреацијата се јавува како предоминантна мотивација (видете Слика 20).[34] Речиси половина од нив (46 отсто) како мотивација ги наведоа ловењето и стрелањето во мети, а 26 отсто ја посочија безбедноста. Помал дел ги споменаа продолжувањето на семејните традиции (12 отсто) или личната изложеност на насилство како поттик за желбата да се заштитат (7 отсто). Поделбата на мислењата меѓу актуелните и потенцијалните сопственици е огромна: 61 отсто од актуелните сопственици како мотивација ја наведоа рекреацијата, во споредба со 41 отсто од нив кои ја наведоа личната заштита. Од другата група, 31 отсто ја истакнаа заштитата, а 10 отсто безбедноста. И разликите меѓу родовите се изразени

33 Значително поголема поддршка даваат младите лица на возраст од 18 до 40 години (18 отсто од лицата од 18-30 години и 19 отсто од лицата од 31-40 години) во споредба со повозрасните лица на возраст од 51 година и повеќе (14 отсто од оние од 51-60 години и 12 отсто од оние над 61 година).

34 Од оваа процена се исклучени колекционерите на огнено оружје, лицата кои го наследиле оружје и службениците кои носат оружје.

во однос на мотивацијата за употреба на огнено оружје. Кај мажите постои поголема веројатност отколку кај жените да ја споменат рекреацијата (51 отсто наспроти 47 отсто), а жените ставаат многу поголем акцент на безбедноста, при што 47 отсто ја наведуваат како главна причина, во споредба со 21 отсто од мажите.

*Слика 21.*
**Која е главната причина поради која поседувате или сакате да поседувате огнено оружје, по јурисдикција**
**(n = 615** се заснова на 9 отсто од испитаниците кои тврдеа дека сакаат да поседуваат или веќе поседуваат огнено оружје поради други причини, а не за колекционерство, како наследство или по службена должност. Оваа слика ги исклучува одговорите „Не знам/Одбивам“)




Мотивациите за поседување или за желба за набавка на огнено оружје се разликуваат и во зависност од јурисдикцијата (видете Слика 21). Поточно, кај жителите на Албанија постои поголема веројатност од просечната да ги наведат небезбедноста (37 отсто) и рекреацијата (55 отсто) како мотивации, а оние од Босна и Херцеговина ги истакнуваат личната заштита и заштитата на семејството (19 отсто) и небезбедноста (36 отсто). Во Косово се става поголем акцент на рекреацијата (50 отсто), а во Црна Гора на традицијата (31 отсто) и рекреацијата (48 отсто). Во

Северна Македонија, големо влијание имаат чувството на небезбедност (34 отсто) и рекреацијата (33 отсто), како и во Србија (31 отсто и 43 отсто, по наведениот редослед). Овие цифри посочуваат дека врз преференциите за огнено оружје во регионот не влијаат само личните искуства и родовите норми, туку и поширокиот културен и национален наратив.

Се забележува и јасна поврзаност меѓу желбата за поседување огнено оружје и претходна лична изложеност на него. Кај лицата кои изразија интерес за поседување огнено оружје постои поголема веројатност да ракувале со огнено оружје (65 отсто) и да биле изложени на огнено оружје во насилни ситуации, честопати настанати неодамна за разлика од кај другите испитаници. Од друга страна, само 27 отсто од лицата кои немаат желба да поседуваат огнено оружје наведуваат слични искуства. Дури и лицата кои се неодлучни имаат натпросечно искуство со ракување со огнено оружје (41 отсто), но изложеноста на насилство и неодамнешноста на употребата на огнено оружје кај нив е поусогласена со регионалните норми. Во однос на ставот, потенцијалните сопственици и лицата кои се неодлучни генерално имаат попопустливо мислење за употребата и поседувањето огнено оружје од другите жители, иако втората група дава малку помала поддршка, што посочува дека запознаеноста со огнено оружје има моќно влијание врз преференциите и перцепциите.

Обично се очекува лицата кои сакаат да поседуваат огнено оружје да имаат попозитивни ставови и поголемо искуство со огнено оружје. Оваа хипотеза може да се тестира со статистичка анализа на петте главни фактори: претходно искуство со држење огнено оружје, искуство со огнено оружје во насилни ситуации, давање поддршка за поседувањето огнено оружје, прифаќање на употребата на огнено оружје во различни ситуации и мислења за влијанието на универзалниот пристап до огнено оружје врз стапката на криминал. Дискриминантната анализа открива дека од статистичка гледна точка, најубедливи индикатори за побарувачката за огнено оружје се одобрувањето на поседувањето огнено оружје, претходно искуство со држење огнено оружје и прифаќање на употребата на огнено оружје во одредени сценарија. Послаба поврзаност се поставува со мислењата за влијанието на универзалната достапност на огненото оружје и искуството со огнено оружје во насилни ситуации (видете Анекс 3).

*Слика 22.*

**Како би ја оцениле постапката за легална набавка на огнено оружје во вашата јурисдикција?**
**(n = 6819)**




Приближно половина од жителите на Западен Балкан тврдат дека се недоволно информирани за начинот на легална набавка на огнено оружје во јурисдикцијата каде што живеат. Ова е споредливо со наодот за 30 отсто од испитаниците кои го опишуваат процесот како „комплициран“, а само 15 отсто сметаат дека е „едноставен“ (видете Слика 22). Разликите меѓу родовите се изразени: 60 отсто од жените се чувствуваат недоволно информирано во споредба со 38 отсто од мажите, а само 11 отсто од жените и 19 отсто од мажите сметаат дека постапката е едноставна. Кај мажите, 39 отсто мислат дека постапката е сложена, што уште посилно го нагласува родовиот јаз во однос на упатеноста и перципираната достапност. Лицата кои изразија желба да поседуваат огнено оружје обично се подобро информирани: само 29 отсто се чувствуваат недоволно информирано, а мнозинството (52 отсто) сметаат дека постапката е сложена.

Нивото на упатеност за постапките поврзани со огнено оружје се разликува и во зависност од јурисдикцијата. Во Албанија, Србија, Босна и Херцеговина и Косово, приближно половина од испитаниците признаваат дека немаат доволно информации за постапките за набавка на огнено оружје, а овој број опаѓа на околу 40 отсто во Црна Гора и Северна Македонија. Мислењата за сложеноста на постапката исто така се разликуваат: помалку испитаници од Косово (20 отсто) и Босна и Херцеговина (25 отсто) сметаат дека процесот е сложен во споредба со регионалниот просек (30 отсто), а Црна Гора се истакнува со релативно разбирлив процес (23 отсто од испитаниците мислат дека постапката е едноставна). За разлика од тоа, само 10 отсто од испитаниците од Албанија и Србија сметаат дека процесот е едноставен, што ги истакнува нејасноста на регулативата и нерамномерното разбирање од жителите во регионот.

*Слика 23.*
**Според вас, до која мера е достапно нелегалното огнено оружје во вашата јурисдикција?**
**(n = 6819)**




Перцепциите за достапноста на огненото оружје се распространети до слична мера. Околу 38 отсто од испитаниците од Западен Балкан сметаат дека огненото оружје е умерено достапно, а 23 отсто мислат дека е лесно достапно (видете Слика 23). Повеќе мажи отколку жени мислат дека нелегалното оружје е умерено достапно (42 отсто и 34 отсто), но двата пола до слична мера сметаат дека е лесно достапно (23 отсто и 22 отсто, по наведениот редослед). Упатеноста во огненото оружје има големо влијание врз овие мислења: меѓу лицата кои ракувале со огнено оружје, 43 отсто велат дека нелегалното оружје е умерено достапно, а 29 отсто сметаат дека е лесно достапно. Овие бројки се уште повисоки кај лицата кои биле изложени на огнено оружје во насилни ситуации, при што 41 отсто мислат дека огненото оружје е лесно достапно, а 40 отсто го опишуваат како умерено достапно.

Перцепциите за достапноста на огненото оружје значително се разликуваат во зависност од јурисдикцијата. Имено, кај жителите на Албанија (29 отсто) и Босна и Херцеговина (31 отсто) постои голема веројатност да сметаат дека лесно се пристапува до нелегално огнено оружје, бројки што се далеку над регионалниот просек од 23 отсто. За разлика на тоа, во Србија, Црна Гора и Косово помалку од едно од пет лица го делат ова мислење, што се совпаѓа со ставовите на повеќето жители на јурисдикциите, односно дека нелегалното оружје не е широко распространето во општеството. Во овие области, речиси 20 отсто од испитаниците мислат дека нелегалното огнено оружје е тешко достапно, во споредба со регионалниот просек од само 16 отсто. Овие разлики посочуваат на тоа дека состојбата во јурисдикциите, наследството од конфликти во минатото и локалните органи за спроведување на законот продолжуваат да влијаат врз јавното мислење за достапноста на нелегалното оружје во регионот.

# 5.

# МИСЛЕЊА НА ЕКСПЕРТИ ЗА ПОБАРУВАЧКАТА ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

Квалитативните интервјуа и фокус-групите даваат понијансирана претстава за јавниот став кон огненото оружје, што ги надополнува наодите од регионалните анкети. Од повеќе од 60 испитаници во Западен Балкан, многумина сметаат дека поседувањето огнено оружје поради лична заштита, традиција или рекреација произлегува од традиционалните родови улоги и потрагата за ментална безбедност. Имено, чувството на небезбедност се јави како моќен двигател на поседувањето и желбата за набавка на огнено оружје во Западен Балкан. Ова мислење е особено изразено кај испитаниците кои сметаат дека треба да се либерализираат законите за огнено оружје и кај одреден дел од актуелните сопственици. Исто така, ова мислење е широко распространето меѓу мажите кои тврдат дека чувствуваат „должност“ да поседуваат огнено оружје за го заштитат домот и семејството.

Иако постојат разлики во јурисдикциите, перципираните закани во Западен Балкан се однесуваат на неколку заеднички теми. Тука се вбројуваат стравовите поврзани со организираниот криминал, меѓучовечкото насилство и насилството од интимен партнер, страв од деликвенција кај младите и во Србија и Босна и Херцеговина, загриженост поради растечкиот број на мигранти (кои се претставуваат како сè поголем безбедносен проблем).[35] Некои жени наведуваат закана од насилство во јавни и домашни средини и честопати го поимаат огненото оружје само како средство за самоодбрана. Важно е да се напомене дека лицата кои се противат на либерализацијата на огненото оружје обично имаат различен став. Тие сметаат дека безбедноста во регионот е подобрена од турбулентните 90-ти години и дека заштитата на јавната безбедност е во доменот на институциите, а не на поединците. Интересно е тоа што голем број од актуелните сопственици на огнено оружје, а особено ловџиите, се противат на изјавата дека чувањето оружје во домот ја зголемува безбедноста. Наместо тоа, тие истакнуваат колку е важно законите да бидат јасни и строги и да се спроведуваат со цел да се спречи злоупотреба.

Поврзаноста меѓу позитивните мислења за огненото оружје и желбата за лична заштита се особено изразени кај лицата од Албанија, Косово и Босна и Херцеговина. Се чини дека оваа поврзаност е посебно силна во области каде што постои ниска доверба во јавните институции, при што се чини дека криминалот или присуството на организирани криминални групи се поврзани со намалената доверба во способноста на јавните институции да овозможат заштита. Женските лица што беа интервјуирани ги нагласија ризиците со кои се соочуваат жените и девојчињата во јавните и приватните средини, што посочува дека довербата во способноста на институциите да овозможат заштита е нерамномерна. Но, други испитаници сметаа дека безбедноста е одговорност на јавните институциите и дека вооружувањето

**35** Иако мнозинството во регионот се подготвени да ги прифатат имигрантите, особено оние надвор од рамките на ЕУ, преовладува загриженоста за нивната интеграција и безбедноста. Според Секјуриметарот од 2024 година, „31 отсто имаат позитивен став за имигрантите поради тоа што се ублажува недостигот на работна сила, а 39 отсто се плашат од отпуштање од работното место. Слично на тоа, мислењето е поделено во однос на влијанието врз културата и безбедноста, при што 34 отсто сметаат дека имиграцијата ја збогатува културната разнообразност, а 40 отсто стравуваат од можни тензии во општеството“.

цивилни лица ја нарушува јавната безбедност. Интересно е тоа што некои од интервјуираните лица ја опишаа тековната безбедносна состојба како подобрена во споредба со насилното минато, што посочува дека постои претпазлив оптимизам и покрај конзистентната небезбедност.

## Културна и симболична приврзаност за огненото оружје

Културните и традиционалните норми што се поврзани со идентитетот, семејното наследство и моделите на родови улоги беа издвоени како двигатели на побарувачката за огнено оружје. На прашањето која е личната мотивација за поседување огнено оружје, многумина од испитаниците во фокус-групите го наведоа ловењето како „семејна активност“ или огненото оружје на таткото или други машки роднини. Интервјуата открија дека огнено оружје честопати се смета за семејно наследство и се поврзува со практики на ловење што се пренесуваат од една на друга генерација. Поседувањето и употребата на огнено оружје исто така се опишуваат како силно поврзани со машкоста и „должноста“ на мажот да ги заштити домот и семејството. Мажите се сметаат за главните сопственици и корисници на огнено оружје. Но, некои од учесниците, вклучувајќи ги продавачите на огнено оружје и сопствениците на стрелишта за спортско стрелаштво, наведоа дека интересот на жените за огнено оружје се зголемува.

Огненото оружје исто така има својствена, симболична вредност што е поврзана со националниот идентитет, отпорот во минатото, па дури и тензиите меѓу заедниците. Оваа културна симболика беше посебно истакната кај испитаниците кои живеат во рурални области, каде што огненото оружје се користи за време на прослави и при обиди за разрешување долгогодишни семејни спорови.[36] Учесниците во фокус-групите потврдија дека овие традиции не само што ја поттикнуваат побарувачката за огнено оружје, туку и доведуваат до нормализирање и величање на поседувањето оружје, што претставува тешкотија за пренесување на пораките за јавна безбедност. Наодите од анкетата, во кои беа истакнати поддршката за ракување со оружје меѓу мажите и широко распространетото противење на пиштол играчки за деца, се совпаѓаат во овие културни трендови. Накратко, традицијата не само што ја поттикнува побарувачката, туку и ги засенува главните загрижености за ризиците поврзани со огненото оружје.

Во однос на општествените ставови кон поседувањето огнено оружје, мислењата во регионот се поделени. Од една страна, многу учесници признаа дека постојат предизвици што се поврзани со набавката на огнено оружје, вклучувајќи ги и бирократските пречки, големиот трошок за безбедно чување и општествената стигма. Неколку испитаници наведоа дека за сопствениците на оружје некогаш

**36** Овие наоди се потврдени од SEESAC. 2021. https://www.seesac.org/f/docs/Armed-Violence/In-Focus-Armed-Violence-Monitor-on-Celebratory-Shootings-in-SEE-in-2021_.pdf.

постои неправеден стереотип дека се агресивни или криминалци, што поттикнува некои лица да го кријат своето легално или нелегално оружје. Од друга страна, повеќето интервјуирани лица се противеа на поедноставувањето на пристапот и како причина ги наведоа алтруистичките вредности, јавната безбедност и мислењето дека цивилните лица не треба да се вооружени. Овие спротивни ставови низ Западен Балкан и во јурисдикциите посочуваат на поошта тензија во општеството помеѓу личната и колективната безбедност, што е евидентирана и во анкетата.

Според учесниците во фокус-групите, традиционалните и дигиталните медиуми во Западен Балкан исто така суптилно, но значајно влијаат врз јавните ставови за огненото оружје. Некои лица сметаат дека два главни механизми се двигатели на оваа поврзаност. Првиот е сензационалистичко известување за инциденти поврзани со огнено оружје, вклучувајќи случаи со масовни престрелки, фемицид и организиран криминал. При медиумската покриеност честопати не се пренесуваат нијансите, се зголемува стравот и понекогаш, невнимателно се велича употребата на огнено оружје. Вториот механизам се популарните медиуми како што се спотовите на песни, телевизиските серии, видеоигрите и филмовите, преку кои наводно се воздигнуваат хипермашките и патријархални архитипови во кои огненото оружје е симбол за моќ, херојство и контрола. Интервјуираните лица од фокус-групите сметаат дека ваквото претставување придонесува за нормализирање на културата поврзана со огнено оружје, особено кај младите мажи.

Сметаат и дека социјалните мрежи ја зголемуваат побарувачката за огнено оружје кај младите мажи, од кои многумина поминуваат многу време на онлајн игри и форуми за дискусии. Платформите како што се Инстаграм, Тикток, Јутјуб и Дискорд обезбедуваат средина за инфлуенсерите и корисниците да објавуваат содржини во кои се романтизира поседувањето огнено оружје, при што ретко се дава поголем контекст или критика. Иако е тешко емпириски да се воспостави директна причинско-последична врска меѓу изложеноста преку медиумите и набавката на огнено оружје, студиите што се спроведени во слични средини покажуваат дека континуираната изложеност на содржини со насилство во кои се става акцент на огненото оружје може да ја зголемат десензибилизацијата на насилство и да ги променат нормите поврзани со поседувањето огнено оружје (Krahe, Moller, Huesmann, Kirwil, Felber and Berger, 2011). Во Западен Балкан, каде што наследството од неразрешени конфликти и ниската доверба во институциите веќе се двигатели на побарувачката, зајакнувањето на културата за огнено оружје преку медиумите може да делува како моќен катализатор.

## Тековни дебати за рестриктивни закони за огнено оружје

Дебатите за поседувањето огнено оружје и законодавните рамки за контрола на огнено оружје се теми кои предизвикуваат поделба во Западен Балкан. Лицата кои го поддржуваат поседувањето огнено оружје некогаш го наведуваат „правото“ на

самоодбрана како главно оправдување, а овој мислење го делат и мажите и жените, при што жените се позагрижени за личната безбедност во јавните и приватните простори. Меѓу другите мотивации се вбројуваат ловењето, кое честопати се опишува како долготрајна семејна традиција и желбата да се зачува наследеното огнено оружје како дел од семејното наследство. Некои од продавачите на огнено оружје, ловџиите и лицата кои практикуваат спортско стрелаштво го сметаат за „право“ на поединецот. Но, многумина од овие групи исто така истакнуваат колку е важно сопствениците да се одговорни и совесни и да постојат строги законски ограничувања, особено кога станува збор за употреба на огнено оружје за самоодбрана.

Учесниците на фокус-групите од јурисдикциите во Западен Балкан препознаа колку се важни актуелните барања за одобрување дозволи за огнено оружје, но истакнаа дека постојат недостатоци во нивното спроведување. Многумина беа загрижени поради тоа што не се врши надзор и спроведување на овие барања, како и теренски проверки или процени на менталната состојба откако ќе се одобрат ваквите дозволи. Експертите со кои се консултиравме ги посочија дека несоодветните казни за нелегално поседување оружје, регулативата што дозволува поседување полуавтоматско оружје од цивилни лица и преправањето на несмртоносно оружје имаат многу штетно влијание, особено во Србија и Црна Гора.[37] Овие информации се совпаѓаат со наодот од анкетата дека неразбирливите законски постапки за поседување огнено оружје, заедно со перципираната лесна достапност на нелегалното огнено оружје, придонесуваат за матната состојба со огненото оружје.

Контакт точките за огнено оружје во Западен Балкан истакнаа дека во регионот се фрагментирани регулативите за огнено оружје. Лицата кои работат во ова поле потврдија дека контролата е строга, но признаа дека спроведувањето е честопати нерамномерно и попречено од предоминантните општествени норми, ограничените работни капацитети и оружјето што се предава во наследство. Албанија се издвојува по строгите закони, но како опстојувачки предизвик се наведе недозволената трговија со огнено оружје (вклучувајќи и преку онлајн платформи). Босна и Херцеговина продолжува да се справува со вишокот оружје од конфликтите во минатото, а Косово се мачи со редовно спроведување теренски проверки. Црна Гора и Србија јавуваат тековни предизвици со огненото оружје од времето на војната и спроведувањето процени на здравјето на подносителите на барање за дозвола, а во Северна Македонија е постигнат напредок во преструктурирањето на процесот за одобрување дозволи, но постои ниска јавна свест. Во мај 2023 година, по две трагични масовни престрелки, во Србија привремено се укина издавањето нови дозволи за огнено оружје, се отпочна едномесечен процес за амнестија на сите жители кои

---

**37** Полуавтоматското оружје е дозволено со закон и со Директивата на ЕУ за набавка и поседување огнено оружје. Како на пример, полуавтоматско долго огнено оружје со магацин и лежиште на куршуми што може да примат до три куршуми ако е репетирачко огнено оружје и повеќе од три, но помалку од 12 куршуми ако е огнено оружје со централно палење; полуавтоматско кусо огнено оружје (за кое постојат некои ограничувања); полуавтоматско долго огнено оружје и репетирачко и полуавтоматско долго огнено оружје со нежлебена цевка со должина до 60 см. Видете EU (2021) Official Journal of the European Union, 115/21 8.

доброволно ќе го предадат нелегалното оружје и се наложија сеопфатни проверки на постојните дозволи за огнено оружје, што укажува како неочекувани надворешни настани може да предизвикаат брза промена на регулаторните приоритети.

## Безбедност, статус и симболика како мотивации

Преку дискусиите со т.н. „кризна група" во Западен Балкан се открија низа заеднички грижи кај лицата кои се противат на поедноставување на купувањето и набавката на огнено оружје. На прво место е можноста огненото оружје да ги претвори секојдневните спорови во смртоносни настани. Учесниците предупредија дека самото присуство на пиштол може да предизвика агресија, особено кога страстите се на високо ниво или лицата се под дејство на алкохол. Се истакна и загриженост поврзана со менталното здравје: неколку учесници тврдеа дека лесната достапност на огненото оружје за лица со депресија, злоупотреба на дроги и неразрешена траума – што обично се предоминантни појави во постконфликтни општества – претставува опасност. Друга често споменувана тема беше ранливоста на децата: несоодветното чување огнено оружје, особено во домаќинства каде што не се следат законските обврски, се смета за директна закана по безбедноста на децата. Учесниците наведоа разни трагични несреќи поврзани со огнено оружје што го зацврстиле јавното мислење за построга регулатива за огнено оружје.

Но, лицата кои се застапуваат за полесен пристап до огнено оружје како аргументи ги наведоа личната слобода, националната традиција и јавната безбедност. Ловењето и спортското стрелаштво постојано се споменуваа како легитимни и честопати меѓугенерациски рекреативни активности за кои е потребен пристап до соодветна опрема, како и огнено оружје. За многумина, особено од руралните области во Србија и Црна Гора, оружјето е дел од културното наследство што го предаваат татковците и дедовците. Самоодбраната исто така се јави како често оправдание, особено кај жените кои се плашат од семејно или родово базирано насилство и мислат дека огненото оружје овозможува ментална сигурност, а не секогаш делува како физички превентивно средство. Интересно е тоа што само неколку учесници наведоа дека употребиле оружје во ситуација со закана, додека за повеќето поседувањето оружје претставува избор на самодоверба или симбол за заштита.

Иако некои од испитаниците од сесиите со кризната група тврдеа дека вооружувањето одговорни жители би го олеснило спречувањето криминал и би одвраќало од извршување насилство, повеќето се противеа на широка распространетата употреба на огненото оружје. Наместо тоа, тие се застапуваа за селективен пристап, тврдејќи дека жителите кои го почитуваат законот не треба да се казнуваат поради постапките на криминалците. Исто така, наведоа дека поедноставувањето на пристапот може да го сузбие нелегалниот пазар со огнено оружје, кој постои поради голема побарувачка и ограничена понуда. Но, дури и лицата кои поддржуваат либерализација на огненото оружје признаа дека процените

на здравствената состојба, безбедното чување и ограничувањата при одобрувањето дозволи за огнено оружје се клучни за да се спречи злоупотребата и да се избегнат штетни последици. Оние со различно мислење истакнаа дека поедноставувањето на законската рамка, која веќе несоодветно се спроведува, би можело да резултира со зголемен број на несреќни случаи, самоубиства и насилни конфликти.

Преку дискусиите се истакна големото влијание на општествените вредности и довербата во институциите врз ставовите за огненото оружје. Родовите норми сè уште се одлучувачки фактор: мажите честопати воспоставуваа врска меѓу огненото оружје и заштитата на нацијата и семејството, а мислењето кај жените беше поделено, при што некои се застапуваа за самоодбрана, а други јасно се противеа на пристапот до огнено оружје за цивилни лица. Традиција, неконзистентно дефинирана, останува една од главните причини, што често се користеше за да се оправда поседувањето огнено оружје, но ретко како аргумент против тоа. Немаше доволно докази за тоа дека огнено оружје се смета за симбол на статус или моќ. Но, многумина, дури и некои од лицата кои поддржуваат легален пристап до огнено оружје беа загрижени за неодговорното величање на огненото оружје во медиумите, односно влијанието од тоа врз младите. Учесниците од двата панели од кризната група се согласија дека јавното образование, одговорното пренесување пораки и ригорозното спроведување на законите се клучни за огненото оружје да не стане ризик по јавното здравје и средство за одмазда.

Како што е наведено погоре, се смета дека медиумите и популарната култура имаат големо влијание врз величањето на огненото оружје од младите лица, особено преку музика, филмови и онлајн содржини. Сепак, експертите кои работат директно со млади, вклучувајќи ги наставниците, психолозите и социјалните работници тврдат дека злоупотребата на огнено оружје не се должи до толку голема мера на медиумите колку што се должи на подлабоко вкоренетите структурни предизвици: уништувањето на авторитетот во семејството, ослабениот надзор во општеството, влијанието од врсниците и влошувањето на образовниот систем. Иако огненото оружје некогаш се претставува како симбол на статусот, повеќето актуелни и потенцијални сопственици не се согласуваат со овој став и честопати се разочарани од стереотипите што го поистоветуваат поседувањето огнено оружје со насилство или криминалитет. Исто така, финансискиот товар од поседувањето огнено оружје, особено за активности како ловење, може да делува како ограничувачки фактор, зашто многумина признаваат дека легалното поседување огнено оружје подразбира големи трошоци.

## Директна изложеност и историско наследство

Преку дискусиите на фокус-групите со сопствениците на огнено оружје од Западен Балкан се открија низа мотивации, вклучувајќи ги желбата за безбедност, рекреацијата и традицијата што се совпаѓаат со наодите од анкетата. Многу учесници, особено од Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, ги наведоа ловот и спортското

стрелаштво како главни причини за поседување огнено оружје. Како што е наведено во литературата и анкетата, овие активности честопати се пренесуваат од генерација на генерација, при што огненото оружје се третира како семејно наследство и средство за рекреација, а не како симбол на статусот или знак за агресивност. Правилата што се поврзани со употребата на оружје, особено во рамките на семејството, се честопати строги и наложени од машките членови, што посочува дека постои длабоко вкоренета култура на контрола и одговорност. Интересно е тоа што иако се призна дека трошоците за огненото оружје, дозволата и муницијата се големи, ова не е доволно силен одвраќачки фактор – сопствениците наведоа дека имаат повеќе парчиња огнено оружје.

Лицата кои тврдат дека не практикуваат ловење, пак, како мотивации ги наведоа колекционерството и оставањето во наследство, што честопати се поврзани со вредноста на огненото оружје од емоционална гледна точка. Неколку сопственици го опишаа огнено оружје како спомен од таткото или дедото, како симбол на продолжување на наследството наместо средство за лична заштита. Сепак, постои јасна неповрзаност меѓу овие лични наративи и мислењето на пошироката јавност: податоците од анкетата покажуваат дека мнозинството од жителите се противат на набавката на огнено оружје од пријател или член на семејството.[38] И покрај тоа што многу сопственици добија неутрални реакции од општествените кругови, останатите лица, особено жените и помладите сопственици наведоа дека е важно огненото оружје да се чува скриено, особено од деца поради страв од стигматизирање или случајно нанесување повреда. Оваа контрадикција посочува дека постои сложен обид за урамнотежување на гордеењето со традицијата и грижата за јавното мислење.

При интервјуата со фокус-групите, се наведе дека поседувањето огнено оружје предизвикува чувство на ментална сигурност и безбедност во разни ситуации. Сопствениците, особено оние од Косово и Босна и Херцеговина како оправданија за поседувањето огнено оружје ги наведоа ниската доверба во органите за спроведување на законот, високата стапка на криминал, па дури и стравот од обновување на конфликтите. Овие мислења се контрадикторни со наодите од анкетите за мислењето на пошироката јавност.[39] Жените од овие групи честопати го поврзуваа интересот за огнено оружје со самоодбрана при семејно насилство или сексуален напад. Сепак, малкумина учесници изјавија дека се подготвени да го употребат огненото оружје при закана. Законските ограничувања и стравот од укинување на дозволата или од кривична казна се моќни одвраќачки фактори. Повеќето сопственици знаат дека

**38** Треба да се напомене дека доброволната набавка на огнено оружје се разликува од наследувањето огнено оружје, при што повеќето лица кои имаат огнено оружје што им било оставено во наследство од починат член на семејството честопати не се запознаени со законската постапка за негово одлагање, додека оние кои одлучуваат да набават огнено оружје мора активно да учествуваат во постапките за набавка и добивање дозвола за огнено оружје.

**39** На пример, повеќе од 85 отсто од испитаниците во Косово наведоа дека се „задоволни“ со тоа како полицијата си ја врши работата за периодот од мај 2024 година. Видете https://app.powerbi.com/w?r=eyJrIjoiYWFhZWIxZTEtMDc2Yi00MjUyLTgwZWUtMTI3ZDNkMzE2NWJiIiwidCI6ImIzZTVkYjVlLTI5NDQtNDgzNy05OWY1LTc0ODhhY2U1NDMxOSIsImMiOjh9.

треба да се исполнат конкретни законски услови за да се употреби огнено оружје во самоодбрана, што се совпаѓа со наодот дека огненото оружје честопати се задржува симболично или за ментална сигурност, а не со намера за практична примена.

Поделеноста на мислењата меѓу родовите е исто така истакната. Фокус-групите, особено во Албанија и Косово истакнаа дека повеќето жители сметаат дека огненото оружје е машка област. Жените што учествуваа во дискусиите честопати потврдуваа дека постои ваква норма, наведувајќи историски и културолошки причини за предоминантноста на машките сопственици на огнено оружје. Но, неколку учесници се исклучок од овој стереотип: учесничките од Србија и Босна и Херцеговина споделија лични искуства со ловење и набавка на огнено оружје за заштита на семејството. Сепак, повеќето го продолжиле наследството од машките членови на семејството, а не одлучиле самостојно да се спротивстават на родово базираните очекувања. Во многу случаи, огненото оружје им било оставено во наследство против нивна желба и го задржале поради сентименталната вредност, а не заради тоа што е практично за примена.

Мислењата за законската рамка за огнено оружје се поделени, но генерално информирани. Повеќето сопственици се запознаени со постапките за одобрување дозвола и тврдеа дека овие постапки се усогласени со законот. Но, беа разочарани од прекумерно строгите или „дискриминаторни“ одредби, а особено со одредбите за укинување на дозволата поради полесни прекршоци. Сопствениците на огнено оружје побараа построги проверки, особено во однос на евалуацијата на физичкото и менталното здравје и наведоа дека процесот за добивање дозвола е корумпиран. Некои лица посочија на иронијата дека прекумерно сложените постапки може ненамерно да ја зголемат побарувачката за нелегално оружје. Иако некои од сопствениците признаа дека имаат познавања за нелегалниот пазар од прва рака, многумина од нив сметаат дека овој пазар опстојува поради останатото оружје од војните во регионот и органите за спроведување на законот. Некои учесници во фокус-групите сметаат дека надлежните институции треба да спроведуваат кампањи преку кои лицата кои поседуваат нелегално огнено оружје ќе се поттикнат да го регистрираат или легализираат, посочувајќи дека поедноставени постапки и помалку казнени мерки може да ја намалат активноста на црниот пазар и да ја зголемат јавната безбедност.

## Забуни поврзани со легалниот пристап до огнено оружје

Преку дискусиите со фокус-групите од Западен Балкан се потврди дека ловењето како длабоко вкоренета културна традиција што е регулирана преку формални здруженија е предоминантна мотивација за лицата кои поседуваат легално огнено оружје. За да се зачленат во здружение за ловење, лицата треба да положат строги тестови за законите за заштита на дивите животни и одговорната употреба на огненото оружје. Тие може да аплицираат за дозвола за огнено оружје, процес во кои

мажите се предоминантни, само ако ги исполнат овие барања. Иако рекреативното стрелаштво станува сè попопуларно, особено кај жителите во урбани области и дијаспората што се враќа (особено во Косово), овие активности се строго регулирани. Покрај одредени исклучоци, повеќето стрелишта се контролирани средини, каде што се спроведува надзор и е потребно да се приложи документ за идентификација. Иако е дозволено малолетни лица да вежбаат стрелаштво под надзор од возрасни лица[40], неодамнешните трагични масовни престрелки што се случија во училиште во Србија во 2023 година[41], во училиште во Босна и Херцеговина во 2024 година и [42] и во Црна Гора во 2025 година[43] отпочнаа дискусија за правилата за регулирање.[44] И покрај законската двосмисленост, нормата се придвижува кон построги мерки на претпазливост за учеството на младите во вакви активности.

Културните наративи за ловењето и рекреативното стрелаштво се силно поврзани со наследството, идентитетот и машкоста. Многумина учесници наведоа дека ловењето е наследство што се пренесува од генерација на генерација и има сентиментална вредност, што честопати ги засенува ризиците од практичната примена на огненото оружје. Соодветен пример за ова е 70-годишната вдовица која поминала низ мачен процес за одобрување дозвола за огнено оружје само за да ја задржи пушката на починатиот сопруг како семејно наследство. Иако ловењето влече корени од руралните средини, интересот за оваа активност се зголемува во урбаните области поради зголемувањето на приходите и промената на начинот на живот. Сепак, длабоко вкоренетите родови норми опстојуваат, при што мнозинството ги сметаат ловењето и стрелаштвото за машка област, а учеството на жените во овие активности е ограничено поради обврските во домаќинството. На пример, патувањата за викенд со цел да се практикува ловење се опишаа како непрактични за жените, со што се поттикнуваат стереотипите дека огненото оружје е „машка алатка“.

Рекреативното стрелаштво и ловењето ги откриваат прикриените тензии во однос на политиката за огнено оружје. Повеќето од ловџиите и лицата кои

**40** На пример, во разни правни режими е дозволена употребата на одреден вид огнено оружје од малолетни лица. Младинската олимпијада содржи четири дисциплини што се поврзани со огнено оружје (на пр. воздушни пушки и пиштоли) во кои може да учествуваат млади на возраст од 15-18 години.

**41** На 3 мај 2023 година, 13-годишен ученик почнал да пука во присутните во основното училиште „Владислав Рибникар“ во Белград, при што усмртил деветмина соученици и еден чувар и повредил шест други лица. Лицето што пукало, кое биле премногу младо за кривично гонење според српскиот закон, го искористило легалното огнено оружје на својот татко. Видете https://apnews.com/article/serbia-school-shooting-parents-trial-b74c4c3c057854501529511e28dbd6bb.

**42** На 21 август 2024 година, хигиеничар кој почнал да пука со автоматска пушка убил три лица од персоналот на средно училиште во западот на Босна, а потоа се самоубил. Друг инцидент се случил на 27 мај 2024 година, кога биле повредени шестмина мажи при престрелка во прифатниот центар во близина на Сараево. Видете https://balkaninsight.com/2025/05/27/shooting-at-migrant-centre-in-bosnian-capital-leaves-six-injured/.

**43** На 1 јануари 2025 година, во Црна Гора се случила најсмртоносната масовна престрелка, кога Ацо Мартиновиќ убил 13 лица и повредил три други лица при низа масовни престрелки низ Цетиње и околните села. Видете https://balkaninsight.com/2025/05/06/four-months-after-second-mass-shooting-in-montenegro-public-demands-answers/.

**44** Видете, на пример, УНДП https://www.undp.org/serbia/projects/reduce-risk-increase-safety-3.

практикуваат спортско стрелаштво се претставуваат како одговорни лица кои го почитуваат законот, нагласувајќи дека строго се придржуваат до законските и безбедносните барања. Вистина е дека мнозинството од сопствениците, ловџиите и продавачите на огнено оружје во која било јурисдикција покажаа дека темелно се запознаени со постојните закони и рестрикции за поседување и употреба на огнено оружје. Повеќето испитаници мислат дека постојните одредби за огнено оружје се строги и рестриктивни. Некои од сопствениците и продавачите на огнено оружје, вклучувајќи и од Косово, подржуваат и воведување построги мерки, меѓу кои се опфатени лекарски потврди и теренски проверки како дел од процесот за одобрување дозвола за огнено оружје. Другите, вклучувајќи лица од Србија и Црна Гора, тврдат дека строгите постапки важат само за одговорните граѓани кои го почитуваат законот.[45]

Голем број од сопствениците на огнено оружје се пожалија дека е неправедно да им се укине дозволата поради ситни инциденти. Некои сметат дека ова претставува форма на институционална дискриминација, претставувајќи се како „жители од втор ред" кои сепак го почитуваат законот. Повеќето сметаат дека вистинската закана не потекнува од сопствениците на легално огнено оружје, туку од нерегистрираните парчиња оружје од времето на војната што сè уште кружат низ регионот. Интересно е тоа што во Косово, на пример, се спомена дека некои членови на здруженијата за ловење не се зачленуваат поради спортот, туку за да можат законски да поседуваат современо огнено оружје, што посочува дека членството во здружение некогаш може да се искористи за да се постигнат други амбиции. Сепак, сопствениците на стрелишта истакнаа дека во повеќето стрелишта се воведени строги безбедносни мерки и јасни барања за безбедно складирање на огненото оружје, постојан надзор и редовен полициски надзор, што е во целост спротивно на загриженоста за непровереното ширење на нелегалното оружје.

## Мислење дека лесно се набавува нелегално огнено оружје

Дискусиите на фокус-групите со лиценцирани продавачи на огнено оружје во Западен Балкан овозможија нијансиран увид во двигателите на побарувачката за огнено оружје, а како главни мотивации се јавија ловењето, личната заштита и културните традиции. Пиштолите (особено оние со големина 9x19 mm), сачмарките, карабините и ловџиските пушки сè уште се најбараните видови на огнено оружје. Иако побарувачката се разликува во зависност од јурисдикцијата, огненото оружје за ловење е најбарано во Србија, Албанија и Црна Гора, а пиштолите се посебно популарни во Северна Македонија. Интересно е тоа што во Босна и Херцеговина

45 Ловџиите честопати се жалат на прекумерно строги законски одредби во однос на чувањето огнено оружје, правилата за употреба и околностите што може да предизвикаат укинување на дозволата за огнено оружје.

постои зголемен интерес за огнено оружје со маневарска муниција што се користи за време на свадби и прослави, при што продавачите сè почесто ги нудат како алтернатива за боева муниција. Во Косово, експертите истакнаа дека расте популарноста на маневарската муниција и се зголемува побарувачката за огнено оружје, навидум за целите на лична заштита.[46]

Продавачите од регионот наведоа дека побарувачката е намалена или стагнира по настанатите масовни престрелки.[47] Овие инциденти, заедно со притисокот од јавноста и зацврстените законски мерки довеле до построги проверки на купувачите и продавачите. И покрај намалувањето, побарувачката за огнено оружје за ловење останува стабилна и поттикната од традицијата и рекреацијата. Спортското стрелаштво што се смета за намалување на стресот сè уште ги привлекува посветените практичари, а другите лица – особено во Косово – набавуваат огнено оружје поради страв од криминал или можни конфликти во иднина. За разлика од тоа, неколку помлади практичари од Северна Македонија покажаа помал интерес за набавка и одлучиле да го онеспособат наследното оружје. Постојат различни причини, почнувајќи од променети вредности кај генерациите, па сè до построга регулатива и поголема свест за ризиците од огненото оружје.

Продавачите постојано нагласуваат дека строго се придржуваат до законските стандарди за увоз, складирање и продавање огнено оружје. Постапката за увоз сè уште е бирократски мачна и наложува поседување разни дозволи и специјализирани возила, особено во Косово. Некои банки одбиваат да отвораат сметки за продавници за огнено оружје, со што дополнително се стигматизираат бизнисите чија дејност подлежи на законски ограничувања. Повеќето продавачи водат детална евиденција за клиентите и соработуваат со полицијата при спроведувањето проверки. Но и покрај тоа, продавачите наведуваат дека законските постапки знаат да бидат толку збунувачки што случајно насочуваат некои купувачи кон пазарот за нелегално огнено оружје. Во Албанија и Косово, кон овој ризик придонесуваат и зголемените цени на огненото оружје поради скапите процеси за увоз и комплицираниот синџир на снабдување.[48]

Културните норми и традиционалните родови улоги се многу важни фактори во однос на профилот на купувачите. Мажите на возраст од 30-45 години кои живеат во рурални или богати урбани средини се убедливо најчестите купувачи на огнено оружје поради желбата да го заштитат семејството или поради ловење. Широко распространет е ставот дека огненото оружје е симбол за машкоста, а продавачите наведуваат дека жените почесто избегнуваат да поседуваат огнено оружје или пак, се соочуваат со родово базирани предрасуди при обидот за набавка. Жените продавачи на огнено оружје во Албанија и Босна и Херцеговина велат дека некои машки

46 Треба да се напомене дека употребата на оружје за светлосно-звучна сигнализација е забранета во Косово, освен за спортската федерација што користи плашливци.

47 Повеќе масовни престрелки се случиле во регионот во изминатите години.

48 Според испитаниците од фокус-групите, цената на огненото оружје е намалена на одредени места, а муницијата е поскапа, што дополнително влијае врз дозволената трговија со огнено оружје.

клиенти одбиваат да соработуваат со нив, што ги поттикнува длабоко вкоренетите патријархални ставови. Некои продавачи го споменаа влијанието на популарната култура, т.е. Филмовите, музиката, видеоигрите, а други наведоа дека не забележале такво влијание врз младите, што посочува дека во регионот постојат разни трендови.

Продавачите од разните јурисдикции дадоа неколку препораки во однос на политиките. Тие бараа подобра едукацијата на јавноста за поседувањето и употребата на огнено оружје на одговорен начин, построго спроведување на законите при нелегално поседување и поефективни кампањи за легализација со цел да се намали бројот на парчиња оружје од војната што сè уште се користат. Продавачите од Косово истакнаа дека институциите треба да спроведуваат програми за подигање на свеста на младите и промовирање безбедност поврзана со огненото оружје во училиштата. Во Црна Гора и Северна Македонија, продавачите побараа поригорозна обуки и проверки на здравствената состојба на потенцијалните сопственици. Продавачите од Србија наведоа дека либерализацијата на законите за огнено оружје и зголемените можности за спроведување надзор се можни начини за одвраќање на жителите од пазарот за нелегално огнено оружје. Општо земено, продавачите нагласија дека за да се зачуваат безбедноста и традициите поврзани со поседувањето огнено оружје, клучно е да се примени урамнотежен пристап што се состои од едукација за јавноста, транспарентност на институциите и законски пристап до огнено оружје.

## Нормализирање на огненото оружје кај младите и генерациски промени

Преку дискусиите на фокус-групите со експерти кои работат со млади лица во Западен Балкан се откри дека постои сè поголем број млади го нормализираат огненото оружје, кое ги потврдува трендовите што се евидентирани во податоците од регионалната анкета. Многу млади лица, особено во Црна Гора, Србија и Северна Македонија изразија интерес за поседување огнено оружје, а како причина ја наведоа самоодбраната, но и уште пострашно, статусот. Во Северна Македонија, некои млади лица го поистоветуваат огненото оружје со личната слобода и идентитетот, додека во Косово и Албанија се става поголем акцент на заштитата. Експертите наведоа дека дури и помладите адолесценти и учениците почнуваат да ги прифаќаат овие ставови, што посочува на појава на генерациски тренд.

Влијанието од семејството се јави како клучен фактор во оформувањето на мислењата за огненото оружје. Експертите нагласија дека проблематичните домаќинства во кои постои запоставување, насилство или недоволна ангажираност на родителите честопати резултираат со подложност на младите на надворешни влијанија, како што е влијанието од врсниците или од медиумите. Семејствата кои чуваат огнено оружје во домот, а особено на небезбеден начин, дополнително влијаат врз мислењето дека поседувањето огнено оружје е стандардна појава, па дури и основна потреба. Се наведе дека изложеноста на приказни за минати конфликти што

се споделуваат во рамките на семејството – особено во Косово и Босна и Херцеговина – ја поттикнува замислата дека оружјето претставува безбедност, патриотизам или машка должност. Во некои случаи, се спомена дека домовите се нецелосни без огнено оружје, што покажува како траумите од минатото и културните наративи се пренесуваат од генерација на генерација.

Надвор од рамките на домаќинството, врсниците, социјалната исклученост и медиумите имаат големо влијание врз мотивациите на младите. Огненото оружје честопати се смета за средство за докажување на моќта и припадноста, особено кај момчиња кои функционираат во хиерархиски групи или се обидуваат да воспостават доминација. Експертите споменаа дека се зголемува бројот на млади лица кои се соочуваат со проблеми со менталното здравје, како што е анксиозност, што претставува дополнителен фактор којшто влијае врз небезбедноста и замислената потреба за заштита. Како што беше наведено во прегледот на литературата и анкетите, величањето на огненото оружје на социјалните мрежи и во забавните содржини и достапноста на содржини со насилство создаваат средина каде оружјето се претставува како модерно средство што ја зголемува самодовербата. Во овој контекст, нестабилната средина во семејството и маалото и недостигот на корисни воншколски активности може да предизвикаат ризично однесување кај младите, кое вклучува поседување огнено оружје.

Еден од највознемирувачките наоди е поврзан со рамнодушноста на одредени млади лица кон трауматични настани, вклучувајќи и лажни престрелки и вистинско насилство во училиштата. Експерти од Србија го наведоа недостигот на очекувано или соодветно ниво на страв и загриженост, особено кај учениците надвор од Белград по престрелката во училиштето во мај 2023 година. Наводно, некои деца биле рамнодушни, па дури и користеле мрачен хумор под влијание на сензационалистичкото известување од медиумите и содржините на социјалните мрежи што резултираат со десензибилизација. Некои експерти сметаат дека видливиот недостиг на сочувство и ублаженото чувство на закана претставуваат еден вид на „замор од сочувствување" – загрижувачки знак за тоа дека кај младите постои помала веројатност целосно да ги разберат и прифатат ризиците од огненото оружје. Слични трендови се забележани во Сараево за време на инциденти со закана од бомбардирање, каде што младите покажале неверојатен недостиг на свест или страв.

Според специјалистите, родот сè уште влијае врз перцепциите и пристапот до огненото оружје од младите. Кај момчињата сè уште постои поголема веројатност да носат или да изразат интерес за огнено оружје, што се должи на предоминантните општествени норми преку кои се величаат издржливоста и агресивното однесување. Но, експертите споменаа умерен раст на интересот кај жените, под влијание на изложеноста на насилство преку медиумите и понекогаш, поради љубопитност или желба за внимание. Еден инцидент од Босна и Херцеговина вклучува ученичка која донесла огнено оружје во училиште, не со намера да нанесе зло, туку поради љубопитност, а можеби и желба за добивање признание од врсниците. Иако ваквите инциденти се ретки, ова посочува на поширока промена: со сè поголемото

нормализирање на насилството, можно е да почне уривањето на традиционалните родови граници поврзани со огненото оружје, кое ќе ги усложни напорите за превенција. Специјалистите од регионот нагласија дека итно треба да се преземат мерки како сеопфатна едукација, поддршка за менталното здравје и построги регулаторни контроли за да се неутрализираат новите трендови.

## Медиумски наративи што се под влијание на конфликти

Професионалците за медиуми од Западен Балкан овозможија увид во мислењето, начинот на известување и јавните дискусии во врска со огненото оружје. Честа тема во јурисдикциите е наследството од политичките немири, особено во Србија, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово, каде што сè уште постојат нерегистрирани парчиња оружје од 1990-тите. Во Албанија, ова оружје може да се користи за ловење или за време на прослави, а можно е постоењето и употребата на ваквото оружје во Косово и Босна и Херцеговина да е поврзано со чувството на небезбедност и недовербата во институциите.[49] Новинари од Босна и Херцеговина наведоа дека здруженијата за ловење може да послужат како изговор за набавка на огнено оружје по војната, што е сомнително за меѓународните чинители. Во регионот, продолжува да се воспоставува врска меѓу огненото оружје и машкоста и херојството, кое ги зајакнува родовите предрасуди што го ограничуваат пристапот до оружје за жените, дури и ако целта е самоодбрана.

Главна загриженост на новинарите е употребата на огнено оружје при семејно насилство, за кое велат дека недоволно се известува и погрешно се толкува. Во Србија, медиумските истраги за фемициди открија дека во околу 30 отсто од ваквите случаи е вклучено огнено оружје, кое најчесто е наследено или нелегално. Огненото оружје, дури и кога не се употребува служи како средство за психолошка принуда што сторителите го искористуваат за да ги заплашат партнерите. Новинари од Косово и Босна и Херцеговина наведоа дека огнено оружје сè почесто се користи за уценување жени, особено во области каде што реакцијата на полицијата е несоодветна или културната стигма го спречува пријавувањето. И покрај овие алармантни трендови, се смета дека соработката меѓу институциите е на минимално ниво или дека има минимален пристап до консолидирани податоци, што им отежнува на медиумите прецизно да го пренесат обемот на проблемот или да се застапуваат за политички решенија што се засновани на докази.

49 Ова се совпаѓа со наодите од неодамнешната анкета. На пример, во 2023 година имаше благ пад на задоволството со работата на централните институции. Исто така, испитаниците наведоа чувство на намалена безбедност во 2024 година во споредба со 2023 година. Околу 80 отсто од испитаниците се чувствувале безбедно во надворешни средини, за разлика од 83 отсто во 2023 година. Постојат големи разлики помеѓу Албанците и Србите во Косово. Видете, на пример, UNDP. 2024. Public Pulse Brief XXV, https://www.undp.org/kosovo/publications/public-pulse-brief-xxv.

Медиумите играат важна и ограничена улога во оформувањето на наративите за огненото оружје. Во Црна Гора и Северна Македонија, известувањето честопати се сведува на сегменти за криминал или резимеа за трагедии од висок профил. Новинарите ги наведоа притисокот за сензационализам, недостигот на интерес од уредниците и ограничените ресурси како големи пречки за одржливо и одговорно известување. Другите посочија кон популарната култура – музиката, филмовите и социјалните мрежи – како фактор што предизвикува огненото оружје да биде помистериозно, особено за младите мажи. Иако некои новинари се застапуваат за деконструкција на овие штетни наративи, се соочуваат со ограничена финансиска поддршка и незаинтересираност од публиката. Во сите јурисдикции, новинарите ја нагласија потребата од наменски кампањи за подигање на свеста, подобра новинарска обука и подобрен пристап до податоците на надлежните органи. Без ова, постои мала веројатност напорите за промоција на одговорно поседување огнено оружје или за намалување на побарувачката да вродат со значаен плод.

## Стратегии на јурисдикциите и реалноста за нивното спроведување

Претставниците на институции од Албанија, Србија, Босна, Косово, Црна Гора и Северна Македонија изразија заедничка посветеност на зајакнувањето на законските рамки за поседување огнено оружје и на механизмите за спроведување со цел да се спречи нелегалната набавка. Контакт точките за огнено оружје од сите јурисдикции наведоа дека постојат постапки за кое е потребно да се спроведуваат безбедносни проверки, процени на здравствената состојба и теренски проверки (освен во Косово) пред да се издадат дозволи. Наведените главни мотивации за поседување огнено оружје се конзистентни со горенаведените: ловење, спортско стрелаштво, наследено оружје и лична заштита. Не изненадува тоа што во јурисдикциите постои загриженост за континуираното ширење на нелегалното огнено оружје, особено на оние парчиња кои се зачува од минати конфликти или преправени од легални модели. Според испитаниците, овие предизвици се влошуваат поради несоодветното спроведување на законите. Но, меѓу јурисдикциите постојат разлики во примената и строгоста при спроведувањето на законот, довербата на жителите во институциите и мислењата за ефективноста на системите и регистрите за податоци.

Во Албанија и Босна и Херцеговина, голем акцент се става на тоа системите за одржување дозволи да останат строги со цел да се намали злоупотребата на огнено оружје. Во Албанија постои едно од најстрогите законски ограничувања во регионот: подносителите на барање мора да се неосудувани лица над 25 години кои поминуваат низ процес на детални проверки и обука.[50] Во Босна и Херцеговина,

---

**50** Во 2020 година, надлежните органи во Албанија изготвија нацрт-закон за намалување на возрасната граница за поседување огнено оружје на 22 години со цел да го усогласат законодавството

законите за огнено оружје се разликуваат во зависност од кантонот, но строгите теренски проверки и можноста за укинување на дозволата поради полесни прекршоци служат како заштита. Двете јурисдикции јавуваат дека најголемиот број на кривични дела што се поврзани со огнено оружје се извршени со нелегално и нерегистрирано оружје, голем дел од оние парчиња што се останати од конфликтите од минатото. Двете јурисдикции го делат мислењето дека кампањите преку кои се поттикнува доброволното предавање на нелегалното оружје, повисоките казни и построгата контрола на увозот/извозот имаат позитивни резултати.

Во Косово и Црна Гора се применуваат два спротивни пристапи. Од Косово се јавува недостиг на теренски проверки, што е аномалија во целиот регион, и покрај тоа што постојат релативно усогласени постапки и законска усогласеност со стандардите на ЕУ. Иако претставниците на институциите признаваат дека побарувачката за огнено оружје се зголемува (особено од дијаспората што се враќа во јурисдикцијата), тие исто така препознаваат дека има недостатоци при спроведувањето и ниски казни за прекршоци. За разлика на тоа, во Црна Гора се истакнуваат недостатоците во спроведувањето на законите, како и слабата координација меѓу институциите, неконзистентното водење евиденција и пропусти во лекарските процени. Сепак, во двете јурисдикции се истакнува влијанието на културните фактори, како што се симболиката на огненото оружје за машкиот идентитет и заштитата на семејството во одржувањето на побарувачката. Експерти од Црна Гора дополнително наведуваат дека постои предизвик со преостанатото оружје од војната, што придонесува за недозволена трговија.

Во Северна Македонија и Србија неодамна се приспособи регулативата со цел справување со побарувачката и злоупотребата на огнено оружје. Северна Македонија ја отстрани можноста за донесување одлуки по сопствено убедување за полициските комисии, создавајќи постандардизиран и потранспарентен процес за одобрување дозволи. Сепак, службениците сè уште зависат во голема мера од информациите на службениците кои работат на терен за да спречат злоупотреба, кое ја истакнува важноста на разузнавачките информации од други лица за службената евиденција. Србија, како реакција на масовните престрелки во 2023 година, воведе привремен мораториум на издавањето дозволи за огнено оружје и нови законски одредби за нерегистрираното и преправеното огнено оружје.[51] Претставниците од двете јурисдикции нагласија дека сопствениците на огнено оружје не се приоритетен проблем. Наместо тоа, акцентот се става на ширењето на преправените парчиња оружје од времето на војната што го снабдува црниот пазар и поттикнува насилство.

Институциите нагласуваат дека општествените и културните фактори што влијаат врз побарувачката за огнено оружје честопати се слични во сите јурисдикции. Стравот, традицијата и машкиот идентитет, без разлика на тоа дали се поврзани со

со законската рамка на ЕУ. Видете https://euronews.al/en/new-law-on-firearms-lowered-age-permit-and-authorization-for-cold-weapons-revoked/.

**51** Набргу по престрелката во училиштето во мај 2023 година, надлежните органи во Србија воведоа шестмесечен мораториум на издавањето нови дозволи за огнено оружје ја резиденти.

криминал во сегашноста или минати конфликти, сè уште влијаат врз поседувањето огнено оружје. Во сите шест јурисдикции, убедливо поголем број мажи поседуваат огнено оружје, а употребата на огнено оружје при семејно насилство сè уште преставува голем проблем, иако недоволно се известува за тоа. Во Србија, оружјето некогаш се смета за симбол на статус и моќ, особено од побогатите мажи. Слични ставови се евидентирани и во Косово. Во Северна Македонија, огненото оружје сè почесто ги привлекува помладите богати лица поради престиж, а не толку многу за заштита. Жителите сè уште не се доволно запознаени со законите и безбедносните мерки што се поврзани со огненото оружје, поради што се бара спроведување едукативни кампањи и теренски активности чија целна група се младите.

Службениците даваат слични клучни препораки за политиките: воведување редовни теренски проверки, подобрување на процените на физичкото и менталното здравје, зајакнување на координацијата меѓу институциите и проширување на напорите за едукација на јавноста. Институциите исто така ја нагласуваат важноста на регионалната соработка, особено за справувањето со прекугранична трговија и усогласувањето на стандардите за спроведување. Неколку службеници истакнаа дека одвраќањето треба да се надополни со практичност, предупредувајќи дека прекумерните законски пречки може да ги насочат жителите кон пазарот со нелегално оружје. Најпосле, иако се воспоставени законски решенија, главни предизвици се спроведувањето, контролата за правилна примена на правилата, соодветните казни за извршени прекршоци и спречувањето огненото оружје да стигне до лицата кои претставуваат закана по безбедноста.

# 6.

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАКОНИТЕ ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ВРЗ ПОБАРУВАЧКАТА ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

Постои можност да се процени влијанието на националното законодавство за огнено оружје и законите што се усогласени со директивите на ЕУ врз побарувачката за огнено оружје во јурисдикциите од Западен Балкан. Според десетина закони и директиви за огнено оружје што се донесени помеѓу 2012 и 2022 година, SEESAC нарача да се изготви дескриптивна студија со цел да се испита поврзаноста меѓу овие закони и разните индикатори за побарувачката за огнено оружје, вклучувајќи ги и бројот на одобрени дозволи, насилството поврзано со огнено оружје, личните мотивации и довербата во институциите. Поради недоволно временски податоци и несовпаѓања во известувањето, не е можно да се дадат општи тврдења.[52]

Во сите шест јурисдикции се донесени нови закони за огнено оружје или се изменети постојните закони од 2012 година, честопати во обид да се усогласат со директивите на ЕУ за огнено оружје. Во овие законски рамки се опфатени поседувањето, носењето, чувањето, регистрирањето и трговијата. Во процената се користат податоци од 31 национален закон и изменет закон, како и од четирите клучни директиви на ЕУ, а акцент се става на периодот од 2012 до 2022 година. Административните податоци за процесот за одобрување дозволи, запленетите и насилството поврзано со огнено оружје беа преземени од официјални бази на податоци и отворени извори. Сепак, квалитетот, исцрпноста и можноста за споредба на овие податоци значително се разликуваат во зависност од јурисдикцијата и периодот, со што се спречува спроведување лонгитудална анализа.

Трендовите за поседување огнено оружје откриваат дека законските реформи сами по себе не може да ја намалат побарувачката за огнено оружје. Имено, институциите во Србија, Црна Гора и Косово се соочиле со зголемен број на барања за дозвола веднаш пред или по донесувањето на законите, што посочува дека лицата брзале да поднесат барање пред да се донесе нов закон или почекале да се донесе нов закон, па поднесле барање. Исклучок е Албанија, каде што бројот на барања за дозвола се намалил по најновите измени на законите за огнено оружје. Од Северна Македонија и Босна и Херцеговина исто така се јавува умерено зголемување на бројот на нови дозволи. Во сите земји, вкупниот број на дозволи за огнено оружје продолжил да се зголемува. Овие трендови посочуваат дека цивилните лице може да се обидат да добијат пристап до огнено оружје пред да влезат во сила нови рестрикции или ги сметаат реформите како можност да го легитимизираат поседувањето огнено оружје пред институциите.

Предоминантните мотивации за барање дозвола за огнено оружје се конзистентни низ целиот регион. Дозволите се главно издадени за лична заштита, ловење или спортско стрелаштво. По донесувањето на новите закони, во Албанија се зголеми бројот на дозволи за ловење, а во Црна Гора и Северна Македонија, најголем број од новите дозволи се издадени за лична заштита и спорт. Во Србија е евидентиран најголем раст на бројот на дозволи за ловење по донесувањето на новото законодавство. Иако постојат разлики меѓу јурисдикциите, општата побарувачка за

52 SEESAC dataset on firearms legislation and demand

огнено оружје останува непроменета, дури и по воведувањето построга регулатива.[53] Ова посочува дека огненото оружје сè уште се смета за средство со културна вредност и средство за лична безбедност и рекреација.

Покрај трендовите поврзани со дозволите, во прегледот се испитуваат индикаторите на пазарот како што се бројот на продавници за огнено оружје и залихите на муниција. Освен Албанија, каде што бројот на лиценцирани продавници за огнено оружје малку се намалил по донесувањето на новите закони, во сите други јурисдикции е евидентирано зголемување на бројот на продавници за малопродажба и раст на залихите на муниција помеѓу 2012 и 2022 година. Имено, во Северна Македонија е евидентиран петкратен раст на залихите на муниција, а во Босна и Херцеговина се зголемил бројот на продавници за огнено оружје во овој период. Овие трендови се дополнителна потврда дека законските ограничувања не ги нарушиле синџирите на снабдување или побарувачката, туку се јавиле во исто време со проширувањето на пазарот, што можеби било поттикнато од разбирливост на регулативата или од зголемен интерес.

Законите за огнено оружје во комбинација со предавањето, запленета и кампањите за легализација успешно го намалиле бројот на нелегално оружје во промет. Точно е дека бројот на конфискувано огнено оружје значително со зголемил во Србија, Северна Македонија и Косово по воведувањето на новите закони и реформите усогласени со ЕУ. Албанија и Црна Гора исто така јавија дека се спроведуваат напори за прибирање нелегално оружје што се поттикнати до законодавни реформи и кампањи за амнестија. Во Црна Гора е евидентирано зголемување на бројот на одложени парчиња во периодот од 2012 до 2016 година. Овие програми придонесоа за намалување на залихите на нелегално оружје, иако слаба е поврзаноста меѓу законските измени и долгорочното намалување на побарувачката за нелегално оружје.

Донесувањето нови закони за огнено оружје влијаеше врз намалувањето на бројот на убиства и самоубиства што се поврзани со огнено оружје. Во Албанија и Босна и Херцеговина, бројот на убиства двојно се намали во периодот од 2012 до 2022 година. Во Србија, Северна Македонија и Косово исто така се појавија трендови на намалување, а бројот во Црна Гора остана конзистентен. Слично на тоа, бројот на самоубиства и повреди поврзани со огнено оружје се намали во повеќето јурисдикции, особено во Србија и Црна Гора. Но, тешко е да се воспостави последична врска поради недостатоците во податоците и можното влијание на другите социополитички променливи. Сепак, конзистентниот напредок во сите јурисдикции посочува дека законодавството може да е од помош за поопштите исходи од намалувањето на насилството.

Влијанието на законодавството врз стапката на криминал со огнено оружје се разликува во зависност од јурисдикцијата. Во Босна и Херцеговина, Косово и

---

**53** Точно е дека бројот на дозволи за огнено оружје за разни намени продолжи да расте во сите јурисдикции во периодот меѓу 2022 и 2024 година според административните податоци доставени до SEESAC.

Северна Македонија, кривичните дела со огнено оружје значително се намалија по воведувањето на новите закони. Но, бројот на ваквите дела се зголеми во Црна Гора, дури и по новите закони. Во Албанија, резултатите беа измешани, при што се зголеми незаконското производство и носење огнено оружје, но бројот на жртви на огнено оружје остана стабилен. Преку овие различни исходи се истакнува можното влијание на различни законски рамки врз пошироките трендови поврзани со кривичните дела со огнено оружје, но потребно е да се спроведе пососредоточено истражување.

Јасно е дека законодавството влијае врз ставовите за набавката и употребата на огнено оружје. Освен во Албанија[54], бројот на сопственици на огнено оружје продолжи да се зголемува во повеќето јурисдикции по воведувањето на новите закони. Анализата на административните податоци посочува дека овој број продолжил да се зголемува во периодот од 2022 до 2024 година.[55] Иако овие бројки мора да се толкуваат внимателно поради тоа што известувањето е неконзистентно и можно е да се дадени општествени прифатливи одговори, ова посочува дека побарувачката за огнено оружје од цивилни лица е конзистентна. Семејните традиции, културата на рекреација и конфликтите од минатото веројатно придонесуваат за овие трендови.

Иако законодавството има важна улога за регулаторната средина, тоа не значи дека ја намалува побарувачката за огнено оружје од цивилни лица во Западен Балкан. Трендовите за поседувањето огнено оружје се конзистентни и во некои случаи, се зголемуваат и покрај построгата контрола, што покажува дека врз побарувачката помалку влијае легалниот пристап отколку чувството на небезбедност, ниската доверба во институциите и културните и историските норми. Иако се неопходни, законодавните реформи се недоволни сами по себе; на нив мора да се надоврзат терenski активности во заедницата, зајакнување на институциите и наменски иницијативи за разоружување за да се намали побарувачката. За да се информираат овие напори, при истражувањето во иднина треба да се приоретизираат лонгитудални студии, преку кои може да се долови развојот на поврзаноста меѓу регулативата, јавното мислење и набавката на огнено оружје.

**54** Според Muggah (2023), вкупниот број на барања за дозвола за огнено оружје во Албанија се намалил во периодот од 2012 до 2016 година – од 3600 во 2012 година на 1100 до 2016 година. Но, овој број се зголеми од 2022 до 2024 година. Исто така, во 2022 година, само 4 отсто од жителите наведоа дека сакаат да набават огнено оружје, а 93 отсто изјавија дека не сакаат огнено оружје. Околу 25 отсто рекоа дека огненото оружје би направило да се чувствуваат побезбедно. За споредба, во 2024 година 82 отсто од Албанците наведоа дека не сакаат огнено оружје, а 18,3 отсто рекоа дека чувањето оружје во домот би направило да се чувствуваат побезбедно.

**55** Податоците за регистрација на огнено оружје на цивилни лица во Србија посочуваат дека вкупниот број на физички лица кои имаат дозвола за огнено оружје од сите категории се зголемил од 359.584 во 2022 година на 364.958 во 2024 година. Во Албанија, вкупниот број на регистрирани парчиња огнено оружје од сите категории исто така се зголемил од 76.928 во 2022 година на 82.040 во 2024 година. Во Црна Гора, вкупниот број на лица кои имаат дозвола за огнено оружје од сите класи се зголемил од 3.569 во 2022 година на 5.064 во 2024 година. Во Косово, вкупниот број на регистрирани парчиња огнено оружје од физички лица од секоја категорија исто така се зголемил од 5.589 на 8.532.

# 7.

# ПОБАРУВАЧКА ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ВО ДИГИТАЛНАТА СФЕРА

Преку студија за „социјално слушање“ на побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан се следеа јавно достапни онлајн платформи кои може да влијаат врз или да го одразуваат јавното мислење за прашања поврзани со огненото оружје. Во анализата се стави акцент на отворени платформи, како и на главните социјални мрежи (т.е. Икс/Твитер, Инстаграм, Фејсбук, Јутјуб и Тикток), националните и локалните медиумски портали, форумите на Редит и веб-локациите на институциите како што се Министерство за внатрешни работи и полициските оддели. Прибирањето податоци се изврши со помош на клучни зборови, особено на Икс, Инстаграм и Јутјуб, без да се таргетираат конкретни кориснички сметки.[56] Synthesio, алатка за следење со заштитен знак, пронајде голем корпус на регионално релевантни веб-локации што беа означени според јазикот.[57]

Иако беше опсежна, студијата се соочи со методолошки ограничувања. Главното од нив е невозможниот пристап до затворени платформи како што се шифрирани апликации за разменување пораки или приватни групи како Ватсап и Телеграм. Не беа опфатени доволно извори на податоци поради недостигот на универзален индекс на сите веб-локации и кориснички сметки на социјалните мрежи. Ознаките за јазикот наместо јурисдикцијата се користеа при изборот на извори, кое можеби доведе до пропуштање или погрешна класификација на релевантни дискусии. Иако беа направени напори за да се осигуриме дека се вклучени влијателни или често посетувани веб-локации и платформи, анализата преставува само дел од онлајн дискусиите за огнено оружје. И покрај тоа што информациите се засновани на контекст, не се применливи за сите дискусии на дигиталните платформи или за сите жители во Западен Балкан.

Преку социјалното слушање што се спроведе од април 2022 година до февруари 2025 година се откри дека огненото оружје е честа тема на дискусија на дигиталните платформи во Западен Балкан. Евидентирани се над 3 милиони објави во кои се споменува огнено оружје во период од три години.[58] Бројот на директните упатувања на огнено оружје, муниција и нивните синоними покажува дека постои голем интерес од жителите, иако методологијата не дава конкретна одредница за споредба. Имено, 85 отсто од евидентираните објави што содржат вакви зборови потекнуваат од медиумски извори, што го потврдува големото влијание на традиционалните медиуми врз наративите за огненото оружје. На социјалните мрежи, поточно Икс

56 На Фејсбук, поради технички ограничувања се прибраа податоци од само 53 службени кориснички сметки што ги приложи УНДП SEESAC или ги идентификува IPSOS; од пребарувањето беа исклучени приватни профили и групи на Фејсбук. Податоци се прибраа и од 95.200 кориснички сметки на Тикток од целиот свет.

57 Платформата Synthesio пронајде веб-локации на повеќе јазици, вклучувајќи и на албански (338), српски (757), босански (2,136), македонски (400) и црногорски јазик (134). Тука не се вбројуваат кориснички сметки на социјалните мрежи или онлајн платформите како што е Редит.

58 Повеќето податоци доаѓаат од медиумски извори, односно 2,5 милиони објави, приближно 85% од сите објави. Потоа, следат социјалните мрежи со 342.500 објави (12%), главно од Икс (поранешен Твитер) со 177.600 објави (6%) и Јутјуб со 149.700 објави (5%). Помал дел од податоците потекнуваат од форуми, вкупно 85.700 објави (3%), од кои повеќето (60.500) се на Редит. Најмал дел од објавите се пронајдени на профилите на институциите на социјалните мрежи, односно 19.700 објави (1%).

(поранешен Твитер) и Јутјуб беа најдени 12 отсто од објавите, што посочува на нивната комплементарна, но не примарна улога во дигиталните дискусии.

Може да се забележи јасен тренд дека зачестените онлајн дискусии се тесно поврзани со трагични настани поврзани со огнено оружје. Најголемиот број објави се од мај 2023 година, по масовните престрелки во Србија, кои делуваа како катализатор за онлајн дебатите и медиумската покриеност.[59] Вакви трагични настани обично предизвикуваат поголем број објави во кои се споменува огненото оружје и видлива промена во мислењата. Анализата на мислењата посочува дека тоналитетот на дискусиите е главно негативен: во 24 отсто од сите објави се пренесуваат негативни чувства кон огненото оружје, а само 2 отсто од објавите се позитивни. Разговорите на социјалните мрежи се уште поподелени, при што 33 отсто се негативни и 4 отсто се позитивни, што ги одразува емотивните одговори и поделените мислења во јавните форуми.

Квалитативната анализа на онлајн содржините исто така истакнува дека жителите во регионот постојано се изложени на содржини што може да им го вложат мислењето за безбедноста. Тука станува збор за медиумска покриеност на меѓународни конфликти, регионални тензии поврзани со зајакнување на војската и голема зачестеност на локални инциденти со огнено оружје, од убиства во рамките на семејството до престрелки во училишта. Постојаното известување за насилство и небезбедност веројатно ја зголемува загриженоста поради огненото оружје. Емоционални и алармантни изјави на вести и на социјалните мрежи исто така го влошуваат стравот. Во овој контекст, огненото оружје честопати се претставува како симптом и симбол на пошироката општествена нестабилност.

Пет главни теми се најзастапени во онлајн дискусиите: убиства и криминал што се поврзани со огнено оружје, легално и нелегално поседување огнено оружје, заплена на огнено оружје и амнестии, национално законодавство и регулатива и динамиките за вооружување во регионот. Овие разговори ги одразуваат секојдневните грижи поврзани со безбедноста и чувството на страв од милитаризација во Западен Балкан. Исто така, го истакнуваат учеството на жителите во клучните аспекти на управувањето со огненото оружје, вклучувајќи ги законските рамки и механизмите за нивно спроведување. Имено, дискусиите за нелегално поседување, амнестии и заплени честопати се поврзуваат со јавни дебати за надлежноста на институциите, корупцијата и ефективноста на полициските интервенции.

За крај, популарната култура и инфлуенсерите на социјалните мрежи имаат големо влијание врз ставовите на жителите и го поттикнуваат нивното учество во прашањата поврзани со огненото оружје. Меѓу најпосетуваните содржини на интернет се текстовите на песни во кои се споменуваат оружје и насилство, кои честопати

**59** Месечната анализа на онлајн објавите открива дека бројот на објави за огнено оружје е генерално стабилен, а значително се зголемува во мај 2023 година по двете масовни престрелки во Србија (во основното училиште „Владислав Рибникар" и во Мало Орашје/Дубона), во септември и октомври 2023 година, веројатно поради инцидентот во Бањска, Косово и почетокот на конфликтот меѓу Израел и Палестина и повторно во јануари 2025 година, по масовната престрелка во Цетиње.

се величаат во спотовите. Неколку инфлуенсери на Инстаграм и Јутјуб одиграа клучна улога за одржувањето на видливоста на наративите за огненото оружје, дали преку засилување на вестите или преку давање лично мислење за јавните дебати. Овие лица, случајно или намерно, придонесуваат за нормализирање и ширење на содржините поврзани со огнено оружје, особено меѓу помладата публика, што ја истакнува потребата за спроведување наменски мерки за медиумска писменост и стратегии за побивање на наративите.

# 8.

# НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

Нема многу теоретски и емпириски истражувања за процена на побарувачката за огнено оружје. Постојат релативно мал број на рецензирани студии што теоретски ја истражуваат побарувачката за огнено оружје, а литературата за криминологија е скудна. Не идентификувавме емпириско истражување што детално го испитува прашањето во Западен Балкан. Исто така, постојат малку јавно достапни податоци што овозможуваат темелно да се процени побарувачката за нелегално огнено оружје. Процената на врската помеѓу законодавството за огнено оружје и побарувачката за нелегално огнено оружје во сите шест јурисдикции е попречена од нерамномерна достапност и квалитет на податоци, но направени се одредени подобрувања. Покрај напорите на надлежните органи од Западен Балкан да ги подобрат податоците и анализата што се поврзани со огнено оружје,[60] тешко е да се извлечат сигурни заклучоци за побарувачката во Западен Балкан.

Предметната процена содржи нова теоретска рамка за процена на побарувачката за огнено оружје. Во предметната студија се воведува иновативен теоретски модел за подобра квантификација на побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан и пошироко. Побарувачката зависи од три меѓусебно поврзани елементи: преференции, цена и ресурси. Исто така, врз неа влијаат факторите на ризик и факторите на заштита на ниво на поединец, домаќинство, заедница и општество. Рамката е применлива за процена на побарувачката и на легалниот и на нелегалниот пазар и може да помогне да се откријат трендовите во набавката на огнено оружје и злоупотребата на огнено оружје во регионот. Побарувачката не е претставена како статичка крајна состојба, туку како динамична и причинско-последична состојба врз која влијаат животните искуства, социоекономските услови и културните норми.

Студијата покажува дека пристапите со мешани методи може да овозможат подобар увид и повеќе информации што може да се искористат за практичните мерки од политиката за намалување на побарувачката за огнено оружје**.** Во студијата е применет сеопфатен и мултидисциплинарен пристап што е комбинација од детална анализа на литературата и анкети спроведени во шесте јурисдикции, повеќе од 40 интервјуа со засегнати чинители, 18 фокус-групи и 6 кризни групи за расправа меѓу жители за горливи релевантни прашања. Покрај ова, спроведени се интервјуа со клучни информатори, односно со десетина експерти и дескриптивна анализа на влијанието на 30 закони за огнено оружје (2012-2024 година) и директиви на ЕУ за огнено оружје врз побарувачката. Методологијата овозможува триангулација на квалитативните и квантитативните податоци и подетална контекстуализација на однесувањето на поединците во општествените и законските рамки.

60 Видете https://www.seesac.org/Roadmap-Monitoring/.

# Клучни наоди

**Преку студијата се открива тензијата меѓу чувството за небезбедност и побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан.** Анкетите што беа спроведени во Албанија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна гора и Северна Македонија покажуваат дека речиси една третина од сите испитаници ја наведуваат личната безбедност како главна причина за поседувањето оружје, но половина од испитаниците сметаат дека чувањето огнено оружје во домот нема да направи да се чувствуваат побезбедно. Исто така, само двајца од десет испитаници мислат дека огненото оружје навистина би ја зголемило безбедноста на домаќинството, што посочува дека загриженоста на жителите сама по себе не се преточува во побарувачка.

**Процената исто така откри дека демографските разлики имаат големо влијание врз ставовите за огненото оружје, при што родот се истакнува како значаен фактор.** Мажите во регионот конзистентно покажуваат попозитивен став кон поседувањето и употребата на огнено оружје отколку жените; повеќе од половина од машките испитаниците тврдеа дека ракувале со огнено оружје, во споредба со малку повеќе од една десетина од жените. Помладите мажи на возраст од 18-40 години изразија поголем интерес за поседување огнено оружје од повозрасните генерации, што посочува дека трендовите за побарувачката може да се променат во иднина.

**Се чини дека мрежите на познаници и социоекономската состојба влијаат врз упатеноста за огненото оружје.** Поконкретно, мажите и лицата со повисоки приходи познаваат многу поголем број на сопственици или корисници на огнено оружје во споредба со жените и жителите со пониски приходи. Ова исто така зависи и од јурисдикцијата: Испитаниците од Црна Гора и Србија познаваат најголем број на сопственици на огнено оружје, а во Косово и Албанија овој број е значително помал.

**Мотивациите за поседување и употреба на огнено оружје значително се разликуваат во зависност од јурисдикцијата.** Испитаниците од Црна Гора ја наведуваат традицијата како главна причина за поседувањето огнено оружје, број што е доста поголем од регионалниот просек, а помалку испитаници од Црна Гора се загрижени за безбедноста. За разлика од тоа, испитаниците од Босна и Херцеговина ги истакнуваат безбедноста и заштитата во многу поголем број од регионалниот просек. Во Албанија, рекреацијата се јавува како предоминантна мотивација и голем број лица го сметаат оружје за симбол на статусот.

**Повеќето испитаници даваат силна поддршка за построга контрола на огненото оружје, иако постои страв од криминал.** Доста повеќе од половина од испитаниците сметаат дека универзалниот пристап до огнено оружје би ја

зголемил стапката на криминал, а со ова мислење е најзастапено кај повозрасните лица и лицата со пониски приходи. Само едно од десет лица смета дека стапката на криминал би се намалила ако повеќе жители поседуваа огнено оружје. Имено, три четвртини од испитаниците од Албанија предвидуваат зголемување на стапката на криминал ако се воведе универзален пристап до огнено оружје, што посочува дека мнозинството покажува скептицизам за заштитното дејство на огненото оружје.

**Исто така, личното искуство со огнено оружје влијае врз перцепциите за безбедноста, законитоста и пристапот.** Лицата кои биле изложени на огнено оружје, особено во насилни ситуации, мислат дека бројот на сопственици на огнено оружје е многу поголем (33 отсто) и сметаат дека нелегалното оружје е лесно достапно (41 отсто). Во Западен Балкан, над 60 отсто од актуелните и потенцијалните сопственици имаат директно искуство со огнено оружје, што посочува како упатеноста на поединецот влијае врз побарувачката и ставовите за регулативата.

**Перцепциите на жителите во Западен Балкан за бројот на сопственици на огнено оружје остануваат загрижувачки.** Речиси две третини од жителите на Западен Балкан проценуваат дека до 50 отсто од другите жители поседуваат огнено оружје, но значително малцинство сметаат дека повеќе од 50 отсто од жителите поседуваат огнено оружје. Овие процени многу се разликуваат во зависност од јурисдикцијата, при што кај жителите на Црна Гора и Босна и Херцеговина постои најголема веројатност да мислат дека бројот на сопственици е поголем. За разлика од тоа, во Србија, Албанија и Косово се даваат многу помали процени.

**Лицата од регионот имаат силен инстинкт да ги заштитат младите од влијанието на огненото оружје**. Повеќе од 80 проценти од испитаниците се загрижени поради изложеноста на младите на насилство во медиумите, а 65 проценти од нив се против тоа децата да си играат со играчка пиштол. Овој заштитнички став е посебно изразен во Албанија и Босна и Херцеговина, а многу поредок во Косово и Црна Гора. Значително мнозинство сметаат дека возрасните мажи треба да знаат да ракуваат со огнено оружје, што покажува дека постои нијансиран консензус во општеството и се прави разлика меѓу потребата од поседување вештини и вистинското поседување огнено оружје.

**Жителите обично сметаат дека законските постапки за набавка на огнено оружје се сложени и несоодветно разбрани.** Речиси половина од испитаниците не се чувствуваат доволно информирано за законскиот процес за набавка, при што жените се значително помалку информирани од мажите. Разликите меѓу јурисдикциите дополнително ги демонстрираат различните искуства: помал број од испитаниците од Црна Гора сметаат дека процесот е едноставен за разлика од регионалниот просек, а голем дел испитаниците од Албанија и Србија го опишуваат како сложен, што покажува како неконзистентната разбирливост на регулативата може да влијае врз побарувачката и ставовите за легално поседување огнено оружје.

**Иако личната небезбедност е голем двигател на побарувачката за огнено оружје, фокус-групите открија дека оваа поврзаност е нијансирана.** Иако кај многумина испитаници од регионот постои страв од криминал, организиран криминал и закана по личната безбедност – особено во Албанија, Косово и Босна и Херцеговина – другите испитаници со скептицизам гледаат на изјавата дека огненото оружје ќе ја зголеми безбедноста и наведуваат дека безбедноста е зголемено во споредба со 1990-тите години. Женските испитанички честопати ја нагласуваат загриженоста за насилство во домот и во јавните простори и сметаат дека огненото оружје е средство за заштита, а другите испитаници велат дека поседувањето огнено оружје е одговорност на институциите. Постојано се споменуваше и загриженоста за нормализирањето на огненото, случајната злоупотреба и несоодветното спроведување на законите.

**Учесниците во фокус-групите ги опишаа културните норми и симболиката на огненото оружје како моќни двигатели на побарувачката, особено кај мажите**. Во јурисдикциите, ловењето, семејната традиција и машкиот идентитет постојано се наведуваа како главни мотивации за поседување огнено оружје. Огнено оружје честопати се третира како ценето наследство што се предава од генерација на генерација и се смета за симбол на машката должност да ги заштити семејството и домаќинството. Покрај историската предоминантност на мажите, кај жените е евидентиран зголемен интерес за спортско стрелаштво и лична заштита, што посочува на можни промени во воспоставените родови норми. И покрај тоа, длабоко вкоренетите традиции ги усложнуваат напорите за промовирање одговорна употреба на огнено оружје и построга регулатива.

**Учесниците од фокус-групите ги наведоа традиционалните и дигиталните медиуми како моќно влијание врз позитивните ставови за огненото оружје, особено кај младите.** Сензационалистичкото известување за криминал и насилство, заедно со претставувањето на огненото оружје како симбол за херојство и моќ во популарната култура ја зголемуваат побарувачката. Социјалните мрежи дополнително го нормализираат поседувањето огнено оружје кај младите мажи, кои редовно прегледуваат и споделуваат содржини во кои се велича оружјето, без при тоа да се наведе клучниот контекст. Нормализирањето под влијание на медиумите ги усложнува напорите за контрола на огненото оружје и ја налага потребата од пософистицирани и наменски иницијативи за едукација и подигање на свеста.

**Се јави голема разлика во ставовите меѓу испитаниците од фокус-групите кои се застапуваа за полиберален пристап до огнено оружје и оние кои стравуваа од влошување на насилството, особено во домаќинствата и меѓу интимни партнери.** Учесниците од сите јурисдикции, вклучувајќи ги Косово и Босна и Херцеговина ја нагласија потребата за детална проверка на подносителите на барање за дозвола за огнено оружје, за процена на менталното здравје и за безбедно чување на оружјето и муницијата. Дури и лицата кои се застапуваат за

поголем пристап до огнено оружје признаа дека зголемен број на сопственици може да придонесе за раст на стапката на самоубиства или случајни повреди, особено кај младите.

**Се чини дека сопствениците на огнено оружје се застапуваат и за контрола и за традиција.** При консултациите, легалните сопственици на огнено оружје од Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина се опишаа како одговорни сопственици, кои честопати се оптоварени со прекумерни казнени и бирократски барања. Многумина ги наведоа ловењето, колекционерството или емоционалната поврзаност со наследеното огнено оружје како мотивации за набавка и поседување огнено оружје. Иако законите за одобрување дозвола за огнено оружје се строги, многу сопственици тврдат дека поседуваат повеќе парчиња огнено оружје, што посочува дека културното наследство и загриженоста за личната безбедност сè уште се поважни од финансиските и административните пречки.

**Ловџиите и лицата кои практикуваат спортско стрелаштво се застапуваат за праведно спроведување на контролата на огнено оружје.** Како што можеше да се предвиди, ловџиите и лицата кои практикуваат спортско стрелаштво даваат огромна поддршка за безбедна и регулирана употреба на огнено оружје, Но, честопати се изразуваше незадоволство со прекумерното регулирање, вклучувајќи и во Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Северна Македонија. И покрај строгите внатрешни правила на здруженијата за ловење, учесниците го критикуваа недоследното спроведување на законите и побараа појасни и посразмерни политики за огнено оружје.

**Продавачите на огнено оружје предупредија на регулативен отпор и недостатоци на пазарот.** Лиценцираните продавачи на огнено оружје, особено во Албанија, Косово и Босна и Херцеговина наведоа дека стравот од криминал и културната симболика на огненото оружје ја поттикнуваат побарувачката. Но, се спомена дека прекумерното регулирање, ограничувањата од банките за продавниците за малопродажба на огнено оружје и високите цени за увоз ги насочуваат купувачите кон нелегалните пазари. На пример, продавачите во Косово го истакнаа влијанието на зголемените цени, што се должи на сложените постапки за увоз. Продавачите од сите јурисдикции побараа побалансирани политики што овозможуваат легален пристап, а при тоа ја намалуваат недозволената трговија со огнено оружје.

**Експертите за млади предупредуваат на нормализирањето на огненото оружје и рамнодушноста кај младите кон екстремно насилство со огнено оружје.** Експертите кои работи со млади лица во Црна Гора, Србија и Северна Македонија забележале зголемено прифаќање, па дури и величање на огненото оружје кај одредени адолесценти. Ова е поттикнато од социјалните мрежи, влијанието од врсниците и изложеноста на конфликти во рамките на семејството. Алармантно е тоа што експертите од Србија наведоа дека постои рамнодушност кај учениците

по масовната престрелка во училиштето во Белград во 2023 година, што посочува на намалена емпатија и загрижувачка промена во перцепциите за ризиците од огненото оружје.

**Претставниците на медиумите побараа промена на наративите при известувањето за насилство со огнено оружје и пристап до податоците за огнено оружје на институциите.** Новинарите од Србија, Албанија и Косово ги критикуваа недостигот на јасни стандарди за известување и сензационализмот при известувањето за огнено оружје. Родовите предрасуди и ограничениот пристап до податоци на полицијата и правосудните институции претставуваат пречка за објективното известување. Исто така, величањето на огненото оружје во музиката, филмовите и онлајн содржините (евидентирано во Северна Македонија и Босна и Херцеговина) продолжува да влијае врз мислењето на младите. Постои општ консензус за потребата од одговорно известување и медиумска обука.

**Неколку надлежни органи ги истакнуваат постојаните недостатоци во спроведувањето на законите за огнено оружје во Западен Балкан.** Службениците од сите јурисдикции генерално се согласуваат дека и покрај строгите законски рамките, нивната ефективност е попречена од неконзистентното спроведување, несоодветната соработка меѓу институциите и фрагментираните структури на институциите. Албанија и Босна и Херцеговина добија пофалби за строгите постапки за одобрување дозволи за огнено оружје, иако Албанија наведе дека се обидува да се справи со недозволената трговија со огнено оружје преку интернет, а Босна и Херцеговина јави дека се справува со вишокот оружје од минатите конфликти. За разлика од тоа, Косово води тешка битка со редовното спроведување теренски проверки и со надзорот на спроведувањето на законите. Црна Гора ги посочи слабите страни на проценките на физичкото и менталното здравје на подносителите, а реформите во Србија од 2023 година се справуваат со клучните прашања како што се преправеното оружје и огнено оружје останато од војната, со што се истакнуваат реактивноста и предизвиците со регулаторните рамки. Службениците ја истакнаа итната потреба од поконзистентна примена на законите, подобрени бази на податоци и зајакната соработка меѓу јурисдикциите за ефективно да се намалат злоупотребата и трговијата со огнено оружје.

**Прекумерно рестриктивни закони за огнено оружје може ненамерно да ја поттикнат нелегалната набавка.** Кога законските постапки се сметаат за прекумерно сложени поради големи трошоци, бирократско доцнење или ограничена транспарентност, цивилните лица со голема желба да поседуваат огнено оружје може да прибегнат кон неформалните канали. Учесниците од фокус-групите, вклучувајќи ги легалните сопственици и лиценцираните продавачи наведоа дека конфузните правила за увоз, барањата за усогласеност што повлекуваат со себе големи трошоци и неконзистентното спроведување може да ги насочат потенцијалните купувачи кон црниот пазар и прекугранична купопродажба. Ваквите динамики се влошуваат

поради неконзистентната регулатива во јурисдикциите, што може да овозможи трговија и легална набавка преку посредник.

**Криминалните активности продолжуваат да влијаат врз побарувачката за огнено оружје.** Преку интервјуата со службеници и експерти се потврди дека групите на организиран криминал имаат редовен пристап до огнено оружје. Нелегалните синџири за снабдување опстојуваат поради залихите на оружје од времето на војните, преправените несмртоносни парчиња оружје и рутите за трговија што ги искористуваат недостатоците во прекуграничната контрола. Иако во секоја јурисдикција се спроведуваат реформи за усогласување на законите со оние на ЕУ, слабите страни на спроведувањето сè уште претставуваат предизвик за напорите за контрола. Службеници од јурисдикциите посочија на издржливоста на овие мрежи, што укажува дека ефективното законодавство за сузбивање на побарувачката од криминалците е тесно поврзано со зајакната регионална соработка и усогласување на законите.

**Законите за огнено оружје може да влијаат врз побарувачката од цивилни лица преку промена на преференциите, цените и ресурсите.** Според теоретските модели и регионалните докази, регулативата може влијае врз побарувачката за огнено оружје така што ќе предизвика промена на преференциите, зголемување на трошоците за набавка и ограничување на пристапот. Испитаниците од фокус-групите постојано ги наведуваа големите трошоци, сложените постапки за одобрување дозвола и неразбирливата административна постапка како фактори на одвраќање, а другите сметаа дека овие фактори се двигатели на побарувачката. Иако културната симболика на огненото оружје опстојува, преку законите може да се издејствува промена. Пример за ова се промените во наведените мотивации по реформите: мотивациите како заштита и заплашување се зголемија во Северна Македонија и Босна и Херцеговина, а рекреацијата во Албанија и Косово.

**Сепак, новите закони може да ја намалат стапката на нанесени повреди со огнено оружје, без при тоа да се намали вистинскиот број на сопственици.** Во Западен Балкан, законските реформи се воведени во време на намалена стапка на самоубиства, убиства и повреди поврзани со огнено оружје. Но, бројот на легални сопственици продолжува да се зголемува во повеќето јурисдикции, што укажува дека побарувачката од цивилни лица не може да се намали само преку законите. Во Албанија, каде што се воведе построга контрола, бројот привремено опадна, што посочува колку се важни строгото спроведување и конзистентното упатување пораки до јавноста како придружни активности.

**Промените на мотивациите за поседување или набавка на огнено оружје го одразуваат симболичното и практичното влијание на законодавството.** Податоците од анкетата покажуваат дека јавното мислење за набавката на огнено оружје се менува во зависност од законските измени. Во периодите по воведувањето

реформи (на пр. 2016-2022 година), во некои јурисдикции се зголеми популарноста на ловењето и рекреацијата како мотивации, а личната заштита остана главна мотивација на другите места. Овие трендови укажуваат дека законодавството може да влијае не само врз однесувањето, туку и врз наративите за употребата на огнено оружје, со што се истакнува важноста на влијанието на перцепциите врз побарувачката.

**Веродостојни временски податоци се од клучна важноста за ефективно управување со огненото оружје.** Преку анализата се утврди дека постои недостиг на стандардизирани, лонгитудални податоци за дозволи, број на сопственици и случаи на насилство поврзано со огнено оружје во јурисдикциите. Без конзистентно следење, тешко е да се проценат влијанието на законите и новите трендови на побарувачката. SEESAC и партнерите се во позиција да ги предводат напорите за усогласување на податоците, со што ќе се овозможи споредба на регионалните податоци, анализа на трендовите и изготвување политики и програми.

**Се препорачува наменско истражување на пазарот за да се разберат двигателите на нелегалната побарувачка.** Како дополнување на анализата на податоците од анкетата и фокус-групите, клучно е подетално да се испита нелегалниот пазар. Студии на случај преку кои се испитува поврзаноста меѓу цените на огненото оружје, неговата достапност и спроведувањето на законите од полицијата во јурисдикциите може да откријат какво е влијанието на законските рамки врз дозволената и недозволената трговија. Следењето на промените во цените на легалното и нелегалното огнено оружје пред и по воведување големи реформи ќе овозможи да се добие појасна претстава за влијанието на политиките и да се спроведат приспособени интервенции што се засновани на докази.

## Стратешки препораки

### За да се намали побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан, треба да се спроведе сеопфатна стратегија што е заснована на докази и што ги опфаќа набавката и злоупотребата на (нелегално) огнено оружје.

Во овој дел се презентирани низа политички препораки во кои се става акцент на иднината и што се засновани на наодите од регионалните анкети, фокус-групите, консултациите со експерти и анализата на случај. Целта на препораките е да се поддржат надлежните органи, граѓанското општество и другите партнери при зајакнувањето на управувањето со огненото оружје и при намалувањето на побарувачката за легално и нелегално оружје. Во препораките е истакната важноста на системите за лонгитудални податоци, кампањите за подигање на свеста, градењето доверба во институциите за јавна безбедност, процесот за одобрување

дозволи што ги зема предвид ризиците и координираното постапување во регионот. Преку интеграција на мерки за превенција, едукација и спроведување на законите и усогласување на интервенциите на локално, јурисдикциско и прекугранично ниво, Западен Балкан може да создаде побезбедна, потранспарентна и поотчетна рамка за контрола на огненото оружје на цивилните лица.

## Зајакнување на системите за лонгитудални и усогласени податоци и на истражувањето на пазарот со цел да се следи побарувачката и злоупотребата на огнено оружје во Западен Балкан.

Покрај неодамнешниот напредок, недостигот на стандардизирани, временски податоци за сопствениците на легално и нелегално огнено оружје, процесот за одобрување дозволи за огнено оружје, заплената на огнено оружје и насилството поврзано со огнено оружје отежнува да се направи процена за побарувачката и да се изготват соодветни интервенции. Надлежните органи во регионот, со поддршка од регионалните тела како што е SEESAC, треба да стават акцент на усогласување на прекуграничните податоци и на подобрување на квалитетот на податоците со цел следење на трендовите. Веродостојните мерења се од клучна важност за да се процени влијанието на законите, да се утврдат центрите на недозволена активност и да се изготват наменски интервенции.

Во соработка со локалните истражувачки институти, SEESAC може да предводи регионална иницијатива за мапирање и следење на трендовите на пазарот за огнено оружје, вклучувајќи ги и цените, рутите за трговија и недостатоците во спроведувањето. За да се спроведе ова, би било потребно да се нарача изготвување студии на ниво на јурисдикција, да се изготват усогласени рамки за следење на активностите на црниот пазар и да се оформи централен регистар на податоци преку кои ќе се поддржи креирањето политики што се засновани на докази. Наодите може да обезбедат податоци за системите за рано предупредување што предвидуваат промени на пазарот, како и за дијалозите за политики со цел да се усогласи законодавството и да се зајакне прекуграничната соработка при спроведувањето.

## Изготвување и спроведување стратешки кампањи за подигање на свеста и за едукација.

За да се намали желбата за огнено оружје во општеството, надлежните органи во Западен Балкан и граѓанското општество треба да изготват кампањи за подигање на јавната свест, чија посебна целна група се младите мажи и возрасните мажи (во ризик). Во наставните програми во училиштата треба да се инкорпорираат едукативни содржини за деца од најмала возраст, при што ќе се стави акцент на ризиците од злоупотребата на огнено оружје и опасните содржини на интернет за семејството и пријателите. Треба да се воведат програми за медиумска писменост преку кои

ќе им се помогне на младите критички да го проценат величањето на оружјето во филмовите, музиката и видеоигрите. Партнерството со едукаторите, граѓанското општество и младинските организации може да помогне во пренесувањето на пораките на интересен и контекстуално релевантен начин. Јавните кампањи треба да се приспособат на конкретната состојба во јурисдикцијата и да се осмислат за да го спречат нормализирањето и меѓугенерациското пренесување на позитивните ставови за нелегалното огнено оружје и злоупотребата на огнено оружје.

Исто така, институциите треба да ги искористат популарните платформи и социјалните мрежи така што ќе ги обучат новинарите за практиките на одговорно известување и ќе ги вклучат инфлуенсерите и јавните личности со цел да се прошируваат поконструктивни наративи за огненото оружје, како и за машкоста, безбедноста и традицијата. Ова може да опфаќа креирање содржини заедно со почитувани локални познати лица – спортисти, религиозни водичи и уметници – со цел да се побие поврзаноста меѓу огненото оружје и силата, статусот или патриотизмот. Преку редовни предупредувања за јавноста може да се промовираат алтернативи на личната заштита со огнено оружје и да се истакнат штетните последици од злоупотребата на огнено оружје за општеството и менталното здравје. Пренесувањето пораки треба да биде конзистентно и видливо и треба да се спроведува процена на неговото влијание со цел да се овозможат долготрајни промени во однесувањето и ставовите.

## Ставање акцент на подобрување на реалната и перципираната небезбедност и на зајакнување на довербата во институциите

Големата побарувачка за огнено оружје честопати е резултат на чувството на лична небезбедност, недовербата во надлежните институции и долготрајниот страв од актуелни или минати вооружени конфликти. Надлежните органи мора да преземат проактивни мерки за зајакнување на јавната безбедност и механизмите за кривична правда, особено полициски единици што се видливи, инклузивни и реактивни на локалните поплаки. Клучно е да се инкорпорираат превентивни мерки за огнено оружје во поопштите стратегии за намалување на стапката на криминал и семејно насилство бидејќи жените и младите често ја наведуваат заштитата како главна причина за интересот за огнено оружје. Полициските единици треба да се обучат да применуваат пристапи што ги земаат предвид постојните трауми и да комуницираат со заедници во кои влијаат наследството од конфликти, социјалното исклучување или заплашувањето од криминалци.

Исто така, надлежните органи може да ги прошират и рекламираат механизми за безбедно и анонимно пријавување што им овозможуваат на жителите да ги споделат поплаките за нелегалното оружје без да се плашат од одмазда. Овие системи треба да се поддржат со тимови за брза интервенција што можат да интервенираат во случаи на закана со огнено оружје, особено во домаќинства и училишта, пред да се влоши ситуацијата. Правосудните органи мора да обезбедат конзистентна и

транспарентна примена на казните за нелегално поседување, трговија и злоупотреба на огнено оружје, дури и кога делото е извршено од лица од надлежните институции. Ако покаже непристрасност и професионализам, системот за кривична правда може да ја намали желбата за вооружување и да ја зголеми зависноста на јавноста од владеењето на законот. SEESAC може да ја поддржи оваа агенда така што ќе го олесни процесот за прекугранична обука, ќе осмисли индикатори за ризикот од огнено оружје за полицијата и ќе помогне при изготвувањето на програмите за обука што се приспособени на состојбата во регионот.

## Зајакнување и операционализација на системите за одобрување дозволи за огнено оружје од превентивна гледна точка што ги зема предвид ризиците

Процесот за одобрување дозволи за огнено оружје во Западен Балкан треба да има функција на заштитен механизам, но и на проактивна алатка за јавната безбедност чија цел е да се утврдат и исклучат високо ризичните лица. За да се постигне ова, надлежните органи може да ги надградат постојните системи така што ќе воведат задолжителни и стандардизирани процени на менталното здравје и построги безбедносни проверки, особено за лицата кои искусиле или извршиле семејно насилство, лицата кои се поврзани со криминал, лицата со ризично однесување и лицата со проблеми со менталното здравје. Исто така, може да се зајакне надзорот на приватните здравствени институции со цел да се избегнат површни или лажни процени. Механизмите за проверка треба повремено да се обновуваат со цел да се земат предвид промените во личните околности. Преку зголемување на возрасната граница за поседување огнено оружје на 25 години и земање предвид на согласноста од брачниот партнер или семејството може да се додадат дополнителни нивоа на заштита за ранливите домаќинства.

Исто толку е важен надзорот на лицата по издавањето дозвола за огнено оружје. Надлежните органи треба да воведат повремени, задолжителни теренски проверки од обучени професионалци за да се провери дали огнено оружје се чува на безбеден начин, дали имателот на дозвола сè уште е сопственик на оружјето и дали лицето е во добра физичка состојба. Овие проверки треба да се спроведуваат според јасни протоколи, а ризичните лица подетално да се проверат или да им се укине дозволата. Знаењето на локалните полициски службеници, што некогаш неформално се користи, треба формално да се инкорпорира во процесите за донесување одлуки. Исто така, базите на податоците на јурисдикциите треба да се дигитализираат, да се поврзат и да се направат интероперабилни за полицијата, правосудството и здравствените институции со цел да се овозможат податоци во реално време и автоматски предупредувања. SEESAC може да ги поддржи овие реформи така што ќе ја олесни размената на информации меѓу колегите во регионот, ќе изготви технички насоки и ќе обезбеди модули за обука со цел да се примени унифициран пристап што ги зема предвид ризиците при одобрувањето дозволи за огнено оружје низ регионот.

## Промовирање одговорни сопственици на огнено оружје и проширување на начините за легално разоружување

За да се намали достапноста на огненото оружје, особено на нелегалното оружје или оружјето што се чува на небезбеден начин, треба да се спроведуваат одржливи стратегии во заедниците кои повикуваат на доброволно разоружување и промовираат одговорни сопственици на огнено оружје. Надлежните органи треба да воведат редовни процеси за амнестија и кампањи, како и видливи теренски активности, пренесување пораки за јавноста преку медиумите и практични иницијативи како што е намалување на комуналните сметки, делумен поврат на локалниот данок или пристап до субвенционирани услуги. Како што покажуваат минатите иницијативи низ регионот, поголем успех се постигнува ако се гарантира анонимност и негонење и ако се вклучат познати лица од заедниците, локалните органи и граѓанските организации. Во регионите каде што во минатото имало конфликти и жителите немаат доверба во надлежните институции, пораки што се приспособени на локалниот контекст и теренски активности што ги земаат предвид траумите од минатото може да помогнат во надминување на скептицизмот и нормализирање на разоружувањето.

Исто така, треба да се развива култура на одговорни сопственици на огнено оружје преку едукација за јавноста и спроведување на регулативата. Службениците треба да ги прошират кампањите за безбедно чување на огненото оружје, особено во руралните области и областите со голем број на сопственици. Ова може да се спроведе преку иницијативи како што се бесплатни или субвенционирани сефови или програми за сертификација за безбедно чување на доброволна основа и преку казни како што се непланирани проверки на домот на лиценцираните сопственици. Преку овие дејства се поддржуваат нормите за јавна безбедност и им се овозможува на институциите да идентификуваат ризична состојба пред да се влоши. Треба да се примени постепено спроведување на законските рамки, при што се прави разлика помеѓу административни прекршоци (на пр. наследено, но нерегистрирано оружје) и употреба за извршување кривични дела (на пр. оружје што се користи за заплашување или напад). Преку ваков урамнотежен пристап може да се поттикне почитување на законот, без при тоа да се одвратат легалните сопственици и може да се создадат поразбирливи начини за доброволна регистрација или предавање на огненото оружје. SEESAC може да го забрза процесот така што ќе ги координира размените на најдобрите практики, ќе го поддржи изготвувањето кампањи и ќе ги следи исходите во јурисдикциите.

## Зајакнување на соработката во регионот и меѓу институциите со цел да се намали побарувачката за огнено оружје

Трговијата со огнено оружје и нелегалното поседување огнено оружје во Западен Балкан имаат транснационален карактер и не може да се разрешат

преку фрагментирани активности на ниво на јурисдикција. Надлежните органи треба да ја забрзаат транзицијата од повремена координација кон употребата на формални, институционални платформи за размена на разузнавачки информации, оперативна соработка и заедничко зајакнување на капацитетите. Усогласување на класификацијата на огненото оружје, стандардите за одобрување дозвола за огнено оружје и протоколите за регистрација се клучни за да се искоренат начини за заобиколување на постапките што ги искористуваат трговците, особено во јурисдикциите со помалку строга контрола или неконзистентно спроведување. Разликите во проверките на здравствената состојба, долната возрасна граница и теренските проверки меѓу јурисдикциите во моментов претставуваат слаби страни што може да ги искористат организирани групи за „форум шопинг“, односно практика на поднесување тужба во јурисдикцијата која најповолно ќе ја третира тужбата.

На ниво на јурисдикција, локални органи треба да ја надградат дигиталната инфраструктура за да се овозможи следење во реално време на огненото оружје во текот на целиот век на траење, почнувајќи од увозот и дистрибуцијата, па сè до вистинскиот корисник и онеспособувањето. Интероперабилните бази на податоци ќе овозможат поврзување на министерствата за внатрешни работи, царинските управи, здравствените установи, правосудните органи и телата за спроведување на законот. Редовното спроведување прекугранични симулациски вежби, работилници за размена на информации и размена на информации меѓу експерти може да ги подобри капацитетите за спроведување, но и да овозможи доверба во институциите и усогласување на политиките. Ако се оформи независен механизам за регионален надзор што ќе го следи придржувањето до заеднички стандарди и ќе објавува јасни одредници, тоа може да ја зголеми отчетноста. Координираните активности како што се оние овозможени од SEESAC може да помогнат да се сузбијат мрежите за трговија, да се отстранат слабите страни на спроведувањето и да ги заштитат напорите на ниво на јурисдикција од послабо спроведување во соседните јурисдикции.

## Искористување на онлајн медиумите и спроведување стратешки дигитални кампањи со цел да се предизвика промена на преференциите за побарувачката за огнено оружје

За да се влијае врз јавното мислење и да се намали побарувачката за огнено оружје во Западен Балкан, треба да се примени проактивна и координирана стратегија за дигиталните медиуми. Надлежните органи треба да искористат секоја можност за да склучуваат партнерства со традиционалните и дигиталните медиуми и релевантните граѓански организации за да промовираат вистинито, одговорно и несензационалистичко известување за инциденти поврзани со огнено оружје со цел борба против величањето на огненото оружје што предизвикува голема загриженост кај фокус-групите и експертите за млади. Исто така, клучно е институциите да се транспарентни и да се спроведе обука за медиумите. Треба да се воспостави комуникација со социјалните мрежи за да се ограничат содржините преку кои се

фетишизира употребата на огнено оружје, особено кај адолесцентите. Треба да се воспостави соработка со локалните самоуправи, граѓанското општество и креаторите на дигитални содржини – вклучувајќи ги и музичарите, стримерите и софтверските инженери на видеоигри – за да се изготват пораки против насилство и да се истражат кои насоки одлучиле да ги следат во однос на претставувањето на огненото оружје во забавните содржини. Треба да се зајакнат и протоколите за комуникација во кризна ситуација, што се применуваат по престрелки од висок профил) со цел да се преземат превентивни мерки за дезинформации, да се минимизираат ризиците од лажни дојави и да се пренасочи вниманието кон ресурсите за превенција.

Исто така, во програмите на институциите и донаторите треба да се инкорпорираат долгорочни дигитални кампањи преку кои се разјаснуваат забуните на жителите во врска со поседувањето легално и нелегално огнено оружје и ќе се нормализира доброволното предавање. Овие напори не треба да опфаќаат само активности за интервенција во кризни ситуации, туку треба и да овозможат постојано пренесување пораки преки кои се нагласува одговорното поседување огнено оружје и се истакнуваат ризиците од злоупотребата на огнено оружје, особено за домаќинствата и младите. Податоците од анкетата и фокус-групите покажуваат дека стравот од криминал, личната небезбедност и чувствувањето „машка должност" може да ја поттикнат побарувачката, додека жителите недоволно ги разбираат законите. Кампањите мора да се приспособат за да се земат предвид овие динамики, при што може да се инкорпорираат податоците од социјалното слушање и бихевиоралното истражување. Пораките треба да се упатени до младите, да бидат допрат до младите и да се шират преку популарните платформи како што се Тикток, Инстраграм и Јутјуб на јазик што се користи во локалниот контекст. Во комбинација со локални иницијативи и едукација во училиштата, стратешките дигитални кампањи може да предизвикаат промена на нормите и намалување на побарувачката со текот на времето.

*Анекс 1.*

# Преглед на избраните хипотези за побарувачката за огнено оружје

| ***Хипотеза за побарувачката*** | ***Механизам*** | ***Исход*** | ***Коментари*** |
|---|---|---|---|
| Перцепциите за висок степен на небезбедност ја зголемуваа побарувачката за огнено оружје | Желбата за поголема безбедност, лична заштита и заштита на семејството, домот и имотот ја поттикнува набавката/поседувањето легално и/или нелегално огнено оружје. | Да | Податоците од анкетата и фокус-групите укажуваат дека чувството на небезбедност е главна мотивација во јурисдикциите, особено онаму каде што постои ниска доверба во институциите (Албанија, Косово, БиХ). |
| Искуството со виктимизација ја зголемува побарувачката за огнено оружје | Желбата да се спречи повторна лична виктимизација и виктимизација на семејството или другите лица ја поттикнува набавката/поседувањето легално и/или нелегално огнено оружје. | Да | Податоците од анкетата и фокус-групите покажуваат дека жените и младите ги наведуваат личната траума и семејното насилство како фактори што се поврзани со побарувачката за огнено оружје. |
| Нормите поврзани со машкоста ја зголемуваат побарувачката за огнено оружје | Желбата да се задоволат потребите за влијателност, статус или замислата за тоа што претставува „машкост“ ја поттикнува набавката/поседувањето легално и/или нелегално огнено оружје | Да | Податоците од анкетите, фокус-групите и интервјуата со засегнатите чинители ја потврдуваат оваа изјава во сите јурисдикции: улогата на заштитник и меѓугенерациските очекувања ја поттикнуваат побарувачката. |
| Традиционални обичаи се поврзани со поседувањето огнено оружје, кое влијае врз побарувачката | Желбата за доследно исполнување на предоминантните норми и очекувања ја поттикнува набавката/ поседувањето легално и/ или нелегално огнено оружје (вклучувајќи ги и употребата за време на прослави и желбата за независност). | Да | Податоците од анкетите, фокус-групите и интервјуата покажаа во културата постои голема наклонетост кон огненото оружје (особено за ловење) и му се продава симболично значење (особено во БиХ и Црна Гора). |
| Ловењето за издршка може да влијае врз побарувачката за огнено оружје | Врз желбата за огнено оружје може да влијаат животните потреби, особено во однос на залихите од ловење. | Делумно | Податоците од анкетите и фокус-групите откриваат дека ловењето е главната мотивација, иако обично се практикува како рекреативна активност, а не за издршка. |

| ***Хипотеза за побарувачката*** | ***Механизам*** | ***Исход*** | ***Коментари*** |
|---|---|---|---|
| Лесната достапност на огненото оружје ја зголемува побарувачката | Конзистентната желба за и пониската цена на огненото оружје (поради лесната достапност) придонесува за набавката/поседувањето легално и/или нелегално огнено оружје | Делумно | Иако причинско-последичната врска во оваа изјава е сложена, непроверени докази посочуваат дека достапноста на залихите останати од војната и несоодветното спроведување на законите ја поттикнуваат побарувачката, особено на недозволените пазари. |
| Строгите закони за огнено оружје ја намалуваат побарувачката за легално оружје | Растечките трошоци за набавка на огнено оружје што се наложени преку правила и прописи што се спроведуваат може да го намали дополнителниот број на сопственици на легално оружје | Не нужно | Доказите од статистичката анализа покажуваа дека строгите закони може да го намалат штетното влијание на побарувачката за огнено оружје, но не нужно го намалуваат бројот на сопственици во јурисдикциите |
| Законите за огнено оружје и интервенциите може да влијаат врз виктимизацијата | Воведувањето и спроведувањето на законите за одобрување дозволи и поседување огнено оружје може да предизвикаат опаѓање на стапката на одредени форми на виктимизација | Да | Анализата на административните податоци покажува дека постои општ пад на стапката на убиства, самоубиства и други видови на кривични дела поврзани со огнено оружје по воведување реформи. Треба да се спроведе подетална статистичка анализа за да се утврдат вистинските причини. |
| Директивите на ЕУ ја зголемуваат побарувачката за одредени категории на огнено оружје | Можно е усогласувањето на законодавството за огнено оружје со директивите на ЕУ за огнено оружје во кои се забранува употреба на огнено оружје од категорија А да придонесуваат за зголемување на бројот на набавки на огнено оружје од категорија B.[61] | Нема доволно докази | Иако теоретски е возможно, нема доволно податоци во регионот да се потврди ова тврдење. Потребно е да се спроведе дополнителна анализа. |

**61** Во согласност со Директивата на ЕУ за огнено оружје (2017 година), огненото оружје се класифицира во категорија A, B и C. Набавката на огнено оружје од категорија A е забранета, освен за одредени лица. За набавка на огнено оружје од категорија B е потребно „овластување“. А, сопствениците на огнено оружје од категорија C треба да се регистрираат, но не им е потребно овластување. Под огнено оружје од категорија A спаѓаат сите автоматски и полуавтоматски пушки и пиштоли со магазини што примаат повеќе од 10 (за пушките) и 20 (за пиштолите) куршуми.

| ***Хипотеза за побарувачката*** | ***Механизам*** | ***Исход*** | ***Коментари*** |
|---|---|---|---|
| Масовна престрелка може да резултира со намалување на побарувачката за огнено оружје | Менталниот и емоционалниот шок од масовни престрелки може да ја намали желбата за огнено оружје и да ги зголеми цените ако се проследени со законски ограничувања.[62] | Делумно | Според интервјуата со фокус-групите, привремениот прекин во издавањето дозволи за огнено оружје и критиките од јавноста резултирале со намалена продажба по престрелката во Србија во 2023 година. Треба да се спроведе подетална анализа за да се потврди дали ова е вистина. |
| Новите технологии, како што е 3Д печатењето може да ја зголемат побарувачката | Децентрализираното производство на огнено оружје и посебни делови и компоненти може многу да ги намали трошоците (вистински и општо гледано) и да ја зголеми побарувачката | Нема доволно докази | Нема јасни докази во регионот за да се потврди ова тврдење, но вреди да се посвети внимание на овој нов ризик |
